# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 6**<br><br>**25.05.2023** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М “бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 ; и 209/18) и )(Службен весник на РСМ“ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 и 173/22) , и член 14 став 1,точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( " Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10 ; 12/10 , 08/14 ; 02/18 ; 03/19 , 08/21 , 01/23 и 05/23 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 25 – та седница одржана на ден 22 . 05 . 2023 година , донесе :

## О Д Л У К А

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I квартал за 2023 година**

**Член 1**

Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за I квартал за 2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето , а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр . 09 – 2379/3**
**22 . 05 . 2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за IV квартал за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за IV квартал за 2022 година,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 4**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ( „ Службен весник на Р.М “бр.05/2002) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на РМ “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16) и („ Службен весник на РСМ“бр. 151/21) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка („ Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18 , 03/19 , 08/21 ,01/23 и 05/23 ) ,Советот на Општина Крива Паланка на 25-та седница одржана на 22.05.2023 година, донесе :

## О Д Л У К А

### За проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2023 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година , на следноит начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните подставки :

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходна година | 2.428.034 | 16.030.297 | 0 | 0 |
| 742114 Приходи од Европската унија | 0 | 0 | 920.000 | 0 |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 10.302 | 0 |
| | **2.428.034** | **16.030.297** | **930.302** | **0** |

и се распрерадуваат на следните расходни подставки:

| | САМОФИНАН | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **J80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | |
| 425990 – Други договорни услуги | 0 | 0 | 615.000 | 0 |
| **JN0 УРБАНА ОПРЕМА ( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ )** | | | | |
| 480190 – Купување ба друга опрема | 0 | 0 | 305.000 | 0 |
| **К30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 423110 – Канцелариски материјали | 6.294 | 0 | | |
| 423720 – Материјали за разни поправки | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423810 – Ситен инвентар | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 – Други материјали | 25.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 – Услуги за копирање , печатење и издавање | 25.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 – Други договорни услуги | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 – Расходи за репрезентација | 5.000 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 426990 – Други оперативни расходи | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| **КА0 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛ. РАСХО.)** | | | | |
| 480190 – Купување на друга опрема | 500.000 | 0 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 – Патување во земјата – патни расходи | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 – Електрична енергија | 30.000 | 200.000 | 0 | 0 |
| 421220 – Дрва | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 421240 – Течни горива | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 |
| 421410 – Горива и масла (моторни возила ) | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 423190 – Други административни материјали | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423310 – Униформи | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423410 – Прехрамбени продукти и пијалаци | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423610 – Наставно образовни помагала | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 424420 – Поправки и одржување на софтверска и хадверска опрема | 0 | 72.000 | 0 | 0 |
| 424440 – Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 424510 – Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425490 – Други здравствени услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425750 – Услуги за вонучилишни образовни активности | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425760 – Превозни услуги во образованието | 50.000 | 1.100.000 | 0 | 0 |
| 425920 – Услуги за копирање ,печатење и издавање | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425990 – Други договорни услуги | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 – Расходи за репрезентација | 30.000 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426310 – Семинари и коференции | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 – Објавување на огласи | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 – Други оперативни расходи | 20.000 | 411.022 | 0 | 0 |
| 464990 – Други трансфери | 0 | 75.000 | 0 | 0 |
| 482910 – Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 482930 – Реконструкција на други објекти | 0 | 4.311.777 | 0 | 0 |
| 482940 – Надзор над изградба | 0 | 34.000 | 0 | 0 |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 – Основни плати други вработени | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 401310 – Персонален данок на доход од плата | 0 | 3.000 | 0 | 0 |
| 402110 – Основни придонеси за ПИО | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 402210 – Основни придонеси за здравство | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 420110 – Патување во земјата – хранарина ( дневница ) | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420120 – Патување во земјата – патни расходи | 10.000 | 10.000 | 0 | 0 |
| 420130 – Патување во земјата - сместување | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 421110 – Електрична енергија | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 – Телефон и телефакс | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421410 – Горива и масла ( моторни возила ) | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423120 – Списанија ,весници и други изданија за користење од вработени | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423190 – Други административни материјали | 10.148 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423610 – Наставно – образовни помагала | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 424210 – Одржување на згради | 30.000 | 260.000 | 0 | 0 |
| 424440 – Поправки и одржување на друга опрема | 30.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424510 – Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 424590 – Одржување на други зелени површини | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 425760 – Превозни услуги во образованието | 100.000 | 2.000.000 | 0 | 0 |
| 425920 – Услуги за копирање ,печатење и издавање | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 425990 – Други договорни услуги | 50.000 | 50.000 | 10.302 | 0 |
| 426210 -Расходи за репрезентација | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 – Семинари и коференции | 22.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 – Објавување на огласи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 426990 – Други оперативни расходи | 30.000 | 10.000 | 0 | 0 |
| 464990 – Други трансфери | 0 | 110.000 | 0 | 0 |
| 480190 – Купување на друга опрема | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 482910 – Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 482930 – Реконструкција на други објекти | 0 | 2.507.104 | 0 | 0 |
| 482940 – Надзор над изградба | 0 | 12.000 | 0 | 0 |
| 485710 – Книги за библиотеки и учебници | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| **NA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480190 – Купување на друга опрема | 50.131 | 0 | 0 | 0 |
| 483110 – Купување на канцелариски мебел | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 483120 – Купување на училишен мебел | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 420120 – Патување во земјата – патни расходи | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420130 – Патување во земјата - сместување | 15.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421310 – Пошта | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423110 – Канцелариски материјали | 0 | 24.394 | 0 | 0 |
| 423610 – Наставно – образовни помагала | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423710 – Средства за одржување на хигиена | 20.461 | 0 | 0 | 0 |
| 423720 – Материјали за разни поправки | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423810 – Ситен инвентар | 54.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 – Други материјали | 80.000 | 50.000 | 0 | 0 |
| 424110 – Поправки и сервисира на лесни возила ( резервни делови,гуми..) | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 – Одржување на згради | 300.000 | 250.000 | 0 | 0 |
| 424420 – Поправки и одржување на хартверска и софтверска опрема | 40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 – Поправки и одржување на друга опрема | 50.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425490 – Други здравствени услуги | 15.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425920– Услуги за копирање ,печатење и издавање | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425970 – Консултански услуги | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 – Други договорни услуги | 150.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426210 – Расходи за репрезентација | 40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 – Семинари и коференции | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 – Објавување на огласи | 80.000 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 – Други оперативни расходи | 40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 480140 – Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 60.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 480160 – Купување на опрема за греење и климатизација | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 480190 – Купување на друга опрема | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 483190 – Купување на друг мебел | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| **VA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 480190 – Купување на друга опрема | 5.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **2.428.034** | **16.030.297** | **930.302** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка и станува составен дел на Буџетот за 2023 година.

**Бр. 09 – 2379/5**
**22.05.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 6**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.5/2002), одредбите од Законот за Управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл.Весник на Р.Македонија бр.6/12,163/13,146/15 и 39/16), одредбите од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12.....99/18), и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 ,01/23 и 05/23 ) а во врска со Договорот за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Крива Паланка бр.08-2816/1 од 19.07.2022 година и ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје бр.0307-117/1 од 19.07.2022 Советот на Општина Крива Паланка на 25-тата седница одржана на 22.05.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

**За отстапување на Е-Отпад на општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност со електронскиот и електричниот отпад на општина Крива Паланка кој е расходуван и се наоѓа во просториите на општина Крива Паланка да располага наведената фирма за електронски отпад.

**Член 2**

Согласно одредбите од Договорот за меѓусебна соработка склучен помеѓу Општина Крива Паланка и ЕЛКОЛЕКТ ДОО од Скопје, се задолжува ЕЛКОЛЕКТ да ја преземе расходуваната електронска и електрична опрема.

**Член 3**

Расходуваната електронска опрема се состои од печатар (1), компјутер (4), телефон (1) фрижидер (1) и полнач за Р/С единечен (1), Р/С единечен (1), рачна пила (1), бонсек (1).

**Член 4**

Расходуваната опрема на конто 02260 - електронска, сметачка и др.опрема има набавна вредност 212.476,00 денари со исправка на вредноста 212.476,00 денари и сегашна вредност 0,00 денари, на конто 02270 - канцелариски намештај и др.опрема опремата што се расходува има набавна вредност од 14.904,00 денари со исправка на вредност 14.904,00 денари и сегашна вредност 0,00 денари. на конто 02286 - ПП опрема и ПП апарати опремата што се расходува има набавна вредност од 2,00 денари со исправка на вредност 2,00 денари и сегашна вредност 0,00 денари и на конто 3620 –ситен инвентар во вредност од 1614,00 денари.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Крива Паланка.

**Број 09-2379/7**
**22.05.2023 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**

1.Се објавува Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка

на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/8**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на Република Македонија бр.28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13) и член 36 став 1 точка 1, член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Република Македонија бр. 5/2002) ,член 14 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21, 01/23 и 05/23) и Одлуката за Усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршен редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2022 год. со број 09-357/1 од 23.01.2022 Советот на Општина Крива Паланка на 25-тата седница одржана на 22.05.2023 донесе:

**О Д Л У К А**

**За искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема**

**Член 1**

Средствата кои се отстапени на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје без надомест да бидат искнижени од деловните книги на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Книговодствената вредност на расходуваната опрема

- на конто 02260 - електронска, сметачка и др.опрема има набавна вредност 212.476,00 денари со исправка на вредноста 212.476,00 денари и сегашна вредност 0,00 денари, за искнижување ќе се употреби книжење 02926/02260,
- на конто 02270 - канцелариски намештај и др.опрема опремата што се расходува има набавна вредност од 24.786,00 денари со исправка на вредност 22.069,00 денари и сегашна вредност од 2.716,00 денари за искнижување ќе се употреби книжење 02927/02270,
- на конто 02286 – ПП опрема и ПП апарати опремата што се расходува има набавна вредност 11060,00 денари со исправка на вредноста 11060,00 денар и сегашна вредност 0 денари, за искнижување ќе се употреби книжење 02921/02286

Опремата што се расходува на конто 02260, 02270 и 02286 има сегашна вредност од, 0,00 денари, 2.716,00 денари и 0,00 денари или вкупно 2.716,00 денари.

Расходуваниот ситен инвентар во вредност од 8.664,00 денари да се искнижи од книговодствената евиденција со книжењата 3650/3620.

## Член 3

Опремата што се отпишува е дадена по спецификација како што следи:

**Спецификација на расходувана опрема и ситен инвентар**

| Одделение | Конто | Опис | Инв. број | бр. | Набавна | Исправка | Сегашна | Датум на набавка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд.за комунални работи | 02260 | Компјутер ЛЦД 19 асус | 00447 | 1 | 45940 | 45940 | 0 | 20,11,2008 |
| Одд.за инспекциски надзор | 02260 | Компјутер ПЦ | 00676 | 1 | 47261 | 47261 | 0 | 13,03,2012 |
| Одд.за човечки ресурси | 02260 | Компјутер ЛЦД 19 асус | 00451 | 1 | 45940 | 45940 | 0 | 20,11,2008 |
| Одд.за човечки ресурси | 02260 | Компјутер | 00555 | 1 | 57856 | 57856 | 0 | 26,11,2010 |
| Одд.за урбанизам | 02260 | Печатар | 00261 | 1 | 15480 | 15480 | 0 | 01,01,2007 |
| | | | | | **212476** | **212476** | **0** | |
| Одд.за урбанизам | 02270 | Стол 68а хром црн | 00765 | 1 | 9878 | 7161 | 2716 | 09,04,2014 |
| ТППЕ | 02270 | Масиче за телевизор | 00331 | 1 | 2 | 2 | 0 | 01,01,2007 |
| ТППЕ | 02270 | Клуб фотеља | 00332 | 1 | 2 | 2 | 0 | 01,01,2007 |
| ТППЕ | 02270 | Клуб фотеља ф-52 | 00336 | 1 | 2 | 2 | 0 | 01,01,2007 |
| ТППЕ | 02270 | Фрижидер мидеа донација мировен корпус | 00670 | 1 | 8887 | 8887 | 0 | 23,12,2011 |
| ТППЕ | 02270 | Телефон Панасоник КЏ-ТГ 7302 | 00476 | 1 | 6017 | 6017 | 0 | 10,06,2009 |
| | | | | | **24786** | **22069** | **2716** | |
| ТППЕ | 02286 | Половно противпож. Возило Рено-Белгиска донација | 00461 | 1 | 11055 | 11055 | 0 | 01,01,2008 |
| ТППЕ | 02286 | ПП секирчиња | 00296 | 13 | 2 | 2 | 0 | 01,01,2007 |
| ТППЕ | 02286 | ПП клинови | 00297 | 13 | 2 | 2 | 0 | 01,01,2007 |
| ТППЕ | 02286 | Полнач за Р/С единечен | 00279 | 1 | 2 | 2 | 0 | 01,01,2007 |
| | | | | | **11060** | **11060** | **0** | |
| | | | | **Вкупно** | **248322** | **245605** | **2716** | |
| **Ситен инвентар** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Тесла со рачка | 132 | 1 | 606 | | 606 | 28,09,2012 |
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Рачна пила | 211 | 2 | 1114 | | 1114 | 31,12,2015 |
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Бонсек | 213 | 1 | 500 | | 500 | 31,12,2015 |
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Казма | 237 | 3 | 2124 | | 2124 | 31,10,2016 |
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Лопата со рачка | 276 | 2 | 700 | | 700 | 19,11,2019 |
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Коса | 277 | 1 | 1250 | | 1250 | 19,11,2019 |
| Одд.за општи правни раб. | 3620 | Копач со рачка | 281 | 2 | 1700 | | 1700 | 19,11,2019 |
| Одд.за финансиски прашања | 3620 | Хефт машинка | 24 | 1 | 120 | | 120 | 31,12,2009 |
| Одд.за урбанизам | 3620 | Хефталица | 103 | 1 | 200 | | 200 | 02,02,2011 |
| Одд.за урбанизам | 3620 | Хефталица | 261 | 1 | 350 | | 350 | 18,02,2019 |
| | | | **Вкупно** | | **8664** | **0** | **8664** | |
| | | | Тотал | | **494248** | **480151** | **14097** | |

**Број 09-2379/9** **Совет на Општина Крива Паланка**
**Дата 22.05.2023** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема**

1.Се објавува Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/10**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (30) од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.08/10,12/10, 08/2014, 02/18, 03/19, 08/21 , 01/23 и 05/23), а согласно член 3 став (2) и член 21 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНА СТВАР БЕЗ НАДОМЕСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ се дава право на користење на недвижна ствар – дел од зграда лоцирана на ул.„Маршал Тито“ бр.30 на КП бр.1749 зг.бр.1 намена на зграда Б4-3 влез 3 кат-приземје намена на посебен дел од зграда ДП со површина од 107м2 видно од Имотен Лист бр.8694 КО Крива Паланка, сопственост на Општина Крива Паланка.

Право на користење на предметната надвижна ствар се дава без надомест за определен временски период од 15 (петнаесет) години.

.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на недвижната ствар опишана во член 1 од оваа Одлука ќе бидат уредени со Договор за давање право на користење на недвижен имот, склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Крива Паланка и Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ .

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-2379/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.05.2023 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест**

1.Се објавува Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест, што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/12**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 102 став 1 точка 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), член 15 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом„ Академик Проф.Д-р Димитар Арсов „Крива Паланка и член14 став1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен гласник на ОпштинаКрива Планка“ бр. . 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 , 01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка, на седницатаодржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка**

1.Се разрешува Елена Цветковска од член во Управниот одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка поради зврвшување на мандатот .

2.Оваа Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“ .

**Бр.09- 2379/13**
**22.05.2023год**
**Крива Планка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за разрешување на член на Управен одбор во**

**ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка**

1.Се објавува Решение за разрешување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка , што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/14**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 100 став 3 и 101 став 1 точка 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), член 16 од Статутот на ЈЗУ Здравствен дом„Академик Проф.Д-р Димитар Арсов „ Крива Паланка и член14 став1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен гласник на ОпштинаКрива Планка“ бр. . 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21,01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка, на седницатаодржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка**

1.За член во Управниот одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка се именува:

- Д-р Роберт Николовски

2.Оваа Решение влегува на сила со денот на донесување а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“ .

**Бр.09-2379/15**
**22.05. 2023 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за именување на член на Управен одбор во**

**ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка**

1.Се објавува Решение за именување на член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка , што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/16**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 10 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21, 01/23 и 05/23 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА НА ОУД „БОРО МЕНКОВ“ КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУД „Боро Менков“ Крива Паланка

Член 2

Годишниот План за вработување за 2024 година на ОУД „Боро Менков“ ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09-2379/17**
**22.05. 2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ОУД,,Боро Менков’’Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ОУД,,Боро Менков’’Крива Паланка,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 18**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 117 став 1 точкам 8 од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 14 точка 39 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен Гласник на Општина Крива Паланка„ бр. бр.08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21,01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка Крива Паланка**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се дава согласнот на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка Крива Паланка бр.02-91/4 од 19.04.2023 година на Управниот одбор на ОУЈДГ Детелинка .

**Ч л е н 2**

Оваа оддлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 2379/19**
**22.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка Крива Паланка,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 20**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа (.. Службен весник на РМ

бр. 05/2002) и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка'' бр.08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 ,01/23 и 05/23),а во врска со Повик за финансирање на техничка документација од УНДП Северна Македонија од19.04.2023 година , Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 22.05.2023 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за аплицирање на проектот**
**„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за аплцирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти „,за обезбедување на финасиска помош во изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамки на Фондот за техничка документација спроеведен од УНДП и Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Општина Крива Паланка ќе обезбеди кофинасирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација и ќе ги покрие сите трошоци кои евентуално би се јавиле над максималната вредност на грантот.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,службен гласник на Општина Крива Паланка ''.

**бр. 09-2379/21**
**22.05.2023 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за аплицирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„**

1.Се објавува Одлука за аплицирање на проектот„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„ ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 22**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02),член 62 од Закон за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/2020) и член 14 став 1 точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 и 05/23 ),по предлог на Градоначалникот , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана одржана на 22.05.2023 година донесе

**ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА**

**СОСТАВЕН ДЕЛ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА**

**ОД ДУП ЗА „ДЕЛ 1“ ОД УРБАН БЛОК 11**

**КО КРИВА ПАЛАНКА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка донесе план за парцелација, составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели на ГП1.6 делови од (КП3784/1, КП3783, КП3782, КП3781, КП3780/5, КП3780/4, КП3780/1) од ДУП за „дел 1“ од Урбан Блок 11 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка со технички број 04-12/2023 од април 2023 година изработен од ДПИГК„Параметар“ ДООЕЛ-Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 2379/23**
**22.05 2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за донесување на план за пацелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за ,,Дел1”од урбан блок 11 КО Крива Паланка,Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за донесување на план за пацелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за ,,Дел1”од урбан блок 11 КО Крива Паланка,Општина Крива Паланка „ ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 24**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 62 а во врска со член 55 став1 точка 4 и член 61 став 2 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 14 став1 точка 39 од Статутот на Општината Крива паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 и 05/23), Советот на Општината Крива Паланка, на седницата одржана на **22.05.2023** година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Крива Паланка

Член 1

(1) Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Крива Паланка, за:

- Поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на патот-улицата;
- Приклучување на пристапен пат до општински пат или улица;
- Поставување на инсталации во трупот на патот - улицата и во патниот појас;
- Изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап до општински пат или улица надвор од населено место;
- Прекумерно користење на пат - улици;
- Вонреден превоз; и
- Штета сторена на патот - улицата и објектите на патот - улицата

Член 2

За одобрување за поставување натписи, рекламни објекти и рекламни табли во заштитниот појас, за поставување на инсталации во заштитниот појас, за поставување на заштитни огради и заштитни столбчиња покрај општинските патишта и улици, за вонреден превоз и за прекумерно користење на пат се поднесува барање до Општината, Општината е должно во рок од 15 дена да одговори по истото,

(2) За издавање на одобрувањата од ставот (1) на овој член, општината води евиденција.

**I.Надоместок за поставување на натписи, рекламни објекти и рекламни табли**

Член 3

Натписи и рекламни табли може да се поставуваат во заштитниот појас на општинските патишта и улици само со дозвола за нивно поставување.

Член 4

За поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта и улици во општина Крива Паланка се плаќа годишен надоместок (12 месеци).

Надоместокот од став 1 на овој член во зависност од видот и големината на натписот и рекламната табла изразена во м$^2$, изнесува: (за позициите кои не се опфатени со одлуката бр.09767/37 од 14.03.2022 год)

| Вид на рекламни табли и натписи | Големина | Цена по локација (денари/месец) |
|---|---|---|
| | мах/парче | |
| Рекламни знамиња - јарболи | до 12м$^2$ | 200,00 |
| Рекламни платна на градежни скелиња и објекти | до 60 м$^2$ | 150,00 |
| Рекламни столбови - тотеми | до 6м$^2$ | 500,00 |
| Осветлена рекламна витрина - City light | до 3м$^2$ | 500,00 |
| Големо рекламно пано како ограда на градилиште или на земјиште што не е приведено кон намена | до 12м$^2$/табла | 300,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Реклами на бандери за улично осветлување | до 3м$^2$ | 150,00 |

Член 5

Обврска за плаќање на надоместокот од член 2 на оваа Одлука не ја исклучува обврската за плаќање на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, во висина утврдена во Одлуката за утврдување на висина на комунална такса во Општина Крива Паланка.

Член 6

Дозволата за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на патот се издаваат врз основа на Барање за добивање на дозвола за поставување на натписи и рекламни табли со приложена техничка документација.

Барањето од став 1 на овој член содржи:

- податоци на подносителот на Барањето на дозволата;

- локацијата каде што натписот и/или рекламната табла се бара да биде поставена;

-техничка скица од која се гледа изгледот, содржината, боите и димензиите на натписот и/или рекламната табла и

- колкава е површината / големината на натписот и рекламната табла изразена во м$^2$
временски период за кој ќе биде поставен натписот и рекламната табла

- растојанието на рекламната табла од патниот појас, мерено од крајниот раб на таблата

По поднесување на Барањето се врши теренски увид за одредување на локацијата и условите за поставување на рекламната табла или натпис, за што се составува записник за поставување со точна стационажа на патот.

Член 7

Барањето од член 6 од оваа Одлука со целокупната документација се разгледува од страна на надлежните служби во општината Крива Паланка, заради утврдување на условите за негово прифаќање.

Член 8

Рекламните табли или натписи се поставуваат така што местоположбата, изгледот и содржината не треба да пречи на поставената вертикална сигнализација на патот, прегледноста на патот или да влијае на безбедноста на сообраќајот на патот.

Рекламните табли или натписи не треба да бидат осветлени и нивните бои да не се рефлектирачки и слични на боите на сообраќајните знаци и знаците за водење на сообраќајот.

При поставувањето на рекламните табли или натписи подносителот на барањето односно изведувачот не може да го зафаќа патот и патниот појас со градежен материјал и механизацијата за работа, или да ја оштети заштитната жичана ограда и опремата на патот.

Член 9

Во заштитниот појас на општинскиот пат надвор од населено место може да се поставуваат натписи и рекламни табли на оддалеченост од најмалку 5 метра, сметајќи од крајната точка на патниот појас, без да ја попречуваат прегледноста и да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот, само врз основа на претходно одобрување од Општината.

Во патниот и заштитниот појас на општинскиот пат во населено место можат да се поставуваат рекламни објекти без да ја попречуваат прегледноста и да ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот само врз основа на претходно одобрување од Општината.

Во одобрувањето од ставовите (1) и (2) на овој член се наведуваат условите за поставување на натписи и рекламни табли, надоместокот за поставување и користење на истите, како и условите за нивното отстранување.

Доколку правното или физичкото лице сопственик или корисник на рекламните објекти не ги отстрани или премести рекламните објекти на барање на Општината, Општината истите ќе ги отстрани на сметка на правното или физичкото лице сопственик или корисник на рекламните објекти и рекламните табли.

Член 10

Поставувањето на рекламните табли или натписи се врши во согласност со условите пропишани во добиеното одобрување. Во случај на нивно непочитување и отстапување се поведува постапка за запазување на утврдените услови со дозволата или дозволата се одзема.

Контрола врз поставувањето на рекламната табла или натпис во согласност со дозволата, врши одделението за инспекциски надзор.

**II.Надоместок за приклучување на пристапен пат до општински пат и улица**

Член 11

Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на општинските патишта и улици или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до општински пат и улици врз основа на одобрение издадено од Општината.

Барањето за изградба на пристапен пат содржи:

- податоци за барателот;

- доказ за сопственост на објектот или доказ за пренесено право на користење на објектот за кој се бара одобрение и

- сообраќајниот проект со приложено решение и извод од важечкиот урбанистички план (проект) со конкретна намена на локацијата.

Кон барањето барателот приложува и:

- согласност за пристапен пат од Министерството за внатрешни работи;

- решение за утврден режим на сообраќај;

- доказ за платен надоместок за издавање на одобрение за пристапен пат;

- причините заради кои е прекинат легален пристапен пат до наведените објекти, со приложена комплетна документација и

- при изградба на пристапен пат од концесионо поле до општински пат и улица договор за концесија од Министерство за економија.

Член 12

Пред издавање на одобрението се врши теренски увид за состојбата за што се составува записник, во присуство на овластено лице на подносителот на Барањето.

Член 13

Изградбата на пристапниот пат се врши во согласност со одобрението од член 11 на оваа одлука.

Увидот во исполнувањето на условите од одобрението се врши од страна на стручно лице на Општина.

Член 14

Надоместок за приклучување на пристапен пат до општински пат и улица изнесува 6000,00 денари.

Корисникот надоместокот го плаќа во постапката за добивање на одобрение за изградба на пристапен пат до општински пат и улици.

**III.Надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас**

Член 15

“Јавни површини и отворени простори на јавни објекти“ се улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, аеродроми, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, , градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти (стадиони, хиподроми, стрелишта), јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти;

Член 16

Во случаите кога отстранувањето на дефектот на водоснабдителниот и канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата е должен претходно да прибави одобрение за раскопување од органот надлежен за издавање на одобрение за градење.

Доколку дефектот на водоснабдителниот и канализациониот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата го врши веднаш без да прибави одобрение од ставот (1) на овој член, но за преземените мерки писмено го известува органот надлежен за издавање на одобрение за градење.

По завршување на работите од ставовите (1) и (2) на овој член, давателот на услугата е должен улицата, коловозот, јавната или зелената површина да ги доведе во првобитна состојба.

Отстранувањето на дефектот на водоснабдителниот и канализациониот систем во областа определена како природно наследство согласно со закон, се врши по претходно прибавено одобрение од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина.

Член 17

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас е одредена со Програма за уредување на градежно земјиште и изнесува:

-за подземни линиски инсталации во урбан дел е 180 ден/м’,

-за подземни линиски инсталации надвор од урбан дел е 60 ден/м’

Член 18

Поставувањето на инсталации во трупот на патот и во патниот појас можат да се постават врз основа на поднесено барање за одобрение согласно техничка документација до Општината.

Кон барањето се доставува :

1. Техничка документација согласно закон

2. Одобрение за градење ( правосилно );

**IV.Изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап до општински пат или улица надвор од населено место**

Член 19

Висината на надоместокот за издадено одобрение за изградба и користење на комерцијални објекти на кои им е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место изнесува 10.000 денари

Одобрението за изградба и користење на комерцијални објекти на кои им е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место го издава Градоначалникот на општина Крива Паланка.

**V.Надоместокот за прекумерно користење на пат**

Член 20

За прекумерно користење на општински пат или негов дел се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарни возила на општинските патишта и улици во Општина Крива Паланка, од страна на прекумерни корисници.

Прекумерни корисници се субјекти кои користат возила и машини со поголема вкупна тежина од 10 тони на овие патишта.

За издадено одобрение за прекумерно користење на општински пат или улица се наплаќа надоместок чија висина се разликува во зависност од тоа дали прекуменото користење е од времен или траен карактер и тоа:

**Можи да се додаде ова:**

- за прекумерно користење од времен карактер .......600 ден по поминат километар на ден и
- за прекумерно користење од траен карактер ........400 ден по поминат километар на ден и

**VI.Надоместок за вонреден превоз**

Член 21

Одобрение за вонреден превоз се издава врз основа на Барање за добивање на одобрение за вонреден превоз доставено до Општина од страна на превозникот со потребна техничка документација.

Барањето од став 1 на овој член содржи :

- податоци за подносителот на барањето со адреса на правното лице;

- релација на вонредниот превоз (почетна и крајна дестинација и патните правци по кои ќе се одвива вонредниот превоз)

- марка на возилото и регистарски број за кое се издава дозволата;

- видот на товарот кој е заведен за превоз со возилото;

- почетниот и крајниот датум за кој се бара дозвола за вонредниот превоз и

- за возила со вонгабаритен товар, конструктивна анализа за пресметка на карактеристични влијанија на возила со вангабаритен товар со носивоста на мостовските конструкции.

Кон Барањето превозникот приложува скица на моторното возило заедно со приколката/полуприколката, со внесени вкупни димензии (должина, ширина, висина и тежина на товарното моторно возило заедно со товарот), со означени растојанија меѓу оските на моторното возило и растојание меѓу оските на приколката/полуприколката како и фотокопии од сообраќајните дозволи за моторното возило и за приколката/полуприколката и доказ за извршена уплата за издавање на одобрение и наплатена административна такса за вонреден превоз.

Општина Крива Паланка му издава на барателот одобрение за вонреден превоз на општинските патишта и улици на територијата на Општина Крива Паланка.

Член 22

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува во зависност од пречекорување на дозволените димензии на возилото: должина, ширина и висина.

- ако возило, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар ја пречекорува дозволената должина се плаќа; 200,00 ден./км
- ако возило, приклучно возило и збир на возила,празно или заедно со товар ја пречекорува дозволената ширина се плаќа; 200,00 ден./км
- ако возило, приклучно возило и збир на возила, празно или заедно со товар ја пречекорува дозволената висина се плаќа; 200,00 ден./км

Член 23

Доколку возилото само или заедно со приклучното возило ја пречекорува вкупната дозволена маса пропишана со посебен пропис, надоместокот се плаќа за секој пречекорен тон:

| | |
|---|---|
| - под 7 тони | - 100,00 ден./км |
| - од 7 до 20 тони | - 150,00 ден./ км |
| - од 20 до 40 тони | - 200,00 ден./ км |
| - од 40 до 60 тони | - 250,00 ден./ км |
| - од 60 до 80 тони | - 300,00 ден./ км |
| - над 80 тони | - 350,00 ден./ км |

Висината на надоместокот од став 1 на овој член се пресметува така што единечниот износ на надоместокот (согласно бројот на тоните кои ја пречекоруваат вкупна дозволена маса) се множи по должината на реализацијата.

**VII.Надоместок за штета сторена на патот и објектите на патот**

Член 24

Доколку на општинските патишта и улици или објектите на општинските патишта и улици е сторена штета, сторителот е должен да ја надомести истата.

Надоместокот на штета сторена на патот и објектите на патот ја утвдува комисија формирана од страна на Градоначалник на Општина Крива Паланка врз основа на извршен увид и проценка на сторена штета.

Комисијата е составена од три члена и тоа:

Два претставника од вработените во општинската администрација

Еден претставник од МВР Крива Паланка

Еден член од економскиот оператор кој ги одржува општинските патишта и улици

Член 25

При добивање на одобрението за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас на општинсите патишта и улици барателот односно инвеститорот е должен да депонира (авансно) средства по основ надомест за сторена штета или враќање во поранешна состојба кои ќе бидат утврдени со претходен увид и проценка од Општина, а подоцна доколку се утврди од комисијата од став 2 на овој член помисок или помал износ соодветно ќе се постапи.

Член 26

Од плаќање на надоместокот по кој било основ од оваа Одлука се ослободени видливо означени возила и машини на: Армија на Република Македонија, Министерство за внатарешни работи, противпожарна служба, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи, јавни претпријатија основани од Република Македонија и Општина Крива Паланка и зимска служба за расчистување на снег.

**VIII. Преодни и завршни одредби**

Член 27

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Крива Паланка (''Службен гласник на Општина Крива Паланка'' бр.12/10).

Член 28

Надзор над спроведувањето на оваа одлука како и контролата на одредбите ќе врши Одделението за инспекциски надзор при Општина Крива Паланка.

Член 29

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување ,а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Крива Паланка''.

**Бр.09-2379/25**
**22.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 26**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 12 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонијабр. 302/20) и член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка ("Службен гласник на Општина Крива Паланка" 08/10,12/10,08/2014,02/18, 03/19, 08/21 , 01/23 и 05/23 ) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето**
**на Општина Крива Паланка**

I. **ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на организирање и вршење на комуналните дејности, начинот на користење на комуналните услуги, се уредуваат односите меѓу давателите и корисниците за задоволување на индивидуални и заеднички комунални услуги, како и се пропишуваат мерки за спроведување на комуналниот ред за физички и правни лица на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

(1) Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на условите и начинот на вршење на комуналните услуги, потоа се регулираат правата и обврските на физичките и правните лица, правата и обврските на давателите и корисниците на комунални услуги.

(2) Под мерки за спроведување на комуналниот ред во смисла на оваа Одлука се подразбира, пропишување на комунални правила за стекнување и воспоставување на професионален комунален однос на давателот на комуналната услуга како и правата и обврските на граѓаните кон користењето на комуналните услуги и објектите на комуналната инфраструктура, потоа пропишување, донесување и начин на реализирање на плановите и програмите за комунално уредување и комунални дејности, утврдување на изворите на средства за финансирање на комуналните дејности, надзор над спроведувањето на оваа Одлука, како и казнените мерки предвидени за прекршителите-даватели и корисници на комунални услуги.

**Член 3**

Комуналните дејности се дејности од јавен интерес.

**Член 4**

Комунални дејности кои се организираат и пропишуваат на подрачјето на Општина Крива Паланка со оваа Одлука се:

1.Снабдување со вода за пиење
2.Прифакање, одведување, пречистување и испуштање на урбани отпадни води 3.Изградба и одржување на септички јами;
4.Одржување на јавни санитарни јазли
5.Прифакање,одведување и испуштање на атмосферски води;
6.Собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, и други видови неопасен отпад;
7.Одржување на јавна чистота;
8.Одржување,уредување и користење на паркови, зеленила, парк шуми и рекреативни површини;
9. Одржување, уредување и користење на јавни отворени и затворени пазари:
10.Одржување на јавни водно-рекреативни површини:
11.Изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори;
12.Одржување на гробишта и давање на погребални услуги;
13.Одржување и заштита на улици и локални патишта;
14.Изградба и користење на јавниот простор за паркирање:
15.Одржување на сообракајна сигнализација на улици и општински патишта;
16.Одржување на комунални уреди и опрема;
17.Отстранување и чување на непрописно паркирани возила и хаварисани возила;
18.Прекопување на јавни површини;
19.Поставување и одржување на јавно осветлување;
20.Аеро-запрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација
21.Чување на животни и домашни миленици во населени места;
22.Заловување на кучиња скитници;
23.Извршување на градежни работи, складирање и чување на градежни материјали на јавни површини;
24.Постапување со отпад што се создава со градежни и занаетчиски работи:

25.Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни површини:
26.Вршење на оџачарски услуги;
27.Отстранување на снег и лед од јавни површини;
28.Украсување на населени места.

**Член 5**

(1) **Давател на комунална услуга**е јавно претпријатие основано од општината или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на соодветна комунална дејност.

(2) Давателот на комуналната услуги е должен да обезбеди постојано и квалитетно вршење на дејностите од член 4 на оваа Одлука, како и одржување на објектите, уредите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална и исправна состојба.

(3) Дозвола за вршење на одделни комунални дејности на подрачјето на Општината Крива Паланка може да добие правно и физичко лице регистрирано за вршење на соодветна комунална дејност и кое ги исполнува условите пропишани со посебен закон со кој се уредува соодветната комунална дејност.

(4) Со цел квалитетно и одржливо извршување на одредени комунални дејности општината со спогодба може заедничко да го организира или прифати вршењето на комуналните дејности со две или повеќе соседни општини, односно регионално.

**Член 6**

**Корисник на комунална услуга** е секое правно и физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услугата, а чии права и обврски се регулираат со меѓусебни договори, односно корисници на комунални услуги се сите физички лица (домашни и странски) кои живеат или претстојуваат на подрачјето на Општина Крива Паланка и сите правни лица кои имаат седиште на територијата на Општина Крива Паланка или се функционални единици на правни лица со седишта надвор од територијата на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

(1)**Давањето на комунална услуга** на корисник на индивидуална комунална услуга се воспоставува врз основа на **Договор** склучен меѓу давателот на услугата и корисникот на услугата на начин утврден согласно на закон.

(2) Давањето на комунална услуга не може да му се ограничи на кој било корисник, освен во случаите утврдени во посебните закони со кои се пропишани условите и начинот на вршење на одделни комунални дејности.

(3) Давањето на комуналните услуги може привремено да се прекине во случај определени со закон.

(4) По престанок на причините за прекин на користење на комуналната услуга, давателот на комуналната услуга е должен да продолжи со давање на комуналната услуга

**Член 8**

Корисниците и давателите на услугите се должни да се придржуваат на одредбите на оваа Одлука.

**Член 9**

(1) Комуналните дејности се вршат врз основа на развојни планови и програми кои ги донесува Советот на Општина Крива Паланка, а ги доставува давателот на услуги.

(2) Развојните планови за вршење на комуналните дејности се донесуваат за период од три години, додека програмите се донесуваат за период од една година и тоа до крајот на тековната година за наредната година.

**Член 10**

Финансирањето на комуналните дејности се врши според годишни програми кои ги донесува Советот на Општина Крива Паланка.

## II.ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1.СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

**Член 11**

(1) Комуналната дејност, снабдување со вода за пиење, подразбира зафаќање, обработка и дистрибуциија на вода за пиење преку водоснабдителен систем од каптажа до мерниот инструмент, односно главниот водомер на корисникот на услугата.

(2) Со оваа точка од Одлуката поблиску се уредуваат условите и начинот на снабдување со вода за пиење, прекинување на снабдувањето со вода за пиење, одржување и изградба на водоснабдителни системи, заштита и приклучување на водоснабдителни системи, како и се регулираат односите, односно правата и обврските меѓу давателот и корисникот на услугата .

**Член 12**

(1) Снабдувањето со вода за пиење е комунална дејност од јавен, општ интерес.

(2) Вода за пиење е секоја вода, во својата првобитна состојба или по третман, наменета за консумирање од страна на човекот за пиење, готвење или за други домашни намени, без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводната мрежа или од цистерна.

**Член 13**

Водоснабдителен систем е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафати (места каде давателот на услугата зафаќа површинска и подземна вода), транспортни и дистрибутивни објекти, резервоари, објекти за обработка на вода, пумпи и хлоринаторски станици, главни доводи, магистрални водови, уличната мрежа и водоводни приклучоци, заедно со придружните објекти и опремата за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

**Член 14**

(1) Давател на водоснабдителната комунална услуга на подрачјето на Општина Крива Паланка е јавното комунално претпријатие „Комуналец“, основано од општината, аможе да биде и друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите за вршење на ваква дејност, пропишани со посебен закон и во кои доминантен капитал има општината.

(2) Давателот на услугата врши снабдување со чиста и здрава вода за пиење, со зафаќањето, обработка и дистрибуција на водата за пиење преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

(3) Давателот на услугата го врши управувањето и одржувањето на водоснабдителниот систем од денот на добивање на решението за употреба.

**Член 15**

Давателот на услугата утврдува надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем, а за висината на надоместокот, зависно од големината на водоводниот приклучок, трошоците за приклучување, хидротехничките услови и друго, согласност дава основачот, односно Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 16**

Корисник на услугата е правно или физичко лице, сопственик или корисник на станбен, деловен, производен, административен и друг сличен објект вклучувајќи го и куќниот совет на станбена зграда, односно заедницата на станари, а чии објекти сеприклучени на јавниот водоснабдителен систем.

**Член 17**

(1) Водоводен приклучок е водоводна цевка од уличната водоводна мрежа до водоводниот вентил (затворач), пред главниот водомер во водомерната шахта.

(2) Водомерна шахта е објект на корисникот на услугата во која се монтира- (поставува) главниот водомер на водоводниот приклучок.

(3) Водомерна арматура е збир на фасонски делови кои се наоѓаатмеѓу вентилот на давателот на услугата и вентилот на корисникот на услугата и се користат за вградување и демонтирање на водомерот.

**Член 18**

Водоводна мрежа на корисникот на услугата е водоводниот систем од главниот водомер во водомерната шахта со целокупната водоводна мрежа во објектот и дворот на корисникот на услугата.

**Член 19**

(1) Давателот на услугата е должен на корисниците да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено, исправна и чиста вода за пиење и соодветенпритисок во мрежата во водоснабдителниот систем.

(2) Квалитетот на водата за пиење мора да ги задоволи нормите утврдени со законски и подзаконски акти, посебно правилници кои се однесуваат на санитарно -техничките и бактериолошко - хемиските услови за чиста и здрава вода за пиење.

(3) За квалитвтот на исправноста на водата за пиењее одговорен давателот на услугата кој е должен согласно закон да врши постојани испитувања и контроли на состојбата на водата за пиење, хлорирање на водата, како и санитарно - техничко одржување на објектитекои служат за водоснабдување.

Член 20

(1) Прекин и нарушување во давањето на оваа комунална услуга водоснабдување може да дојде во случај на:

1.оштетување на водоснабдителниот систем,поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти

2. здравствена неисправност на водата за пиење;

3.недоволна периодична издашност на извориштата и водозахфатите и

4.прекин во снабдувањето со електрична енергија таму каде што давањето на услугата е зависна од истата.

(2) Нарушувањето и прекинот во давањето на услугата во претходно наведените случаи не е основ за барање на надоместок на штета.

(3) Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата од ставот (1) на овој член, согласно со закон.

(4) Доколку давателот на услугата не ги информира корисниците на услугата за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата од ставот (1) на овој член, корисниците на услугата можат да поднесат приговор во рок од 15 дена од денот на дознавањето за нарушувањето или прекинот во давањето на услугата до надзорниот орган на давателот на услугата.

**Член 21**

(1) Во случај на предвидени прекини на водоснабдувањето со вода за пиење, на граѓаните, а заради отклонување на дефект, приклучување, реконструкција на мрежа, рестрикција и слично, давателот на услугата е должен во период најмалку од 12 часа пред прекинот со водоснабдувањето со вода за пиење, да ги информира засегнатитекорисници на услугите преку локалните јавни електронски медиуми за времетраењето на прекинувањето на водоснабдувањето.

(2) Во случај на непредвидени прекини на водоснабдувањето со вода за пиење на граѓаните, заради дефект, хаварија, елементарна непогода, недостаток на вода, загадена вода и друго, давателот на услугата е должен во што најкраток можен рок, ги информира граѓаните, преку јавните електронски медиуми, како и даде упатство за начинот на користење, штедење и шема на приоритет во користењето на водата.

(3) Во ваков случај треба да се има во предвид дека водата првенствено треба да се користи за пиење, но самоако е здравствено исправна.

(4) Во случај на прекин на водоснабдувањето на целото подрачје или на определен реон повеќе од 12 часа, давателот на услугата е должен во рок од 24 часа, со специјалницистерни да ги обезбеди корисниците на услугите со вода за пиење.

**Член 22**

(1) Давателот на услугата со цел справување со состојбите и кризите од членот 21, е должен е да има изготвено План за начинот на вршење на дејноста, водоснабдување во вонредни околности, согласно стандардите и вредноститена квалитетот на водата и снабдување на неопходното количество на вода за пиење за кој согласност дава Советот на Општината.

(2) Давателот на услугата при потпишување на Договорот за водоснабдителната услуга треба да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдувањето со вода за пиење во случај на вонредни околности.

**Член 23**

(1) Во случаите кога отстранувањето на дефектот на водоводниот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата едолжен да прибави одобрение за раскопување на горе наведените површини од надлежниот орган во општината, односно Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура,

(2) По завршување на работите од став 1 на овој член давателот на услугата е должен улицата, коловозот, јавната, сообраќајна или зелена површина ги доведе во првобитна состојба.

**Член 24**

(1) За приклучување на новите корисници на јавниот водовод, како и за проширување на претходно добиената согласностза едновремен проток и потрошувачка на вода, корисниците претходно се должни од давателот на услугите да бараат водоприклучна согласност.

(2) Со водоприклучната согласност се определуваат условите и начинот на приклучување на корисниците на јавниот водовод, како и меѓусебните права и обврски помеѓу давателот на услугите и корисникот на услугите.

**Член 25**

(1) Давателот на услугите ќе издаде водоприклучна согласност ако за тоа го дозволуваат неговите технички и економски можности, ако предвиденото зголемување на потрошувачката на расположливата вода е во согласност со Програмата за развој и со плановите за изградба на јавниот водовод и ако со таквото зголемување на потрошувачката на вода битно нема да се влоши квантитетот на водоснабдувањето на постојните корисници на услугите.

(2) Давателот на услугите е должен во рок од 30 дена сметано од денот на поднесувањето да се произнесе по барањето за добивање на водоприклучна согласност.

**Член 26**

Барањето за водоприклучна согласност мора да содржи:

а) За големите потрошувачи-стопански и други објекти: - локација на објектот, време на приклучување, намена на потрошувачката на вода, едновремено баран проток, инсталиран проток на објектот, тарифа на користење на водата во месеци ивкупната потребна годишна потрошувачка;

б**)** За индивидуалните станбени згради: -локација на објектот, податоци за станбената зграда и тоа бројот на станови, катност и број на влезови, едновремено баран протек - максимален проток и време на приклучување;
в) За колективните станбени згради: -локација на објектот, бројот на становите, бројот на влезовите, едновремено баран протек - максимален проток и време на приклучување.

**Член 27**

Решението за водоприклучна согласност мора да содржи: техничките и економските услови за приклучување, а особено: место, време и потребен притисок на приклучок, одобрен протек и притисок, водоводни обврски на давателот на услугите во врска со станбдувањето на корисникот на услугите, обврски на корисникот на услугите во врска со користењето на водата, начинот на изведување на приклучок, приклучување на корисникот, технички барања и услови кои мораат да бидат почитувани при изградбата на приклучокот, рок за склучување на писмен договор занадоместување на трошоците на давателот на услугите и други меѓусебни обврски, износот на надоместокот за приклучување на нови потрошувачи, односно зголемување на едновремениот протек и начин на плакање, увид на техничката документација, надзор и ставање под притисок на објектот, рок на склучување на договор за испорака на вода и услови за отстапување на основните средства.

**Член 28**

(1) Веднаш по добивањето на решението за водоприклучна согласност, корисникот на услугите склучува договор со давателот на услугите, за рокот на плаќање на надоместок, рокот за приклучување, условите за реализација на водоприклучната согласност, почеток на превземањето на водата по потреба и динамиката на превземањето на водата, како и други права и обврски.

(2) За секој приклучок давателот на услугите е должен да води административно-техничка документација.

**Член 29**

(1) Бесправно изградените објекти не смеат да се приклучат на водоводната мрежа и систем.

(2) Давателот на услуга не смее да врши приклучување на водоводната мрежа на објекти изградени без решение и одобрение за градба од надлежниот орган на Општината.

(3) Исклучок на ставот 1 и 2 на овој член, се објектите кои претходно се изградени спротивно на закон - кои може да се приклучат на водоводната мрежа доколку за истиот е издадена урбанистичка согласност согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти

(4) Времено приклучувањето на водоводната мрежа може да се изврши, ако истото е регулирано со посебна Одлука донесена од страна на Советот на Општината.

**Член 30**

(1) Во објектите кои се пренаменуваат од станбено во деловен простор за вршење на соодветна дејност или слично, како и за сите останати објекти кои имаат карактер на бесправна градба, не се дозволува издавање на одобрение за приклучување на објектот на инфраструктурна мрежа, се до оној момент додека не се достави потребната документација регулирана со закон.

(2) Ако корисникот на услугата ги достави потребните документи за одобрена пренамена на станбен во деловен простор, давателот на услугата врши посебно приклучување на деловниот простор на водоводната мрежа.

(3) Забрането е приклучување на деловни простори и објекти директно на водоводната мрежа на станбени објекти.

**Член 31**

(1) Изградба на водоснабдителни системи и постројки за снабдување со вода или дел од нив, се врши на начин и услови определени со закон и според Програма за уредување на градежно земјиште и Програма за локална водоводна и канализациона мрежа на Општина Крива Паланка усвоена од Советот на Општината.

(2) Реконструкција или доградба на водоснабдителе систем или на дел од него се врши на начин и услови определени со закон, а по претходно издадени хидротехнички услови од давателот на услугата, во согласност со Програма за уредување на градежно земјиште на општината Крива Паланка.

**Член 32**

(1) Давателот на услугата во зависност од сопствените можности и можностите на општината е должен да приклучува други извори кои обезбедуваат чиста и здрававода за пиењекако и да го проширува користењето на водоводниот систем со цел опфат на што поголем број на корисници.

**Член 33**

(1) Јавното комунално претпријатие обезбедува целосна документација на водоснабдителниот систем и неговите постројки заради воспоставување на подземен катастар на наведената инфраструктура.

(2) Документацијата од став 1 на овој член служи за потребите за експлоатација, управување, одржување на водоснабдителниот систем, како и за издавање на хидротехнички услови за приклучување на нови корисници.

**Член 34**

(1) Одржувањето на водоснабдителниот систем го врши давателот на услугата - Јавното комунално претпријатие основано од општината од денот на добивањето на употребна дозвола, односно од извршениот технички прием од надзорен инженер со констатација дека објектот може да се пушти во употреба.

(2) Давателот на услугата е должен да го одржува и водоводниот приклучок на корисникот и тоа:
- водоводната инсталација до водомерната шахта, вклучувајки го и првиот вентил, пред водомерот, кај индивидуалните станбени објекти, односно до границата на имотот-локацијата ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или е сместена во подрумски простории;
- водоводната инсталација до надворешниот ѕид од станбениот објект, ако главниот водомер се наоѓа во објектот, за колективни станбени згради и
- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајки го и првиот вентил пред водомерот, ако водомерната шахта се наога пред колективната станбена зграда.

**Член 35**

(1) Давателот на услугата има право да врши контрола на водоводната мрежа на корисникот на услугата и во случај да открие сериозно нарушување на техничките стандарди, во извештајот за контролата, ќе ги наведе дејствијата што треба да ги преземе корисникот на услугата за надминување на истите, во определен временски период.

(2) Во случај ваквите дејства да не бидат преземени во наведениот рок, или ако откриените неправилности влијаеле на трети лица, давателот на услугата можеда ја запре испораката на вода, се додека не се преземат активности за надминување на нарушувањето.

(3) Во случај ако неправилноста може да загрози нечија сопственост или живот, давателот на услугата е должен да ја запре испоракатана водата се до отклонување на неправилностите.

(4) Контролите се задолжителни пред приклучувањето или повторно приклучување на корисникот на услугата кон дистрибутивниот систем.

(5) Контролите можеда се вршат и на барање на трети лица, на нивен трошок, како и по службена должност на комуналниот инспектор.

**Член 36**

Се задолжуваат сите правни лица-вршители на дејност во склоп на своите издвоени објекти или во склоп на станбени, индивидуални и колективни станбени објекти да обезбедат поставување на посебни или контролни водомери.

**Член 37**

(1) Доколку при вршење на ископ на канал, ров или изведување на други подземни активности при претходно добиено одобрение на инвеститорот од надлежен орган дојде до оштетување на водоводната мрежа давателот на услугата е должен да ги превземе соодветните мерки за санирање на состојбата на водоводната мрежа

(2) Трошоците направени за санирање на водоводната мрежа се на сметка на правното или физичкото лице кое ја оштетило водоводната мрежа.

(3)По исклучок, кога Инвеститор е општина Крива Паланка, трошоците за санирање на настанатата штета меѓусебно ќе ги уредат Општината и ЈП Комуналец.

**Член 38**

(1) Секој сопственик (корисник) на стан во колективна станбена зграда со над 3 и повеќе станови е должен да постави контролен водомер кој ќе служи за контрола, мерење и пресметка за наплата на потрошената вода, како и за учество во вкупнатапотрошувачка на вода искажана со главниот водомер на приклучокот на колективната станбена зграда.

(2) До поставување на контролниот водомер од ставот 1 на овој член, потрошувачката на водата ке се пресметува по 10 м3 по член на семејното домакинство на корисникот месечно.

**Член 39**

(1) Ако со водомерот поради различни причини (неисправен, укочен, стопиран, искршен и сл.) неможе да се утврди стварната потрошена количина на вода пресметката за наплатата, до поставување на исправен водомер, ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка пред констатирањето на исправноста на водомерот.

(2) Во случаевите од став 1 на овој член, корисникотна сопствена сметкае должен во рок од еден месец да го поправи водомерот, односно да го извести давателот на комуналната услуга да постави исправен водомер на негов трошок.

**Член 40**

(1) Во колективните станбени згради со различни категории на корисници заради определување на износот на потрошената водата, секој корисник е должен да имапосебен водомер.

(2) Во случај на дефект на мрежата на корисниците на услугата од колективните станбени згради, отстранувањето на дефектот го врши давателот на услугата или друго правно и физичко лице со дозвола на сметка на

корисниците на услуга и тоа за отстранување на дефектот на водоводната мрежа од главниот (заеднички) водомер до разделот за секој стан на сметка на заедницата на станари или ако дефектот се наоѓа на индивидуалната мрежа на сопственикот, тогаш отстранувањето на дефектот е на сметка на сопственикот на станот.

**Член 41**

(1) Во станбени згради и станбено деловни згради со различити категории на корисници на услуги, како и во деловни и индустриски објекти кои ги користат повеке корисници, секој корисник е должен да има посебен водомер.

(2) Во колективната станбена зграда посебните водомери служат за контрола и мерење за учество во вкупната потрошувачка на вода, искажана со главниот водомер на приклучокот на станбената зграда.

(3) Главниот и посебниот водомер се единствено мерно средство за определување на потрошувачката на вода на корисникот на услугата во поглед на фактурирањето.

(4) Главниот водомер на колективните станбени или станбено деловни згради е сопственост на давателот на услуга.

**Член 42**

(1) Водомерите инсталирани во водомерните шахти на водоводниот приклучок кај индивидуалните станбени објекти се сопственост на корисникот на услугата.

(2) Поставувањето, одржувањето и баждирањето на водомерите, се врши на сметка на корисникот на услугата.

(3) Типот и димензијата на водомерите го определува давателот на услугата.

(4) Одржување, баждарење и ставање жиг на водомер се врши под услови и на начин утврдени со закон.

(5) Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен, искршен и сл., корисникот на услугата е должен во рок од три дена од констатирањето на дефектот, за тоа да гоизвести давателот на услугата.

(6) Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен, искршен и неможе да се утврди стварната потрошена количина на вода пресметката за наплатата, до поставување наисправен водомер, ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка предконстатирањето на неисправноста на водомерот.

(7) Во случаевите од став 1 на овој член, корисникот, на сопствена сметка е должен во рок од еден месец да го поправи водомерот, односно да го извести давателотнакомуналната услуга да постави исправен водомер на негов трошок.

**Член 43**

(1) Евидентирањето на месечната индивидуална и заедничка потрошувачка на вода регистрирана на водомерите се врши од овластени лица- инкасатори на давателот на услугата.

(2) Чистењето,монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластени лица- сервисери на давателот на услугата.

(3) Корисникот на услугите е должен на овластените лица од ставот 1 и 2 на овој член да им овозможи непречено вршење на работите.

**Член 44**

(1) Во случај на дефект на водоводната мрежа давателот е должен веднаш да ги превземе потребните мерки за негово отстранување.

(2) Ако дојде до дефект на главната водоводна мрежа во колективните станбени објекти, него го отстранува давателот на услугата, а трошоците за отстранувањето на дефектот солидарно ги поделува на сите корисници на водоводната линија и истите ги наплака преку сметката за потрошена вода.

(3) Ако дојде до дефект на водоводната мрежа во стан на колективна станбена зграда тогаш отстранувањето на дефектот е на сметка на корисникот на услугата.

**Член 45**

(1) При дефект на водоводната мрежа која поминува низ имот на физичко или правно лице, сопственикот односно корисникот на имотот е должен да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот.

(2) Во случаите од став 1 на овој член давателот на услугата е должен да го доведе имотот во првобитна положба и да ја надомести евентуалната штета настаната при отстранување на дефектот.

(3)Над земјиштето каде што е изграден водоводниот систем од јавен интерес се воспоставува право на служебност.

**Член 46**

Заради заштита и спречување на оштетувања на водоснабдителен системсе забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;
- приклучување на водоводната мрежа без одобрение за приклучување
- изведување на објекти и инсталации од водоводниот систем без одобрение заградење;
- самоволно, без одобрение приклучување на водоводната мрежа;
- приклучување на мрежата на корисникот на услугата на друг корисник;
- поврзување на водоводната мрежа на корисникот на услугата кој во внатрешната водоводна мрежа и уреди користи вода од други индивидуалните извори на водоснабдување;

- бесправно користење на вода пред водомер;
- бесправно користење на вода без поставен исправен водомер;
-директно приклучување на уреди на водоводната мрежа на корисниците на услугите што користат опасни и штетни материи со уличната водоводна мрежа;
- паркирање возила над водоводни и хидрантски шахти;
- депонирање,поставување и оставање на разновиден материјал и предмети над и покрај водоводни, водомерни и хидрантски шахти во пречник најмалку 3 метри;
- ненаменскo користење на водата за пиење;
-самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водомерни арматури без согласност на давателот на услугата;
-намерно оштетување на јавната водоводна мрежа и на објектите на водоснабдителниот систем;
- намерно оштетување на јавните чешми, водоскок чешми и фонтани;

**Член 47**

(1) Сопственик, корисник или закупец на земјиште е должен да дозволи премин преку неговото земјиште и овозможи непречена работа за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на објекти од водоводниот систем, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени.
(2) Сопственикот, корисникот или закупецот на земјиштето има право на надомест на штета што настанала со работите од став 1 на овој член, во согласност со прописите за надомест на штета.
(3) Надоместокот го регулира давателот на услугата.

**Член 48**

(1) Средства за изградба и одржување на водоснабдителен и систем и постројки за пречистување на вода за пиење се обезбедуваат од:

- цената на услугата;
- буџетот на општината;
- буџетот наРепублика Северна Македонија;
- од кредити, донаторства
- други извори.

**Член 49**

(1) Водоводната мрежа на корисникот на услугата се приклучува на уличната водоводна мрежа од водоводниот систем преку водоводенприклучок на начин и услови пропишани со закон.
(2) Водоводна мрежа на корисникот на услугата е водомерот во водомерната шахта и целокупната внатрешна мрежа во објектот на корисникот вклучувајки го и хидрофорот;
(3) Водоводен приклучок е водоводна цевка од уличната мрежа до водоводниот вентил (затварач) пред водомерот во водоводната шахта;

**Член 50**

Корисниците на услугите се должни да овозможат непречен пристап во зградата или друг објект на овластен работник на давателот на услугата заради читање на водомери и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на хидрофорските постројки и други уреди чија неисправност може да предизвика последици.

**Член 51**

(1) Група граѓани или други корисници на услугите, се должни на уличната водоводна мрежа, изградена со сопствени средства, пред да биде преотстапена на давателот на соодветната мрежада овозможат, за соодветен надоместок на трошоците,приклучување на нови корисници на кои им се издадени хидротехнички услови.
(2) Доколку не се постигне согласност за висината на надоместокот на трошоците за приклучување, надоместокот го утврдува надлежниот суд со помош на ангажирање на вешто лице.
(3) Утврдувањето на висината на надоместокот за приклучување на уличната мрежа не го одлага приклучувањето.
(4) Утврдувањето на висината на надоместок за приклучување на водоводна мрежа изградена од страна на општината ја одредува Советот на општината.

**Член 52**

(1) Давателот на услугата е должен да го исклучи корисникот на услугата на водоводот без претходна опомена, во случај ако:

- продолжувањето со водоснабдувањето би преставувало опасност за трети лица или за животната средина и природата

- физичко или правно лице бесправно се поврзе на водоводен приклучок.

(2) Давателот на услугата ќе го прекине снабдувањето со вода за пиење и одведувањето на урбаните отпадни води со претходно известување, ако:

- настане поголемо оштетување на водоснабдителниот систем, со цел да се отстранат оштетувањата со што ќе се спречи непотребно трошење на вода и правење штета на друг корисник;

- е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;
- корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
- корисникот на услугата не се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција, спрема планот донесен од советот на општината.
- водоводната мрежа на корисникот на услугата која е приклучена на уличната мрежа, ја поврзе со водоводна инсталација и уреди кои добиваат вода од индивидуални извори и техничка вода и
- корисникот на услугата бесправно користи вода пред водомер.

*(3) Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од став (2) алинеи 3, 4, 5 и 6 на овој член паѓаат на товар на корисникот на услугата.*

**Член 53**

Прекинувањето со водоснабдувањето во случаите од член 52, давателот го врши според технички можности и услови за секој конкретен случај.

**Член 54**

(1) Заради заштита на водата за пиење, околу изворите и водозахватите се воспоставуваат заштитни зони.

(2) Во првата заштитна зона или т.н. тесна заштитна зона припага непосредното земјиште околу изворите или водозахватите на кое не е дозволено изградба на индустриски, туристички, угостителски, спортско-рекреативни, земјоделско-стопански и др. објекти, вршење на дејности, испаша на добиток, испуштање на отпадни води, и други отпадни материи кои можат да го загрозат квалитетот и здравствената исправност на изворите.

(3) Во втората или т.н поширока заштитна зона припага определено земјиште кое влегува во сливното подрачје на изворитеили водозахватите .

(4) На оваа земјиште можат да се градат одредени објекти со дозвола од надлежен орган и со согласност на Советот на Општината .

(5) Големината и границите на заштитните зони се определуваат со посебна Одлука на Советот на Општината и давателот на услугите.

**Член 55**

(1) Доколку дојде до изнудено преместување на водоводна мрежа и водоводните приклучоци заради спроведување на урбанистички план или изградба или доградба на подземни објекти и инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците за изместувањето на водоводната мрежа и водоводните приклучоци ќе биде на сметка на инвеститорот на објектот кој го предвидува преместувањето на водоводните линии.

(2) По исклучок, кога Инвеститор е Општина Крива Паланка, а изместувањето не е предвидено со техничката документација, трошоците за изместувањето меѓусебно ќе ги уредат Општината и ЈП Комуналец.

**Член 56**

(1) Водоводните системи изградени со средства на граѓани, домашни и странски донатори или други потрошувачи кои имаат соодветна техничка документација , со Договор се преотстапуваат на Јавното комунално претпријатие и претставуваат целина на единствениот систем.

(2) Одобрување за превземање на системот на одржување од јавното комунално претпријатие дава Советот на Општината по претходен извештај за состојбата на системот изготвен од комисија формирана од стручни лица од давателот на услугата и Општината.

(3) Водоводната мрежа која е изградена од граѓани, а не е преотстапена согласно законските прописи на Јавното комунално претпријатие, не е обврска на одржување од страна на јавното комунално претпријатие, туку е обврска на корисниците кои се приклучени на неа.

(4) За сите евентуални последици по животот и здравјето на луѓето- корисници, настанати од неодржувањето на водоводните системи, одговорност имаат самите корисници, а посебно режиските одбори или малските одбори и раководствата на Месните заедници на населбите каде постојат вакви водоводни системи.

(5) Општината и давателот на услугата ги обезбедува средствата за санирање на превземените водоводи .

(6) Веднаш по превземањето и санирањето на водоводниот систем се воспоставува контрола на потрошувачката. Водомерите ги поставува давателот на услугата, а нивната набавка е на сметка на корисниците на услугата.

(8) Давателот на услугата може да овозможи одложено плаќање на водомерот преку сметките за потрошена вода, но не повеќе од 4(четири)пати.

(9) Корисникот на услугата може и сам да го набави водомерот по претходна консултација со давателот на услугата.

**2. ПРИФАЌАЊЕ,ОДВЕДУВАЊЕ,ПРЕЧИСТУВАЊЕ ИИСПИТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

**Член 57**

Комуналната дејност,прифакање,одведување, пречистување и испуштање на отпадни води во урбани средини подразбира уредување на условите и начинот на прифакање на урбаните отпадни води од станбените, деловните, производните, административните и друг вид на објекти од приклучокот на дворната шахта, нивно одведување со канализационен систем од улична и колекторска канализациона мрежа, пречистување во пречистителни станици и испуштањена отпадните води во во реципиентот или до местото на конечно испуштање , како и изградба и одржување на канализациониот систем за отпадни води.

**Член 58**

Урбани отпадни вода се отпадни води од домаќинствата кои главно потекнуваат од човечкиот метаболизам и активностите во домаќинствата, потоа индустриските и сервисните води кои се исфрлаат од капацитетите и просториите кои се користат заизвршување на индустриска, сервисна и трговска дејност, отпадните води кои излегуваат од административните објекти и атмосферските води.

**Член 59**

Канализационен систем е збир од хидро технички објекти и тоа: улична канализациона мрежа, колектори, приклучни и ревизиони шахти, црпни станици, пречистителни станици и други постројки за пречистување на отпадни води.

**Член 60**

Собирањето, одведувањето, пречистувањето и испуштањето на урбаните отпадни води во реципиентот е дејност од јавен општ интерес.

**Член 61**

(1) Канализациона мрежа на корисникот на услугата е внатрешната канализациона мрежа во објектот на корисникот,вклучувајки ја и приклучната шахта до спојот со уличната канализација;

(2) Канализациони мрежи на корисниците на услуги се следниве: куќната и дворната канализациона мрежа од индивидуалните станбени објекти, станбената и дворната канализациона мрежа на колективните станбени згради, внатрешната и дворната канализациона мрежа од сервисните, административните и производните објекти.

(3) Одржувањето на канализационите мрежи на корисниците е обврска на корисниците, мегутоа во случај на посериозен проблем, зачепување и слично корисникот на услугата на сопствен трошок, со потпишан договорн за сервисна услуга, може да го ангажира давателот на услуга или друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите за вршење на ваква дејност.

**Член 62**

(1) **Давател на комуналната услуга**„Одведување, пречистување и испуштање на урбани отпадни" на подрачјето на Општина Крива Паланка е Јавното комунално претпријатие-Комуналец,основано од општината, а може да биде и друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите за вршење на ваква дејност пропишани со посебен закон.

(2) Давателот на услугата формира и опремува организациона единица за одржување на канализационата мрежа

**Член 63**

**Корисник на комуналната услуга,** одведување, пречистување и испуштање на урбани отпадние секое правно или физичко лице, сопственик или корисник на станбен, деловен, производен, административен и на нив сличен објект во општинатаприключен на канализациона мрежа;

**Член 64**

(1) **Канализационен приклучок**е спојот на канализационата мрежа на корисникот со улична канализациона мрежа;

(2) Ревизиони канализациони шахти се шахти кои се поставуваат на одредени растојанија на уличната канализација, а служат за контрола и одржување на истата;

(3) Приклучни канализациони контролни шахти се објекти кои се наоѓаат на канализациониот приклучок помеѓу уличната канализациона мрежа и објектот на корисникот, а служат за одржување на каналскиот приклучок на корисникот на услугата.

**Член 65**

(1) Давателот на услугата е должен на корисниците да им обезбеди трајно и непрекинато собирање и одведување и пречистување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем.
(2) Давателот на услугата е должен два пати годишно да ја исконтролира состојбата на ревизионите и приклучните шахти кои се наоѓаат на канализациониот систем.

**Член 66**

(1) Прекин во давањето на оваа комунална услуга може да дојде во случај на:
-оштетување на канализациониот систем поради виша сила;
-поголеми хаварии и дефекти
(2) Нарушувањето и прекинотво давањето на услугата во претходно наведените случаи не е основ за барање на надоместок на штета.

**Член 67**

Давателот на комуналната услуга врши:
-одведување на урбани отпадни води во реципиентот со нивно собирање од објектите на корисниците на услугите преку канализациониот систем,нивно пречистувањеи испуштање во реципиентот;
- управување и одржување на канализациониот систем;
-ја утврдува висината на надоместокот за приклучување на корисникот на услугата во канализациониот систем по претходна согласност од Советот на Општината;
-се грижи за исправно функционирање на целокупната канализациона мрежа;
- редовно врши пречистување на канализационата мрежа;
-врши поправка на оштетените делови на оштетени делови од објектите на канализационата мрежа;
- врши отпушување на канализационата мрежа;
- дава одобрение за приклучок и го извршува самиот приклучок;
- пропишува технички услови за изведување на приклучокот на објектите;
- дава стручни упатства за изведување на дел од канализацијата што ја вршат граганите;
- врши изградба на канализациона мрежа;
- врши набавка на соодветна опрема за одржување на канализационата мрежа;
- обезбедува постојано дежурна служба за отстранување на дефекти;
-врши и други работи сврзани со управувањето и одржувањето на канализационата мрежа;

**Член 68**

(1) Давателот на услугата е должен:
- да поседува целосна документација на канализациониот систем;
- да поседува подземен катастар на канализациониот систем;
-да го превземе одржувањето на канализациониот систем од денот на добивањето на решението за употреба;

**Член 69**

(1) Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води, без претходна писмена опомена, во следниве случаи и тоа:
- ако продолжувањето на одведувањето на отпадните води би претставувало опасност за трети лица или опасност за животната средина и природата;
- ако физичко или правно лице бесправно е поврзано на канализационен приклучок;
2) Давателот на услугата ќе го прекине одведувањето на урбаните отпадни води со претходно известување, ако:
- корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
- е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;
-ако корисникот на услугата во одводната канализациона мрежа испушта цврсти и штетни материи и материјали кои се забранети да се испуштаат како такви во канализациониот систем;
-ако корисникот на услугата на канализационата мрежа приклучи одвод од објекти за чување на домашни животни и сл;
(3) Прекинувањето во одведувањето на урбаните отпадни води, давателот на услугата го врши според техничките можности и услови за секој конкретен случај.
(4) Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување паѓаат на товар на корисникот на услугата, освен ако прекинувањето е направено по решение донесено од страна на надлежен инспекциски орган .

**Член 70**

(1) Во канализациониот систем може да се вклучат објекти на физички и правни лица кои се изградени согласно урбанистичкиот план, а врз основа на одобрението за градба во делот каде што постои план за реализација, односно врз основа на Договор за уредување на градежно земјиште склучен помеѓу корисникот и Општината .Приклучувањето на корисниците на услугите во уличната шахта на канализационата мрежа ќе се врши по техничкиот прием на истата.
(2) Давателот на услугите пред техничкиот прием на објектот ќе превземе мерки да изведувачот на работите односно корисникот на услугите ги отстрани евентуалните недостатоци констатирани спротивно од проектот за реализација.

(3) Доколку работите од претходниот став не ги изврши изведувачот, односно корисникот на услугите, нема да се изврши технички прием на објектот.
(4) За приклучување на канализационата мрежа корисникот на услугите поднесува барање до давателот на услугите како и пропишаните соодветни документи.

**Член 71**

(1) Давателот на услугите е должен да издаде одобрение за приклучок, со тоа што трошоците за приклучување на канализационата мрежа паѓаат на товар на корисникот.
(2) Давањето на комунална услуга на корисникотна оваа комунална услуга за одведување на урбани отпадни води се воспоставува врз основа на Договор склученмеѓу давателот на услугата и корисникот на услугата на начин утврден согласно на закон.

**Член 72**

Во одобрение за приклучок на канализациона мрежа се наведуваат хидротехничките услови издадени врз основа на предходно добиените услови за градба и техничките услови за извршување на инсталацијата до приклучната шахта како и надоместокот за приклучување.

**Член 73**

Во случај каде што се врши приклучок на објект од поширок обем, давателот на услугите е овластен пред извршувањето на одобрението за приклучок да пропише посебни услови за изведување на канализациона мрежа до приклучната шахта, а особено на самата приклучна шахта заради обезбедување и заштита на канализационата инсталација од пуштање на предмети и други материи кои што можат да доведат до запушување на канализационата мрежа.

**Член 74**

(1) Изградба на канализационен систем се врши на начин и услови определени со Закон и Програмата за уредување на градежно земјиште и Програмата за локална и канализациона мрежа на општина Крива Паланка.
(2) Реконструкција или доградба на канализационен систем или на дел од него се врши на начин и услови определени со закон, а по претходно издадени хидротехнички услови од давателот на услугата, во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште на општината Крива Паланка.

**Член 75**

(1) Корисниците на услугата се должни веднаш да го известат давателот на услугата за евентуално оштетување или дефект што ќе настане на канализационата мрежа на корисникот на услугата.
(2) Во случаите на дефект или запушување на канализационата мрежа на корисникот на услугата, трошоците за отстранување на дефектот односно отпушувањето, паѓаат на товар на корисникот односно корисниците на услугата.

**Член 76**

(1) Во случаите кога отстранувањето на дефектот на канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, тротоар и друга јавна, сообраќајна или зелена површина, треба да се постапи согласно со член 293-член 298 од оваа Одлука.

**Член 77**

(1) Сопственик, корисник или закупец на земјиште е должен да дозволи премин преку неговото земјиште и овозможи непречена работа за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на објекти од канализациониот систем, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето на кое тие се поставени.

(2) Сопственикот, корисникот или закупецот на земјиштето има право на надомест на штета што настанала со работите од став 1 на овој член, во согласност со прописите за надомест на штета.

(3) Надоместокот го регулира давателот на услугата.

**Член 78**

Изградба на канализациони системи и постројки за пречистување или дел од нив се врши според Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Крива Паланка усвоена од страна на Советот на Општината.

**Член 79**

Проектирање, изградба, реконструкција и доградба на канализационен систем се врши по претходно издадени (добиени) хидротехнички услови на начин и услови утврдени со закон.

**Член 80**

(1) Канализационите системи изградени со средства на граѓани, домашни и странски донатори или други потрошувачи, кои имаат содветна техничка документација се преотстапуваат на Јавното комунално претпријатие со Договор и претставуваат целина на единствениот канализационен систем.

(2) Канализационата мрежа за отпадна вода која е изградена од граѓани, а не е преотстапена на Јавното комунално претпријатие согласно законските прописи, не е обврска на одржување од страна на јавното комунално претпријатие, туку е обврска на корисниците кои се приклучени на неа.

**Член 81**

(1) Јавното претпријатие обезбедува целосна документација на канализациониот систем и постројките за пречистување заради воспоставување на подземен катастар на наведената инфраструктура.
(2) Документацијата одстав 1 на овој членслужи за потребите за експлоатација, управување, одржување на канализасиониот систем, постројките за пречистување, како и за издавање на хидротехнички услови за приклучување на нови корисниси.

**Член 82**

(1) Одржувањето на канализациониот системго врши давателот на услугата, Јавното комунално претпријатие основано одопштината, одденот на денот на добивањето на решение за употреба на секоја изградена канализација .

(2) Одржувањето на канализационата мрежа на корисникот на услугата е на негова сметка.

**Член 83**

(1) Корисниците на услугите се должни веднаш да го известат давателот на услугата за оштетувањето што ќенастане на канализационата мрежа.

(2)Во случаите на дефекти и запишување на канализационата мрежа на кориснисите на услугите, трошоците за отстранување, односно отпушување на приклучокот пагаат на терет на корисниците на услугите.

**Член 84**

Корисниците на услугата кои вршат индустриска, сервисна, трговска и друга дејност во која се создаваат и испуштаат индустриски опасни и штетни води со штетни материи несмеат ги испуштаат вакввите води во канализациониот систем пред даподлежат на потребен предтретман и третман које утврден во Елаборатите за заштита на животна срединаили Б-интегрирана еколошка дозволите,а со кој се гарантира:

- заштита на здравјето на вработените што вршат одржување на колекторските канализациони системи како и
- дека испуштањето на отпадните материи кои подлежат на предтретмани неманегативно да влијаат врз канализациониот систем и врз животната средина и водите, односно реципиентите.

**Член 85**

(1) Заради спречување на внесувањето на опасни и штетни материи што можат да предизвикаат промени во хемискиот, физичкиот и бактеролошкиот состав и својства или доведат до радиолошки својства на урбаните отпадни води во канализационата мрежа, правните и физичките лица кои ги испуштаат водите се должни да вградат постројки за пречистување и таложници на загадените урбани отпадниводи, до степен што ги задоволува максимално дозволените концентрации на штетни отпадни материи во канализациониот систем и реципиентите.

(2) Контролата и анализата на урбаните отпадни води и на индустриските отпадниводи на местото на испуштање и пред мешањето со отпадниводи во канализациониотсистем, како и контролата на работата на интерни уреди за пречистување ги врши корисникот на услугата на свој трошок со посредство на овластена лабараторија и санитарната инспекција.

(3) Доколку при контролата на урбаните отпадни води и индустриски отпадни води се покаже непосредна опасност за животот и здравјето на луѓето и нормално функционирање на канализациониот систем давателот на услугата ќе ги извести надлежните органи и институции.

**Член 86**

(1) Над уличната канализација, приклучокот, контролните и ревизионите шахти не смее да се лоцира и гради било каков постојан или времен објект.

(2) Над и покрај улични ревизиони шахти и сливници, како и над приклучоци, како и контролни шахти не смее да се депонира било каков материјал со кој се оневозможува нивната употреба и користење.

**Член 87**

Заради заштита и спречување на оштетување на канализационен систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над канализационата мрежа;
- самоволно без одобрение приклучување на канализационата мрежа;
- испуштање на цврсти материи: песок, земја,цемент,вар, камења, дрва пепел, стакло,метал, пластични материи, и др. слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;
- испуштање на урбани отпадни води од септички јами и полски клозети во канализациониот систем;
- испуштање на отпадни материи и води кои со своето дејство ги оштетуваат видовите на канализациониот систем;
- испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи;
- -приклучување на отпадни води во канализациона мрежа од објекти кои немаат дозвола за градење;
- испуштање на атмосферски води во канализациониот систем;
- испуштање на индустриски води и води од сервиси во канализациониот систем безпретходно извршено потребно пречистување;
- фрлање на облека,остатоци од колење на животни, слама и неискористени земјоделски производи во канализациониот систем;
- приклучување на сточни фекални води од објекти за чување на стока на канализациониот систем.
- паркирање на возила и оставање на разни предмети и материјали над канализациони шахти;
- вршење на работи со кои на било каков начин се врши оштетување наканализациониот систем.

**Член 88**

(1) Сопственикот, корисникот или закупецот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на објекти од канализациониот систем, како и вршење на инспекциски надзор на земјиштето низ кое канализациониот систем е поставен.

(2) Сопственикот, корисникот или закупецот на земјиштето има право на надомест на штета што настанала со вршење на работите од предходниот став на овој член, во согласност со закон.

(3) Над земјиштето каде што е изграден канализациониот систем од јавен интерес се воспоставува право на службеност.

**Член 89**

Средства за финансирање и развој на оваа комунална дејност се обезбедуваат од:

- надоместокот (цената) за дадена услуга: приклучување, одведување и пречистување на урбани отпадни води;
- надоместоци за сервисни услуги на канализационите мрежи на корисниците на услуги;
- надоместок за уредување на градежно земјиште утврден со закон,
- комунална такса утврдена со закон,
- средства од буџетот на Општината;
- средства од буџетот на РСМ;
- средства обезбедени од самодопринес, кредити, донации и други извори определени со закон.

**Член 90**

Канализационата мрежа на корисникот на услугата се приклучува со уличната канализациона мрежа на канализациониот систем преку канализационен приклучок на начин и услови пропишани со закон.

**Член 91**

Физичките и правните лица лоцирани на просторот, опфатен со урбанистичкиотплан на општината, должни се да се приклучат на канализациониот систем со којуправува давателот на услугата.

**Член 92**

Корисниците на услугите се должни да овозможат несметан пристап во зградата или друг објект на овластен работник на давателот на услугата заради одржување на јавната канализациона мреж, како и за контрола на исправноста на канализационите постројки и други уреди чија неисправност може да предизвика штета по граѓаните и материјалните добра.

**Член 93**

(1) Група граѓани или други корисници на услугите се должни на уличната канализациона мрежа, изградена со сопствени средства, пред да бидепреотстапена на давателот соодветната мрежа, да овозможат со соодветен надоместок на трошоците, приклучување на нови корисници на кои им се издадени хидротехнички услови.

(2) Доколку не се постигне согласност за висината на надоместокот на трошоците за приклучување, надоместокот го утврдува надлежниот суд со помош на ангажирање на вешто лице.

(3) Утврдувањето на висината на надоместокот за приклучување на уличната канализациона мрежа не го одлага приклучувањето.

(4)Утврдувањето на висината на надоместок за приклучување на канализациона мрежа изградена од страна на општината ја одредува Советот на Општината.

**Член 94**

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води, во случај кога корисникот на услугата не ги исполнува обврските од договорот, без претходна писмена опомена, во следниве случаи и тоа:

- ако продолжувањето на одведувањето на отпадните води би претставувало опасност за трети лица или опасност за животната средина и природата;
- ако физичко или правно лице бесправно е поврзано на канализационен приклучок;

- ако настане поголемо оштетување на канализационите уреди на имотот на корисникот на услугата, со цел да се отстранат оштетувањата и спречи непотребното трошење на вода;
- е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;
- ако корисникот на услугата на својот приклучок дозволи или има извршено приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;

(4) Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување паѓаат на товар на корисникот на услугата, освен ако прекинувањето е направено по решение донесено од страна на надлежен инспекциски орган.

**Член 95**

Прекинувањето на одведувањето на урбаните отпадни води во случаите од член 94 давателот го врши според технички можности и услови за секој конкретен случај.

**Член 96**

(1)Приклучувањето на објектите на корисниците на услугите во канализационата мрежа се врши преку приклучна шахта - ревизиона шахта.
(2) Приклучната шахта се гради во дворното место на корисникот на услугата, а ревизионата на тротоарот.

**Член 97**

Трошоците за изведување на приклучокот се на терет на:
а) Граѓаните, сопственици на станбени згради и станови и тоа за:
- инсталацијата од станбената зграда до приклучната шахта и самата приклучна шахта;
- инсталацијата од приклучната шахта до ревизионата шахта и ревизионата шахта во еднаков износ за сите корисници кои се приклучуваат, а износот го утврдува Советот на Општина Крива Паланка.
б)Инвеститорот за инсталацијата од ревизионата шахта до уличната канализациона мрежа.

## 3. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СЕПТИЧКИ ЈАМИ

**Член 98**

(1) Комуналната дејност, изградба и одржување односно чистење на септички јами во оваа Одлука подразбира поблиско определување на условите за изградба на септички јами, начинот за нивно одржување и чистење.

(2) Септичките јами се самостојни,подземни, непропусни објекти на комуналната инфраструктура кои служат за собирање на отпадни води од домаќинствата во станбените објекти и од сервисните капацитети каде што претежно отпадните води потекнуваат од човечкиот метаболизам и од активностите во домаќинставата.

**Член 99**

Давател на оваа комунална услуга е Јавното комунално претпријатие основано од општината или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на оваа специфична комунална дејност.

**Член 100**

Корисници на оваа комунална услуга се физички лица кои живеаа или ќе живеат и правни лица кои се наоѓаат илиќе се градат на просторикаденема изградено канализациона мрежа или не постојат технички можности да се приклучат на канализациона мрежа.

**Член 101**

(1) Изградбата на септичките јами е инвестисија на корисникот на услугата.
(2) Градбата на септичката јама по избор на инвеститорот може да ја изведува правно и физичко лице кое има дозвола за вршење на градежни работи, меѓутоа по претходно добиено одобрение од надлежен орган на општината.

**Член 102**

(1) Изградба на септичките јами и начинот на нивното одржување и чистење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од комуналната дејност. (ова може и да не стои, немаат уште донесено правилник, како сакате)

(2) Горниот дел на септичката јама задолжително треба да биде бетониран во кој се остава отвор за чистење односно празнење .Отворот за празнење треба да бидедобро затворен.

(3) Септичките јами не смеат да бидат отворени и не заштитени.

**Член 103**

(1) Септичките јами треба да бидат оддалечени од соседни станбени и деловни објекти најмалку 10 метри, а од водоснабдителни објекти (бунари, издански чешми, пумпи и сл. ) најмалку 15 метри.

(2) Доколку површината на просторот на дворните места е помала и неможат да се исполнат условите од предходниот став, септичките јами можат да бидат и на помало растојание од станбените и деловните објекти на соседите, но не помалку од 7 метри.

(3) Не е дозволено градба на септички јами на изразито коси терени , на терени подложни на лизгање на земјиштето, како и на стрмни терени над водоснабдителни објекти .

**Член 104**

(1) Чистењето на септичките јами го врши јавното комунално претпријатие основано од општината или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на оваа специфична комунална дејност, како и согласност од општината..

(2) Чистењето на септичките јами се врши со специјални возила-цистерни, при претходно обезбедени соодветните санитарно и хигиенски услови и мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на септичката јама и на теренот околу јамата.

(3) За чистење односно празнење на септичка јама и нејзина дезинфекција, корисникот на услугата на давателот на услугата плаќа соодветен надоместок врз основа на склучен меѓусебен договор.

(4) Давателот на услугата со извадената материја постапува согласно здравствено -санитарните прописи за ваков вид на отпаден материјал.

**Член 105**

(1) Во населбите во кои не е изградена фекална канализација, испуштањето на фекалните води задолжително се врши во непропусни, септички јами.

(2) Во населбите во кои постои изградена канализациона мрежа не е дозволено да се градат септички јами и полски клозети, туку објектите задолжително да се приклучуваат на канализационата мрежа.

(3) Кога се врши приклучување во канализационата мрежа корисникот на септичката јама не смее да ја испушти фекалната вода и материја во уличната канализација, атмосферската канализацијаи на јавни и сообраќајни површини, туку истата со специјална цистерна ја празни, чисти и дезинфицира, во договор со правно лице кое добило дозвола за вршење на таква комунална дејност.

## 4. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

**Член 106**

Изградбата и одржувањето на јавни санитарни јазли е комунална услуга за заедничката потрошувачка со која поблиску се определува начинот на изградба, користење и одржување на јавни санитарни јазли во урбаните населби.

**Член 107**

(1) Давател на оваа услуга е Јавното комунално претпријатие основано од општината или правно и физичко лице кое поседува дозвола и овластување за вршење на ваквакомунална дејност.

(2) Корисници на оваа услуга се сите лица кои живеат, претстојуваат или транзитират на подрачјето на општината.

**Член 108**

(1) Изградбата и одржувањето на јавни санитарни јазли се врши врз основа на Годишната програма за јавна чистота усвоена од страна на Советот на општината.

(2) Изградбата на јавните санитарни јазли е согласно урбанистичкиот план на урбаната населба ,

(3) Средствата за изградба на санитарните јазли се од надоместокот за јавна чистота.

(4) Изградбата и реконструкцијата на јавните санитарни јазли ги врши Јавното комунално претпријатие основано од општината или друго правно или физичко лице со дозвола согласно на закон.

**Член 109**

(1)Јавните санитарни јазли мораат да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски услови, односно да се изградени од тврд материјал, поврзани со водоводен приклучок, одводна канализација и осветлување.

(2)Јавните санитарни јазли мора да бидат опремени со соодветна санитарна опрема и изградени согласно законските прописи со издвоени тоалет простори за мажи и жени како и посебен тоалет за хендикепирани лица.

**Член 110**

Одржувањето на јавните санитарни јазли го врши Јавно комунално претпријатие основано од општината или друго овластено од општината правно или физичко лице со дозвола.

**Член 111**

Давателот на услугата е должен јавните санитарни јазли постојано да ги одржува во чиста,исправна и функционална состојба. .

**Член 112**

(1) За користење на јавните санитарни јазли може да се наплаќа надоместок кој го определува давателот на услугата.

(2) Лицата со хендикеп се ослободени од плаќање на надоместок за користење на јавниот санитарен јазол.

**Член 113**

Забрането е уништување и оштетување на санитарната опрема.

**5. ПРИФАЌАЊЕ, ОДВЕДУВАЊЕ И ИСПУШТАЊЕ АТМОСФЕРСКИ ВОДИ**

**Член 114**

Комуналната дејност одведување и испуштање на атмосферски води подразбира уредување на условите, организирањето и начинот на прифакање на атмосферски води од урбани површини, нивно одведување со канализациони мрежи и испуштање во реципиент, како и изградба и одржување на атмосферската канализација.

**Член 115**

(1) **Атмосферски води** се сите површински води предизвикани од атмосферските врнежи (дожд и снег) кои преку сливниците се слеваат во атмосферската канализација.

(2) **Атмосферски систем** за прифаќање, одведување и испуштање на атмосферски води представува збир на хидротехнички објекти и тоа: сливници, таложници, црпни муљни станици, улична атмосферска мрежа, магистрални канали,приклучни шахти,ревизиони шахти, разни видови на пропусти, канавки и други слични објекти за прифакање и спроведување на атмосверски води.

(3) Атмосфеската мрежа се состои од затворени подземни водови-цевководи и површински отворени канали.

**Член 116**

(1) Прифаќање, одведување и испуштање на атмосферските води од урбани површини во реципиентот **е дејност од јавен општ интерес.**

(2) Прифакањето, одведувањето и испуштањето на атмосферските води претставува комунална дејност за задоволување на заедничките потреби на сите физички и правни лица, за која локалната самоуправа обезбедува услови за нејзина изградба.

**Член 117**

(1) Изградбата на атмосферската мрежа за зафаќање, одведување и испуштање на атмосферските води во реципиентот, општината може да го довери на јавното комунално претпријатие основано од општината или на друго правно или физичко лице кое има дозвола да врши ваква дејност согласно на законот. ,

(2) Одржувањето на атмосферската канализациона мрежа го врши Јавното комунално претпријатие основано од општината, се додека тоа не се реши на друг начин согласно со закон.

**Член 118**

(1) Давателот на услугата за одржување на атмосферската канализациона мрежа е должен:

- постојано да обезбеди континуирано и непрекинато собирање и одведување на атмосферските води од урбаните јавни и сообракајни површини преку изградената атмосферска канализациона мрежа во реципиентите;

- да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосферска и
канализациона мрежа а посебно да врши редовно чистење на сливниците и таложинците после секои поголеми врнежи.;
- да врши редовно чистење на отворените канали;
- во случај на поголеми врнежи од дожд или брзо топење на снег да обезбеди опремена дежурна служба за интервенција, отчепување и инто санирање на нарушени состојби и спречување на штети по имотот и животот на граганите, односно обезбеди соодветно регулирање на атмосферските води;
- да обезбеди и поседува целосна документација за постоечката атмосферска мрежа и постројките;
- да воспостави подземен катастар на наведената инфраструктура;
- да издава хидротехнички услови за приклучување;
-дапријави до општинскиот комунален инспектор вочено нарушување и оштетување на објект на атмосферска мрежа;
-да врши поправка и замена на решетките на сливниците;
-да превземе соодветни мерки за заштита на возилата и пешаците во случај на оштетена или исчезнена решетка на сливник, капак на шахта и слично се до моментот на санирање на состојбата;

**Член 119**

(1) Прекинување на квалитетно и функционално давање на оваа комунална услуга за третирање на урбаните атмосферски води може да дојде во случај на:
- оштетување на атмосферскиот канализациониот систем поради виша сила; земјотреси, поплави, лизгање на земјиште и слично
-поголеми хаварии и дефекти или оштетување на атмосферскиот канализациониот систем;
- врнежи од големи размери;

**Член 120**

(1) Во случаите кога отстранувањето на дефектот или запушувањето на атмосферскиоти канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата е должен да постапи според член 293-член 296 од оваа Одлука.

**Член 121**

Изградба и доградба на атмосферски канализациони системи за прифаќање и одведување на атмосферските води од урбани површинии или дел од нив се врши според Програма за уредување на градежно земјиште на Општина Крива Паланка усвоена од страна на Советот на Општината.

**Член 122**

Проектирање, изградба, реконструкција и доградба на атмосферски канализационен систем се врши по претходно издадени (добиени) хидротехнички услови на начин и услови утврдени со закон.

**Член 123**

(1) При изградба на јавни, сообраќајни и други површини како: улици, патишта, паркиралишта и друго се поставуваат сливници, атмосферски цевковод и приклучни и контролни шахти за одводнување на атмосверските води.
(2) Трошоците за поставување на сливниците, атмосферскиот цевковод, шахтите какои нивните приклучоци паѓаат на сметка на инвеститорот на спомнатите површини.

**Член 124**

Давателот и вршител на дејноста обезбедува целосна документација на атмосферскиот канализациониот систем и постројките заради воспоставување на подземен катастар на наведената инфраструктура, како и за издавање на хидротехнички услови за приклучување.

**Член 125**

Контрола на состојбата на атмосферската мрежа врши комуналниот инспектор на општината кој во случај да открие сериозно нарушување во записникот за контролата, ќе ги наведе мерките и дејствата што треба да ги превземе давателот на услугата за надминување на истите во определен временски период.

**Член 126**

Над и покрај улични ревизиони шахти и сливници на атмосферската мрежа, не смее да се лоцира и гради било каков постојан или времен објект, да се депонира или поставува било каков материјал и предмети со кој се оневозможува нивната употреба и користење.

**Член 127**

(1) При изградба на атмосферска канализација, истата не смее да се постави под фекална канализација .
(2) Во отворени канали за одведување на атмосферски води не е дозволено да се испуштат отпадни и фекални води, како и фрла и остава земја и отпад .

**Член 128**

Заради заштита и спречување оштетување на атмосферската канализациона мрежа се забранува:
- испуштање на отпадни води од домакинствата во атмосферската мрежа;
- испуштање на индустриски отпадни води во атмосферската мрежа:
-испуштање на фекалии од септички јами и полски клозети во атмосферската мрежа;
- самоволно и без одобрение приклучување на атмосферската мрежа;
- полнење на уличните сливници,таложници и пропусти со истурање и оставање на: песок, земја, камења, дрва, пепел, стакло, метал, пластични материи, и разновиден отпад.
- испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во атмосферската мрежа;
- отстранување, преместување и оштетување на уличните решетки на сливниците и капаци за шахти на атмосферската канализација;

**Член 129**

Средства за изградба и одржување на атмосферскиот канализационен систем се обезбедуваат од:
- надоместок за уредување на градежно земјиште утврден со закон,
- комунална такса утврдена со закон,
- средства од буџетот на Општината ;
- средства од буџетот на РСМ
- средства обезбедени од самодопринес, кредити, донации и други извори определени со закон.

## 6. СОБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

**Член 130**

Комуналната дејност собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад подразбира пропишување на општите и посебни правила за селектирање, собирање, транспортирање, преработка и депонирање на отпадот од населението, деловните објекти и индустријата во уредни депонии, како и одржување на депониите.

**Член 131**

Собирање, транспортирање и депонирањето на комуналниот отпад, третманот на комуналниот отпад, како и ракување и одржување на местата за селективно собирање и отстранување на отпадот претставуваат јавни услуги од локално значење.

**Член 132**

(1)**Отпад** е секоја материја или предмет што создавачот или поседувачот ја отфрла или има намера да ја фрли.

(2) **Комунален отпад**е неопасниот отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата и комерцијалниот неопасен отпад, односно комунален отпад е отпадот што се создава во секојдневното живеење и работа во станбени, деловни, дворни идруги простории како што се отпадоци од храна,отпадоци од производи од животинско и растително потекло, одпадоци од пластика, отпадоци од пакувања, отпадоци од хартија,најлони,остатоци од облека и друг сличен отпад.

(3) **Комерцијален отпад**е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности а кој според својата природа или според својот состав е сличен наотпадот од домакинствата.

(4) **Индустриски неопасен отпад**е отпадот што се создава при производните процеси во индустријата, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

**Член 133**

(1)**Создавач**е правно или физичко лице кое што создава отпад како резултат на својата активност или дејност.
(2)**Поседувач**е правно и физичко лице кое што има отпад во свое владеење.

**Член 134**

(1) Постапување со отпад се операции кои опфаќаат собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање, депонирање и отстранување на отпадот.

(2) Управување со отпад е избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и елиминирање на негативно влијание.

(3) Преработка на отпадот се операции утврдени со **Законот за управување со отпад**, кои имаат за цел да се искористат употребливите материи и состојки на отпадот, преку постапките за повторно користење на отпадот, рециклирањеи за користење на отпадот како извор на енергија.

(4) Третман на отпадот се механичките, физичките, термичките,хемиските или биолошките процеси, вклучувајќи го и сортирањетоили селекцијата.

(5) Рециклирање на отпадот е добивање секундарни суровини од отпадот и нивно користење како замена за примарните суровини.

(6) Собирање на отпадот е збир од организирани дејности кои што опфакаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

(7) Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што неможе повторно да биде употребен или преработен.

(8) Депонирање е операција за отстранување односно соодветно одлагање на отпадот на депониитесо негово истурање над или под земја.

(9) Депонија е објект наменет за одлагање односно отстранување на отпадот.

**Член 135**

(1) Давањето на комуналната услуга собирање, транспортирање и депонирањена отпадот на подрачјето на Општина Крива Паланка го врши Јавното комунало претпријатие ,,Комуналец"основано од општината или правно и физичко лице кое врши ваква комунална дејност со дозвола.

(2) Давањето на комунална услуга на корисниците на оваа комунална услуга се воспоставува врз основа на Договор склучен мегу давателот на услугата и корисникот на услугата на начин утврден согласно на закон.

**Член 136**

(1) Корисници на комуналната услуга за собирање, транспортирање и депонирањена отпадот се сите физички и правни лица кои создаваат и поседуваат комунален или друг неопасен отпад на територијата на општината Крива Паланка, а се опфатени во Планот за организирано собирање на комуналниот и неопасен отпад.

(2) Планот за организирано собирање на комунален отпад го изготвува давателот на услуга, а го усвојува Советот на Општината.

(3) Планот за организирано собирање на комунален и неопасен опфат содржи:територијален опфат, односно дефинирање на подрачјето каде ќе се спроведува организираното собирање и давање на комуналната услуга, начинот и времето на собирање на отпадот, типот на возилото со кое ќе се собираотпадот, број на корисници и друго.

**Член 137**

Правните и физичките лица се должни да го собираат отпадот и да го предадат на давателот на услугата определен за собирање на комунален и неопасенотпад на територијата на општината Крива Паланка.

**Член 138**

(1) Давателот на услугата врши организирано собирање и транспортирање на комуналниот и неопасниот отпад на подрачјето на градот, на подрачјата на приградските населби, на подрачјата на поголемите рурални населби и руралните населби покрај магистралниот пат.

(2) Задолжителни корисници вклучени во организираното собирање на комуналниот отпад се сите физички лица, сопственици или корисници на индивидуални станбени објекти и сите правни субјекти чии објекти се одалечени до 200 метри одулица, локален пат,регионален пат или магистрален пат.

**Член 139**

(1) Правните и физичките лица кои создаваат комунален и друг неопасен отпад се должни да го селектираат отпадот според видот и според неговите карактеристики од моментот на нивното информирање од страна на давателот на услугата или општината.

(2) Од моментот на информирањето физичките и правни лица се должни да постапат согласно добиените упатства и селектираниот отпад го оставаат во соодветни садови или го предаваат на определените собирни пунктови за собирање на селективен отпад.

**Член 140**

Создавачите на комерцијален отпад должни се да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давателот на услугата на територијата на општината.

**Член 141**

Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата определени за собирањена опасен отпад.

**Член 142**

(1) Давателите на услугите на оваа комунална дејност се должни да постават садови за собирање и селектирање на комуналниот отпад,со кои се овозможува селектирање на отпадот пред негово собирање, а особено одделно собирање на опасниот дел содржан во комуналниот отпад.

(2) Садовите за селекција на отпадот ги набавува давателите на услугата или општината.

(3) Локациите за поставување на садови за селектирање на отпадот ги определува органот надлежен од општинат, Одделението за урбанизам,сообраќај и заштита на животнасредина.

**Член 143**

(1) Сопствениците на индивидуални згради, станови, деловни простори, закупци и други корисници на станбен и деловен простор, како корисници на услуги должни се отпадот од своите простории да го собираат во корпи или канти за отпад како и да ги користат услугите на давателот на начин и под услов пропишан со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

(2) Сите корисници на услуги кои живееат во индивидуални станбени згради, сопственици на занаетчиски дуќани и приватни претпријатија задолжително треба да поседуваат сопствени садови за отпад во зависност од количината на отпадот кој го создаваат.

(3) Секој корисник на комуналната услуга за собирање, транспортирање на комуналниот и неопасниот отпад плаќа надоместок, формиран согласно соодветна методологија и усвоен од страна на Советот на општината.

**Член 144**

Давателот на услугите е должен металните садови, контејнери и индивидуални канти и вреќите за отпад да ги зема, празни и враќа на соодветното место.

**Член 145**

(1) Овластените работници на давателот на услугите при подигањето на комуналниот отпад од станбените и деловните објекти и простории должни се видливо да носат прикладно обележана униформа, а во возилата да носат метли и лопати за собирање на растурениот отпад при утовар на возилата, собирање на отпадот покрај контејнерите, како и собирање на отпадот испаднат при транспорт.

(2) Овластените работници на давателот на услугите приподигањето на комуналниот отпад од станбените и деловните објекти во ноќните часови се должни да избегнуваат непотребно создавање на бука,трескање на садовите и викотници.

**Член 146**

(1) Давателот на услугите должен е да ги одржува и поправа јавните корпи за отпадоци и контејнерите.

(2) Давателот на услугата е должен да го собере отпадот создаден во урбаните срединии нивната околина однепознат произведувач на отпадот, kako и сekoј отпад согледан и посочен одстрана на комуналниот инспектор .

**Член 147**

(1) Индивидуалните садови за отпад треба задолжително да имаат капак за затварање или поклопување на садот.

(2) Се забранува оставање на индивидуални садови за отпад на јавниповршини со исклучок во деновите кога се собира отпадот и тоа задолжително затворени со капак или поклопец.

**Член 148**

Се забранува :

- поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци надвор одопределените места однадлежниот орган на општината.
- кршење и оштетување на контејнерите и јавните канти и корпи за отпад;
- оставање, складирање и чување на комунален отпад надвор одкантите за отпад, контејнерите за одпадили вреќите за отпад;
- оставање на некомунален отпадво кантите, контејнерите и вреќите за отпад
фрлање на жар, киселина, масла, уље и слично во садовите за отпад;
- оставање на неселектиран отпад во садовите за селектирање на отпадот;
- пребарување и вадење на отпадот во корпите, кантите и контејнерите;
- отстранување на делови одконтијнерите;
- пребарување на отпадот во комуналната депонија;
- палење на отпадот во контејнерите и кантите;
- палење на отпадот во комуналната депонија;
- паркирање на возила пред контејнерите и колективните садови за отпад;
- фрлање на комунален отпадна јавни, сообракајни површини, речни корита и долови;
- фрлање на опасен медицински отпад во садовите за комунален отпад;
- фрлање на умрени животни во садовите за отпад;

**Член 149**

(1) Давателот на услугата собраниот комунален отпад го транспортира и депонирана определена комунална депонија или до простор определен како претоварнастаница.

(2) Јавното комунално претпријатие основано од страна на општината се грижи за одржување и уредување на депонијата за комунален отпад лоцирана во село Конопница се до нејзиното затварање и поминување во регионално управување со отпад.

(3) Јавното комунално претпријатие на депонијата е должно:
- даго огради просторот на депонијата и да врши контролирано влегување и излегување како и води соодветна дневна евиденција;
- континуирано отпадот да го покрива со земја во слој od 30-50 см;
- да не дозволи палење и горење на отпадот
- да не дозволи расфрлање на отпадот надвор оддепонијата;
- да не дозволи лизгање на отпадот во реката;
- да превзема санитарно- хигиенски мерки ;
- да врши дезинфекција и дератизација на просторот на депонијата;
- да обезбеди на депонијата електрично осветление вода за пиење и вода за техничка употреба во доволна количина,
- дезинфекција на возилата кои депонираат смет.

**Член 150**

(1) Давателот на услугите е должен комуналниот отпад да го собира два пати во неделата додека во периодот од јули до октомври два пати во неделата по утврдена летна шема и распоред на собирање, одобрена од Советот на Општината. Собирањето на отпадот на главната улица ќе се извршува шест пати во неделатасо исклучок на денот недела.

(2) Давателот на услуrите е должен преку јавните електронски медиуми задолжително и навремено да ги известува корисниците за секоја промена на распоредот и динамиката на собирање на отпадот .

(3) Во случај на спреченост на собирање на отпадот давателот на услугата е должен да ги извести rраѓаните и комуналниот инспектор. Во известувањето давателот на услугата треба да ги наведе причините заради спреченоста како и когаќе се изврши собирање на отпадот во тојдел однаселбата.

**Член 151**

(1) Постапувањето и отстранувањето на отпадот што се наоѓа на јавни површини или на земјиште сопственост на РСМ, а кој можеда предизвика загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето или загадување на водите, воздухот и почвата го врши давателот на услуга на сметкана општината.

(2) Постапувањето со отпадот што се наоѓа на приватен имот со одобрение одсопственикот или корисникот на имотот , а кој можеда предизвика загрозување на животната средина,животот и здравјето на луѓето или загадување на водите, воздухот и почвата е обврска на сопственикот или корисникот на имотот.

(3) Доколку сопственикот или или корисникот на имотот на кој се наоѓа отпадот не го отстрани отпадот на начин предвиден со закон, отпадот ќе го отстрани давателот на услугата,врз основа на правен акт издаден од Градоначалникот при што отстранувањето на отпадот ќе биде на трошок на сопственикот или корисникот на имотот.

**Член 152**

(1) Во руралните средини во кои нема организирано собирање на комунален отпад истиот се собира во оградени ископани јами .

(2) Отпадот во јамите задолжително се затрупува со земја .

(3) Јамите за отпад не смеат да се наоѓаатво шума, покрај водотек и на обработливо земјиште.

**7.ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА**

**Член 153**

(1) Под одржување на јавна чистота се подразбира чистење миењеи метење на јавни и сообраќајни површини во урбани средини и јавни и отворени простори на јавни објекти.

(2) Со оваaточка се уредува начинот и постапката на вршењето на работите во врска со чистење и одржување на јавните и сообраќајни површини на подрачјето на градот, отворените простори на јавните објекти во градот и други урбани населени места.

**Член 154**

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти се улици, локални патишта,тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, аеродроми, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти (стадиони, хиподроми, стрелишта), јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти.

**Член 155**

Одржувањето на чистотата на јавните и сообраќајните површини од оваа Одлука го врши Јавното комунално претпријатие основано од општината или правно и физичко лице, согласно закон.

**Член 156**

Одржувањето на чистотата во становите и станбените објекти, во објектите на правните и физичките лица за вршење на дејност, на земјиштето што им припаѓа за употреба на тие објекти, како и на неизградено градежно земјиште во урбаните средини, го вршат сопствениците односно корисниците.

**Член 157**

(1) Начинот и постапката на одржувањето на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини, ги уредува општината со посебена Годишна Програма која ја усвојува Советот на Општината.

(2) Програмата за одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини содржи: динамика, начин и технологија на вршење на работите, во врска со одржувањето на јавната чистота и сообракајните површини, обврски на давателитете и корисниците на услуги и распределба на средства по намена.

(3)Дaвателотна услугата е должен е преку средствата за јавно информирање да ги извести граѓаните за динамиката и времето на чистење (миење и метење ) на јавните и сообракајните површини во градот.

**Член 158**

(1) Јавните површини треба да се користат според нивната намена и да бидат постојано уредни и чисти.

(2) Забрането е уништување и оштетување на јавни површини, објекти и уреди што се составен дел на нив.

(3) За одржување на јавни површини надлежен е давател на услугите Јавно комунално претпријатие во општината или секое правно и физичко лице кое врши ваква комунална дејност со дозвола.

(4) Одржувањето на јавните површини во градот се врши по потпишан договор со надлежен орган на општината.

(5) Давателот на услугите е должен да поднесе годишна програма заклучно со месец декември од тековната за наредната година.

(6)За програмата од став 4 на овој член согласност дава Советот на Општина Крива Паланка.

(7) Во случај на временски и др. елементарни непогоди, празници и прослави, давателот на услугите е должен да изврши вонредно чистење на јавните површини.

(8) Во годишната програма се определува приоритетот за чистење на јавни сообракајни површини.

(9) Висината на надоместокот односно комуналната такса за одржување на јавната чистота ја утврдува Советот на Општината.

(10) Средствата собрани за одржување на јавната чистота се приходи на општината и се користат исклучиво наменски за финансирање на работите од Годишната програма за јавна чистота.

**Член 159**

(1) Миењето на јавни и сообраќајни површини се извршува од месец април до месец октомври и тоа во раните утрински часови кога фреквенцијата на возилата и луѓето кои се движат по површините кои се мијат е минимална, односно во периодот од 04 - 09 часот.(да се произнсе градоначалник)

(2) Миење на јавни површини во периодот од ноември до март може да се врши доколку дневната температура е повисока од 7 степени целзиусови, во спротивно е забрането миење на јавните и сообраќајните површини заради спречување на создавање на голомразици и заледувања на површините.

**Член 160**

Чистењето и метењето на јавните и сообраќајни површини се врши дење од 06-12 часот главната улица, додека останатите улици од 12-15 часот и тоа по однапред утврдени приоритети согласно на Програмата за јавначистота.

**Член 161**

Миење на тераси и балкони на индивидуалните и колективните станбени објекти кои се лоцирани кон улица може да се врши само недела, во временски термин од 07-09 часот.

**Член 162**

(1) Сопственици и корисници на спортски и рекреативни објекти, забавни, паркови и игралишта, организатори на јавни собири и јавни приредби, сопственици на луна паркови, како и други закупци и корисници на јавни површини треба секојдневно да ја чистат користената јавна површина. Доколку се работи за еднодневна активност, јавната површина треба да биде исчистена веднаш по завршување на манифестацијата од страна на организаторот и корисникот на јавната површина.

(2) Во случај ако користената јавната површина не биде исчистена, истата ќе биде исчистена од страна на давател и вршител на таква услуга , но на терет на организаторот и корисникот на јавната површина.

**Член 163**

(1) На јавни површини треба да се поставaт канти или контејнери за отпадоци кои ги одржува давателот на услуги.

(2) Корпите за отпадоци или контејнерите ќе бидат поставени за времено одржување на јавни манифестации од страна на давателот на услуги, а ќе ги одржуваат корисниците на јавни површини или давателот на услуги на сметка на организаторот на манифестацијата.

(3) Садовите за отпад по можност треба да бидат изработени од прикладен материјал и етстетски обликувани со можност еднобојно офарбани.

**Член 164**

Локациите за поставување на контејнерите и кантите за отпад на јавните површини се утврдуваат со Програма за поставување на урбана опрема, донесена од страна на Советот на Општината, а по предлог на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина.

**Член 165**

Се забранува цртање и пишување на разни пораки и текстови, како и лепење на плакати на јавна површина надвор од местата определени од Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 166**

Возилата што превезуваат материјал што може да се истура на јавните и сообраќајни површини мора да бидат обезбедени и од истите да се спречи било какво истурањето на материјал по улица.

**Член167**

На јавните и сообраќајни површини не е дозволено односно забрането е:
- фрлање и оставање на хартија, опушоци, амбалажа, земја, песок, шут, отпадоци и градежен материјал и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена;
- оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината,запалување, уништување и закопување на комуналниот цврст и технолошки отпад;
- излевање и пуштање на отпадни води и други течности;
- уништување на огради, клупи, натписи, садови за отпадоци и сл.;
- миење на автомобили ;
- перење на килими,теписи,постелнини,
- колење на ситен и крупен добиток,
- фрлање на пцовисани животни,
- сечење, складирање и цепење на дрва, јаглен и слично, освен за места определени за таа намена, ;
- паркирање на нерегистрирани возила надвор од определените места за таа цел, утовар и истовар на возила, особено на места каде што се наоѓаат улични хидранти, шахти и сливници;
- поправање или сервисирање на возила (замена на масло, уље или механички поправки) и вршење на други занаетчиски работи;
- мешање на бетон, малтер и други слични материјали, освен во посебни случаи закои треба да се има одобрение од надлежен орган;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од моторни возила;
- оставање на нерегистрирани и хаварисани возила, земјоделски машини, делови од возила, приколки и камп приколки;
- рстурање на отпадоци од вреки, контејнери и корпи; и
- поставување контејнери за отпад, канти и сл., надвор од определеното место за таа цел;
- да се фрла и остава отпад надвор од садовите за отпад;
- истекување на фекални води од домакинствата,
- истекување на фекални води од објекти за чување на стока,
- да се фрлаат летоци и друг пропаганден материјал без одобрение на надлежен орган на Општина Крива Паланка;
- да се пали отпад;
- движење на возила од чии тркала би се нанесувала земја на коловозот.
- истегнување на железо,
- оставање на шталско губре,
- оставање на картонска и друг вид на амбалажа,
- цртање на цртежи и графити на фасадите од објектите, оградите и урбаната опрема, потпорните и заштитните ѕидови без одобрение од надлежниот орган на општината;
- вршење на физиолошки работи надвор од објектите за таква намена,
- миење на балкони и тераси на индивидуални колективни објекти надвор од определениот временски период;
- варење на ракија и правење на зимница,
- тресење на постелини и столни чаршафи
- продавање или изложување на производи или вршење на дејности пред или надвор од деловниот објект, освен во случаи, под услови и на начин и постапка утврдени со закон или пропис на Општината,

.

**Член 168**

Во случај на прекумерно нарушување на јавните и сообраќајни површини поради временски непогоди, поголеми реконструкции и слично надлежниот општински орган може да определи чистење надвор од динамиката утврдена во Годишната програма за јавна чистота со утврден дополнителен надоместок за услугата која ќе ја контролира општинскиот комунален инспектор.

**Член 169**

(1) На јавните површини пред продавниците и деловните објекти не смее да се остава амбалажа и разни паковања.

(2) Сопствениците на трговски објекти се должни картонската амбалажа од производите да ја предаваат на овластени лица за собирање на хартија .

(3) Ако не постојат овластен лица за собирање на овој вид на отпад тогаш картонската амбалажа треба да се распрегне и собере на начин што помалку да зафака од волуменскиот простор на садовите за отпад .

**Член 170**

Правните и физичките лица должни се дворните површини на своите објекти редовно да ги чистат и уредно да ги одржуваат односно дворните површини да ги користат на начин на кој нема да се нагрдува и деградира просторот,како инарушува естетскиот изглед на непосредната урбана средина.

**Член 171**

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објекте должен да превземе мерки за одржување на јавната чистота во јавниот објект, при што треба да обезбеди:
-редовно чистење и одржување на просториите во јавниот објект;
- редовно чистење на садовите за фрлање на отпадоци;
- инсталациите и уредите во санитарните јазли да бидат исправни;
- во секое време постоење на тоалетна хартија и хартија за раце.

**Член172**

Давателот на услугата има обврска постојано да ги чисти површините околу контејнерите и другите садови за отпад, а особено по подигањето на отпадот.

**8.ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ, ЗЕЛЕНИЛА, ПАРК ШУМИ И РЕКРЕАТИВНИ ПОВРШИНИ**

**Член 173**

Под одржување и користење на паркови, зелени површини, парк шуми и рекреативни површини се подразбира подигање, уредување, чистење, одржување и користење на зелените површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, кастрење на гранките, сечење на дрва, превземање на мерки за заштита и сл. на територијата на Општина крива Паланка.

**Член 174**

(1) Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини кои им служат за одмор и рекреација на граѓаните, а се изградени согласно усвоените урбанистички планови.

(2) Изградба, уредување, одржување и користење на парковите се врши согласно на Годишна програма, донесена од страна на Советот на Општината, а на предлог на Јавното комунално претпријатие на кое му е доверено управувањето со парковите.

(3) Годишната програма треба да содржи: планирање, начин, динамика и мерки за одржување и уредување како и трошоци за извршување на овие работи и извори на средства

(4) Изградбата и подигањето на парковите се врши со финансиски средства за уредување на градежно земјиште или со средства обезбедени на друг начин согласно на закон, а го вршат правни и физички лица кои имаат дозвола или одобрение за вршење на ваква дејност.

**Член 175**

(1) Одржувањето, управувањето и користењето на парковите е дејност која јаврши Јавното комунално претпријатие основано од општината.

(2) Јавното претпријатие е должно квалитетно да ги одржува и уредува парковите согласно годишната програма донесена од страна на Советот на општината.

**Член 176**

Јавното претпријатие за комунална дејност е должно:

- хортикултурно да ги уредува зелените површини;
- редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;
- редовно да ги мете и мие патеките и просторот наменет за шеталишта;
- редовно да ги одржува клупите за седење;
- редовно да врши обработување, засадување и наводнување на зелените површини;
- да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и редовно да ги одржува;
- да врши редовно кастрење на ниските гранкии сечење на сувите гранки;
- редовно да ги чисти и одржува фонтаните и чешмите за вода за пиење;
- да обезбеди лица за чување и одржување на парковите;

**Член 177**

Зеленило претставува посебно уредени, јавни, зелени површини, како тревници, цветни и други насади, жардињери, издвоени дрва или дрвореди покрај улиците, плоштадите, културно-историските споменици, јавните чешми, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени, гробиштата, скверови (модерни зелени површини)и дворните места на јавните објекти на општината.

**Член 178**

(1) Засадување, уредување, одржување и користење на зелените површини се врши согласно на Годишна програма донесена од страна на Советот на општината, а на предлог на јавното комунално претпријатие на кое му е доверено управувањето со зелените површини.

(2) Годишната програма треба да содржи: планирање, начин и мерки за одржување на зелените површини, видови на зеленило (трева, цвеќиња, дрвја), поставување и вид на урбана опрема на зелените површини како и трошоци за извршување на овие работи и извори на средства.

(3) Програмата се доставува до Советот, заклучно со месец декември од тековната за наредната година.

(4) Засадување, уредувањето, одржување и користење на зелените површини го врши јавното комунално претпријатие основано од Општината или физичко лице или правно лице кое врши комунална дејност со дозвола.

**Член 179**

Јавното комунало претпријатие е должно квалитетно да го подига и одржува зеленилото и ги уредува зелените површини согласно годишната програма донесена од страна на Советот на Општината.

**Член 180**

Одржувањето на зелените површини опфака:

- подигање, садење, одгледување, обновување и наводнување на зеленилото
- холтикултурно уредување;
- чистење, плевење и косење на зелените површини;
- заштита на зеленилото од оштетување, болести, штетици и мрзнење;
- одржување на патеките покрај зелените површини;
- редовно да ги одржува клупите за седење;
- да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и редовно да ги одржува;
- да врши редовно кастрење на ниските гранкии и сечење на сувите гранки на дрворедите
- да ги уредува и одржува цветните жардињери.

**Член 181**

(1) Зелените површини во дворовите на претпријатијата и установите должни се да ги одржуваат претпријатијата и установите кои управуваат со тие површини.

(2) Зелените површини околу колективните згради ги одржува и уредува заедницата на станари, а во договор со истата, може да ги одржува и уредува и јавното претпријатие за комунална дејностили друго правно или физичко лице со дозвола од надлежен орган.

**Член 182**

Парк шума е подрачје со посебни природни карактеристики кое се одликува со разновидни дрвенасти видови, со своевиден панорамски изглед и особена природна убавина создадена на природен начин односно тоа се делови од просторот кои со своите природно географски особености и творби на човекот, имаат излетничко, рекреативно, историско, културно и научно значење.

**Член 183**

(1) Парк-шума се прогласува со посебна Одлука на Советот на Општината.

(2) Одржувањето и управувањето на Парк-шума го врши јавно претпријатие или друг правен субјект овластено од страна на општината.

(3) Овластениот субјект на кого му е доверено правото да управува со парк шумата е должен да превземе соодветни мерки, односно воспостави шумски ред со цел да се обезбеди подмладување и заштита на шумите од сечење и уништување, од појава на болести, од појава на пожари, ширење на штетни инсекти и друго.

**Член 184**

(1) Рекреативни површини се определени простори на територијата на општината кои се користат од страна на граѓаните за одмор и рекреација.

(2) Под рекреативни површини на подрачјето на Општина Крива Паланка се подразбираат определени посебни ридско-планински простори и предели, простори околу цркви и манастири,простори околу културно историски споменици и месности, крајбрежни терени покрај реките и акумулациони езера, водопади и слично.

**Член 185**

(1) Одржувањето и управувањето на рекреативните површини го врши јавно комунално претпријатие или друг субјект овластен од страна на Општината.

(2) Одржувањето на рекреативните површини од страна на комуналното претпријатие е составен дел на Програмата за јавна чистота.

(3) Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини општината можеда го довери и на здруженија на граѓани, спортскорекреативни и еколошки друштва, месни заедници, бизнис - закупци на површини за продажба и др.

**Член 186**

(1) Корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини, како и на површините на дворните места на индивидуалното и колективното домување може да се врши заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките.

(2) Корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни и приватни површини,заради изградба на инфрастуктурни објекти предвидени со урбанистичките планови или урбанистичките проекти за инфраструкура .

(3) Работите од ставот (1) на овој член се вршат само врз основа на Решение издадено од комунален испектор при Оддлението за инспекциски надзор, додека работите од ставот (2) на овој член ќе се вршат врз основа на Решение издадено од Одделенето за изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Крива Паланка, со кое се утврдуваат условите и начинот за извршените работи

*(3) Постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.*

*(4) Врз основа на поднесеното барање, комуналниот инспектор или Одделенето за изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Крива Паланка, во зависност од потребатае должно да донесе Решение со кое ќе ја утврди потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).*

*(5) Со решението од ставот (2) на овој член се определува извршителот и рокот во кој истото ќе се спроведе.*

*(6) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање.*

(7) При временска непогода или во друг случај, кога има паднати дрвја на коловоз или јавна површина, по дојава на Центар за управување со кризи, екипата на ЈП Комуналец излегува на терен и го отстранува дрвото.

(8) Сопствениците на зелени површини покрај сообраќајници, тротоари, велосипедски и пешачки патеки се должни да го одржуваат зеленилото и редовно да ги кастрат гранките и живата ограда кои му пречат на безбедното одвивање на сообраќајот или движењето на минувачите и да го одржуваат комуналниот ред.

(9) Комуналниот инспектор е должен да го опомене сопственикот на зелените површини од ставот (8) на овој член, да ги исполни своите обврски во рок од седум дена, во спротивно работите од ставот (8) на овој член, ќе ги изврши вршителот на одржувањето на јавните зелени површини на сметка на сопственикот на зеленилото.

(10) Со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.

(11) Ако пресеченото дрво се наоѓало во централно градско подрачје, компезациското садење изнесува двоен вкупен пречник на исеченото стебло.

(12) Компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата, во првата сезона за садење, но не подоцна од шест месеци.

**Член 187**

(1) Прекопувањето на парковски и јавни зелени површни за поставување на подземни или надземни инсталации, задолжително по претходна согласност од давателот на услугата се врши согласно со член 293-член298 од оваа Одлука.

(2) Во одобрението се определува рокот во кој треба работите да се вршат, како и рокот во кој зелените површини треба да се доведат во првобитна положба. (3) Трошоците за извршување на сите работи утврдени во претходниот член ги сноси инвеститорот, односно изведувачот на работите.

(4) Раскопувањето на јавните зелени површини поради поставување на водоводи, односно изведување на работи на постојни подземни инсталации неможе да се врши непосредно по уредувањето на јавните зелени површини, освен во случаи на отстранување на итни дефекти на подземните инсталации.

**Член 188**

(1) На зелените површини и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зелена површина, телефонската, електричната и водоводната инсталација може да се монтира само подземно.

(2) По исклучок, во парк шума и на пошумени терени инсталациите од предходниот став може да се постават воздушно, но под услов, да не го попречува правилниот развиток на вегетацијата, не го нарушува естетскиот изглед на зеленилото и не го попречуваат нормалното користење на зелените површини.

**Член 199**

Зелените површини доколку се наоѓаат на подрачјето на кое со посебен акт односно посебно урбанистучко решение е определен рок и начин на нивно обликување, во тој случај сопствениците односно корисниците на тие површини се должни да ги уредуваат согласно тој акт.

**Член 190**

Во парковите, јавните зелени површини и рекреативните површини забрането е:
- газење, корнење,кинење, берење на цвеќиња и декоративни дрвенасти видови и други растенија;
- газење и седење по тревата во парковите и на зелените површини ;
- кршење и кастрење на гранки на дрвјата во парковите и дрворедите:
- сипување на разни течности околу дрвјата на дрворедите и во цветните леи и жардињери;
- изведување и вршење на било какви градежни и друг вид на работи без одобрение на надлежен орган;
- поставување на табли, патокази, насочници, билборди, реклами, огласи и информативни листови и сл. на дрвјата од дрворедите;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките на дрвјата;
- кршење, оштетување или уништување на клупите, корпите за отпадоци, канделабрите, фонтаните, чешмите, инсталацијата и друг вид на комунални уреди и опрема кои се составен дел на наведените површини;
- напасување на живина и добиток;
- берење на цветови и плодови од дрвјата;
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од садовите за отпад и фрлање на отпадоци и други предмети во фонтаните и водените површини:
- истоварување, оставање и складирање на разен материал, предмети и амбалажа ;
- кршење на шишиња;
- паркирање на возила, возење на моторни возила, поправка на возила и оставање на делови од моторни возила.
- палење на оган во парк шумите;
- палење на оган на рекреативните површини, надвор од определените места и
-косење на тревата во парковите и другите зелени површини без одобрение;

**Член 191**

Месните заедници во согласност со давателот на услугите можат да превземаат посебни акции за одржување на зелените површини и озеленување на простори и друго градежно неизградено земјиште, дотогаш додека тоа земјиште не се намени според урбанистичиот план.

**9. ОДРЖУВАЊЕ, УРЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ ПАЗАРИ**

**Член 192**

Под одржување,уредување и користење на Јавните пазари во смисла на оваа точка од Одлуката се подразбира уредувањето , одржувањето и управувањето со просторот и објектите на Јавните отворени и затворени пазари, определување и доделување на продажни места, одржување на чистотата и редот на пазарите како и други прашања од значење за користење на Јавните пазари за давање на услуги на трговија пропишани со посебен закон и други прописи.

**Член 193**

Уредувањето, одржувањето и користењето на Јавните пазари на подрачјето на општината Крива Паланка го врши Јавното комунално претпријатие,,Комуналец"основано од општината или правно и физичко лице овластено од страна на општината.

Уредувањето, одржувањето и користењето на Јавните пазари се врши врз основа на Годишна програма која на предлог на давателот на услугата ја одобрува Советот на општината Крива Паланка.

**Член 194**

Корисник на услугите на Јавните отворени или затворени пазари е секое правно и физичко лице кое го користи пазарниот простор и објектите на пазарот за давање на услуги на трговија на мало и за тоа плаќа надоместок, како и физичките лица кои како крајни потрошувачи го користат пазарот за снабдување со разни производи за потребите на домакинствата.

**Член 195**

Јавните пазари се јавни површини чии пазаришен простор мора да биде уреден, асфалтиран или поплочен со материјал отпорен на оштетување а истовремено подобен за лесно чистење, миење и одржување.

Пазаришниот простор мора да биде зашитен со ограда со најмалку два посебни влезови за корисници на услуги и еден влез за внесување на производи.

Пазаришните објекти мора да бидат поврзани на електрична мрежа, водоводна мрежа и канализациона мрежа.

Во рамки на јавните пазари мора да постои санитарен јазол со издвоени најмалку два машки и два женски тоалетни простори кои постојано ќе се чистат и одржуваат

На секој јавен пазар мора да постои соодветен број на соодветни садови за отпад кои редовно и несметано ќ е се празнат.

Тезгите наменети за излагање и продажба на производите мораат да бидат изработени од материјал што лесно се чисти и одржува.

Типот и изгледот на тезгите го определува надлежниот градски орган или давателот на услуги кој стопанисува со јавниот пазар.

Заради заштита на корисниците и на производите од надворешни влијанија задолжително е тезгите да бидат покриени или пазарниот простор да биде покриен.

**Член 196**

На пазарите покрај просторот наменет за продажба на земјоделски производи може да се определи посебен простор за продажба на друга стока како на пример лековити растенија, цвеке, галантерија, бижутерија, грнчарски и пластични производи и друго, меѓутоа надвор од зелениот пазар на посебно оградени простори со посебени влезови и излези и на начин пропишан со закон.

**Член 197**

Јавните пазари се одржуваат на начин кој ќе обезбеди трајно и квалитетно вршење на оваа комунална дејност.

Внатрешното уредување на пазарите го врши давателот на услугата по претходно добиена согласност од надлежниот орган на општината.

Давателот на услугата донесува План со кој ги определува и означува пазарните места според видот на производите што ќе се продаваат, потоа Програма за уредување на пазарите и извештај за собрени и потрошени средства.

Давателот на услугата е должен е минимум 30% од пазарните места да ги намени за дневна понуда на индивидуалните земјоделски производители за продавање на нивните производи.

**Член 198**

Давателот на услугата за одржување и користење на јавните пазари е должен да ги уредува и одржува продажните места, објекти, уреди, опрема и потребната инфраструктура во функционална состојба.

**Член 199**

Давателот на услугата за одржување и користење се грижи за редот на пазарот и за таа цел пропишува пазарен ред.

Пазарниот ред се истакнува на секој од влезовите на јавните пазари. Продавачите и купувачите должни се да се придржуваат кон пазарниот ред.

**Член 200**

Овластениот субјект за пазари го означува работното време на влезовите на јавните пазари.

Зелениот пазар во Крива Паланка работи еднодневно во сабота и тоа од 6 часот до 15 часот

**Член 201**

Давателот на услугата за одржување и користење е должен да обезбеди одржување на санитарно-хигиенски услови на јавните пазари, пазарните површини и пристапите во јавниот пазар и тоа со превземање на следните мерки:

1 Веднаш по истекот на работното време на јавниот пазар пазарниот простор да го исчисти, испере и уреди.
2 Еднаш месечно да врши дезинфекција на пазарните места и отворениот продажен простор.
3 Веднаш по извршеното чистење на пазарот го изнесе и депонира сметот и отпадоците на јавната градска депонија, во согласност со постојните санитарно-хигиенски прописи.

**Член 202**

Давателот на услугата за одржување и користење е должен во зимскиот период редовно да го чисти снегот и ледот од влезовите, излезите и од пазарните површини.

**Член 203**

Право за користење на пазарно место, тезга има секој субјект кој на пазарот се јавува како продавач.

Право на користење на пазарно место се стекнува и врз основа на дневен, месечен или подолг закуп на пазарното место.

Давателот на услугата за одржување и користење води сметка корисникот (закупецот) од став 2 на овој член да не биде попречуван во користењето на закупеното пазарно место.

**Член 204**

За користење на пазарното место на пазарот секој продавач плаќа соодветен надоместок и тоа по:

- ден/м2 пазарно место и
- според количината и видот на понудените производи.

Надоместокот за користење на продажните места го определува давателот на услугата за одржување и користење, по претходна согласност од надлежен орган.

**Член 205**

Се забранува изложување и продажба на земјоделски производи надвор од јавните зелени пазари односно на јавни површини.

Се забранува продажба на било каква стока и производи на пристапно- излезните скали , како и на пристапите до тезгите.

Се забранува изложување и продажба на земјоделски производи директно на подна површина.

## 10. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ВОДНО-РЕКРЕАТИВНИ ПОВРШИНИ

**Член 206**

Водно-рекреативни површини се определени простори на подрачјето на општината Крива Паланка кои се користат од страна на граѓаните за одмор и рекреација во летниот период од годината како што се отворени базени за капење, крајбрежни деловина акумулациони езера и уредени речни корита.

**Член 207**

Под одржување на јавни водно - рекреативни површини во смисла на оваа одлука се подразбира постојано одржување и контрола на квалитетот на водата, чистење и уредување на крајбрежните делови на езерата и уредените речни корита, како и превземање на мерки и активности за безбедност на граѓаните.

**Член 208**

Давател на оваа комунална услуга на подрачјето на општина Крива Паланка е јавно комунално претпријатие ,,Комуналец” основано од Општината, а може да биде и друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите за вршење на ваква дејност пропишани со посебен закон.

**Член 209**

Овластениот субјект кој го уредува и одржува градскиот базени или акумулационото езеро должен е постојано во текот на сезоната за капење да ја контролира хемиската и бактериолошката исправност на водата и за тоа да ја известува јавноста.

**Член 210**

Одржувањето на отворениот базен за да може да служи на својата намена подразбира:
- редовно чистење и промена на водата и уредени и чисти пешачки патеки;
- обезбедени, уредени и чисти површини покрај базенот како и просторите за одмор и рекреација;
- уредени и чисти кабините за пресоблекување и чисти и исправни санитарни јазли;
- исправни и уредни тушеви;
- поставени корпи за отпадоци и регулирано секојдневно нивното собирање;
- во текот на периодот за капење да е организирана служба за спасување и давање на прва помош;
- да има обезбедено медицинска помош;
- да има постојана чуварска служба;
- да има телефонска линија

**Член 211**

Одржувањето на крајбрежните делови на акумулациони езера и уредени речни корита подрзазбира;

- да се чисти и уредени пешачките патеки;
- да се одржува тревната вегетација
- да се отстрани наносот и нечистотијата покрај крајбрежните делови;
- да се уреди и одржува просторот за одмор и рекреација
- да се постават табли за известување на граѓаните.

**Член 212**

За одржување на редот на просторот покрај базенот, акумулационото езеро и уреденото речно корито се грижи овластениот субјект

Начинот за работа и одржување на редот поблиску се уредува со акт на овластениот субјект, а во согласност со актот од надлежниот административен орган. Одредбите за одржување на редот се истакнуваат на табла на видно место на просторот на базенот пред започнување на сезоната, а корисниците се должни да ги почитуваат.

Врз основа на прегледот на техничката и хигиенската исправност на базенот од страна на надлежните инспекциски органи санитарната, здравствената и комуналната инспекција се определува дали се исполнети условите за почеток на сезоната за капење.

**Член 213**

Овластениот субјект кој стопанисува со отворен базен за користење на базенот наплатува еднодневна влезница.

Цената на влезницата ја определува давателот на услугата.

## 11. ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА ВО УРБАНИЗИРАНИТЕ ПРОСТОРИ

**Член 214**

Изградба,одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори подразбира поблиско определување на субјектите кои ќе ги извршуваат наведените комунални работи како и уредување на начинот и обврските кои произлегуваат од оваа комунална дејност.

**Член 215**

Изградба, уредување, одржување и користење на речните корита во урбанизираните простори на подрачјето на општината се врши согласно на Годишна програма донесена од страна на Советот на Општината, а на предлог на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Годишната програма треба да содржи: планирање, начин, динамика и мерки за одржување и уредување како и трошоци за извршување на овие работи и извори насредства

Изградбата, уредувањето и чистењето на акумулираниот нанос на речните корита во урбанизираните простори се врши со финансиски средства за уредување на градежно земјиште или со средства обезбедени на друг начин согласно на закон, а го вршат правни и физички лица кои имаат дозвола или одобрение за вршење на ваква дејност.

**Член 216**

Одржувањето и чистењето на уредените речни корита во урбаните простори е дејност која ја врши Јавното комунално претпријатие ,,Комуналец”основано од општината или правно и физичко лице кое поседува дозвола или одобрение за вршење на ваква дејност.

**Член 217**

Овластениот субјект за одржување е должен квалитетно да ги одржува и уредените речни корита согласно годишната програма донесена од страна на Советот на Општината.
Одржувањето на уредено речното корито подразбира:

- редовно собирање на отпадот;
- косење и наводнување на тревата и отстранување на непотребната вегетација;
- чистење на површините за одмор и рекреација;
- одржување на комуналната опрема.

**Член 218**

Од уреденото речно регулационо корито на Крива Река и Дурачка Река не може да се вади чакал и камен без претходно добиено одобрение од надлежен орган.

**Член 219**

Во уредено речно регулационо корито забрането е:
- да се фрла комунален градежен комерцијален и друг вид на отпаден материјал;
- да се оштетуваат регулационите ѕидови
- да се напасува животни;
- да се паркираат товарни и моторни возила без одобрение;
- да се одвива сообракај;
- да се оставаат хаварисани возила и други железни предмети и делови
- да се оштетуваат и уништуваат инфраструктурните уреди и опрема
- да се испуштаат масла, уља и слични течности

## 12. ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА И ДАВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

**Член 220**

(1) Пододржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги се подразбира определување, изградба и одржување на гробиштата, гробни места, гробници, гробови, придружните објекти и инфраструктурата во гробиштата и давање на погребални услуги, како што се превземање, чување, опремување и превоз на умрените до места за погреб и погребување.

(2) Со оваа точка ододлуката поблиску се утврдуваат одредбите за начинот на уредување, одржувањето, управувањето и користењето на гробиштата и одржување на редот на гробиштата .

(3) Гробишта се земјишта кои служат за закоп на умрените, како и земјиштана кои постојат видливи знаци за закопување на умрените.

**Член 221**

(1) Гробиштата на подрачјето на Општина Крива Паланка имаат статус на комунален објектодјавен интерес.

(2) Определувањето на локацијата за гробишта на подрачјето на Крива Паланка го утврдува Советот на Општината Крива Паланка.

(3) Изградбата на гробиштата и патеките до гробовите се врши согласно урбанистичкиот план или со посебна одлука донесена одСоветот на Општина Крива Паланка.

(4) Гробиштата се изградуваат, уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките планови и санитарните прописи.

(5) Гробиштата не можат да се определат на санитарно-заштитни подрачја на кои се наоѓаат или се предвидени јавни објекти за снабдување со водаза пиење.

(6) Уредувањето и одржувањето на гробиштата се врши врз основа на Годишна програмакоја ја усвојува Советот на општината, а на предлог на управителот на гробиштата

(7) Програмата се доставува пред крајот на тековната година за наредната година.

(8) Одржување на гробиштата е тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата, што пак подразбира изведување на работи заради одржување и зачувување на основните барања на објектот во текот на неговата употреба и тековното одржување, уредување на патеки, санитарни јазли, капели, хортикултурно уредување, чистење и друго.

(9) За одржување на гробиштата се плаќа надоместок односно гробна такса или т.н гробарина. Износот на гробаринат на предлог на управителот на гробиштата, го утврдува Советот на општината Крива Паланка.

(10) Надоместокот за гробните места и сите други приходи одгробиштата можат да се користат само за одржување и уредување на гробиштата.

**Член 222**

(1) Закопот на умрените се врши само на локации определени за гробишта.

(2) На гробишта се закопуваат лица кои починале на подрачјето каде гробиштата се основени, лица кои во часот на смртта имале живеалиште или престој на тоа подрачје и поранешни граѓани на Општина Крива Паланка.

**Член 223**

(1) Во населените места со припадници од разни вероисповести, на гробиштата се определува дел од секоја вероисповест или се определува посебно место за гробишта.

**Член 224**

(1) На гробиштата, освен гробовите, гробниците, надгробните споменици и надгробните знаци, можат да се градат само објекти за санитарна и техничка служба на гробиштата, капела или мртовечница за чување на умрените до закопот и други објекти согласно плановите и одобренијата на надлежниот орган на општината од областа на урбанизмот.

**Член 225**

(2) Во гробиштата може да се одржуват само собири кои се во врска со погребот или со вообичаените помени и верски обреди.

(3) Верските обреди на гробиштата можат да се вршат во согласност со прописите на правната положба на верските заедници. Дозволено е верско обележување на гробовите и гробиштата.

**Член 226**

(1) Со гробиштата управува управител на гробиштата, кој врши работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата.

**Член 227**

(1) Управителот на гробиштата е јавното комунално претпријатие,,Комуналец”основано од општината Крива Паланка на кое од страна на Советот на општината Крива Паланка е доверено правото за вршење на оваа дејност.

(2) Давателот на услугата-управител на гробиштата донесува План за уредување, одржување и користење на гробиштата, го определуваат местото за закоп го обезбедуваат закопот на починатиот и водат евиденција за гробните места.

**Член 228**

(1) За уредување и одржување на гробиштата се грижи давателот на услугата, додека за уредување и одржување на самите гробови се грижат корисниците на услугите.

**Член 229**

Давателот на услугите кој управува со гробиштата се грижи за:

- уредување на просторот, инфраструктурата и објектите на гробиштата;
- обезбедување на потребните санитарно-технички објекти на гробиштата на соодветни места како што се (санитарни јазли, чешми, садови за отпад, простор за фрлање на венци и друго );
- одржување и користење на гробиштата;
- го обезбедува закопот на посмртните останки на починатиот и водат евиденција за гробните места.
- проодноста, одржувањето и чистотата на патеките;
- уредување и одржување на зеленилото;
- редовно чистење на гробиштата;
- исправност на објектите за вода;
- редовно изнесување на отпадот;
- да истакне на видно место информативна табла
- Гробиштата треба да бидат заградени и постојано чисти и уредни.

**Член 230**

Давателот на услугата кој управува со гробиштата треба да води евиденција за

- сите видови на гробови;
- починатите лица закопани во гробиштата;
- ископаните лица што биле закопани во гробиштата и местото на однесувањето на нивните мошти;
- именик за закопаните лица со ознака на местото на кое се тие закопани.

**Член 231**

(1) Давателот на услугите просторот за гробно место го доделува на користење со посебно склучен договор за закуп на гробно место и тоа со важност од пет (5) години.

(2) По истекот на тој период договорот се продолжува за наредните пет години и така последователно. Гробното место може да се додели на користење и пред настанување на потребата за закопување (резервација) на член на семејството на починатиот.

(3) Ако корисникот на услугата него продолжи договорот во рок од една година од истекот на договорот значи дека со тоа се откажува од користење на гробното место и со тоа истото поминува во надлежност на давателот на услугата.

**Член 232**

Давателот на услугите се грижи за уредување и редовно одржување на гробиштата и гробовите на паднати борци во национално ослободителни војни на Македонија и заштита од оштетување и уништување на спомениците и други знаци со кои тие се обележени.

**Член 233**

(1) Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден.

(2) Граѓаните и лицата корисници на земјиштето на гробиштата се должни да се придржуваат на редот за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како што одговара на местото и должното почитување кон починатите.

**Член 234**

На гробиштата не се дозволува:
- викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата;
- носење на кучиња и други животни;
- пасење на стока;
- засадување на било какви листопадни и зимзелени дрвја ;
- газење на гробовите;
- оштетување на гробовите, надгробните споменици клупи, чешми, санитарни јазли и останати објекти;
- оштетување на оградата на гробиштата;
- собирање на прехранбени производи, предмети и цвеќиња од гробовите оставени од блиските на починатите;
- поставување на непријатни натписи или било какви реклами.
- уништување на оградата.
- фрлање на отпадот надвор од определените места за таква намена;
- испишување на натписи со кои се навредува почитувањето на починатиот. ;
- собирања на гробиштата кои не се во врска со верски обреди и обичаи.

**Член 235**

Корисниците на услугите се должни отпадот од чистењето на гробовите да го собираат и да го изнесуваат во контијнерите поставени од давателот на услугите.

**Член 236**

Изградбата на гробовите, надгробните споменици и знаци може да го врши претпријатие или физичко лице кои имаат одобрение за вршење на вакви дејности во присуство на член на потесното семејство на починатиот.

**Член 237**

За обликување на надгробните плочи, споменици, натписи и за уредување на гробовите воопшто, одлучуваат корисниците на гробиштата придржувајки се на планот за уредување на гробиштата.

**Член 238**

(1) Не се дозволува внесување на градежни материјали за изградба на споменици, како и изградба на истите во временски период од 15 часот претходниот до 7,00 часот наредниот ден.

(2) Не се дозволува самостојно бетонирање и изградба на бетонска подлога за монтирање на надгробниот споменик без одобрение или присуство на давателот на услугите.

**Член 239**

Давателот на услугите ќе ги отстрани од гробовите, венците и цвеќето по истекот од 60 дена сметано од денот кога се поставени.

**Член 240**

(1) Закопот на починатиот на гробиштата се врши на начин утврден со закон и соодветни подзаконски акти.

(2) Преносот на покојниот до гробното место се врши со посебно специјално возило наменето за таа цел од страна на оператор за погребални услуги согласно посебните законски прописи.

(3) За пренос на мртвото тело од заразни болести се применуваат посебни
хемиско- санитарни прописи утврдени со занкон.

**Член 241**

Давателот на услугите со претходно добиената согласност од Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи може да одобри ексумација на гробовите по барање на заинтересираното лице или по барање на државен судски орган.

**Член 242**

(1) Погребалните услуги се вид на комунална дејност што подразбира превземање, чување, опремување и превоз на умрено лице до местото за погреб и вршење на погреб односно положување на умреното лице во гроб.

(2) Погребалните услуги ги врши лице оператор на погребални услуги.

(3) Оператор на погребални услуги на подрачјето на општината Крива Паланка може да биде секое правно или физичко лице кое има дозвола за вршење на погребални услуги од надлежен државен орган и на кое надлежниот орган на општината му издал одобрение за вршење на погребални услуги на територијата на општината.

(4) Задолжителен услов за добивање на вршење на дејноста на погребални услуги на подрачјето на општината е постоење на постојано седиште или издвоена испостава на фирмата на територијата на општината Крива Паланка

(5) Операторот на погребалните услуги врши работи на превземање на умреното лице од местото каде починало, превезување до мртовечница, чување, опремување со погребална опрема, превоз на починатото лице до домот по барање на блиските роднини, превоз до капела и превоз на умреното лице до местото на погреб и негово положување во специјална јама односно гроб.

**Член 243**

(1) Капела претставува специјален објект на гробиштата изграден во облик и форма, согласно верските обичаи и технички нормативи и санитарни стандарди, а служи за чување на покојните лица до вршење на закопот.

(2) Изградбата на Градска капела се врши со согласност на Советот на Општината Крива Паланка.

(3) Одржувањето и управувањето со капелата го врши управителот на гробиштата, односно, во случајот Јавното комунално претпријате,Комуналец" основано од страна на општината..

(4) Прифакањето на покојните лица во капелата ќе се врши во било кое време во текот на 24 часа.

(5) Дозволеното седење на лица во просторијата за изложување на покојниот е најмногу три часа пред времето за закопот.

(6) Посмртните останки на лица умрени од заразни болести можат да се внесат во капелата само во специјаленлимен сандак со тоа што отворањето на таквите сандаци не е дозволено.

(7) За чувањето на покојните лица во капелата се плаќа надоместок за одржување на капелата кој го определува Советот на Општината.

**Член 244**

Управителот на капелата во гробиштата е должен:

- постојано да ја чисти и одржува капелата;
- да ги усогласи температурните потреби;
- да поседува постојано осветлување и напојување со електрична енергија;
- да има чисти и уредни санитарни јазли
- да обезбеди дежурна служба.

## 13. ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

**Член 245**

Под одржување на улици и локални патишта се подразбира постојано одржувањето во функционална состојба на улиците и локалните патишта и други инфраструктурни објекти и нивна постојана заштита.

Одржување и заштитата на улиците и локални патишта на подрачјето на општината се врши согласно на Годишна програма донесена од страна на Советот на Општината, а на предлог на Одделението за изградба и одржување на комунална ифраструктура.

Годишната програма треба да содржи: планирање, начин, динамика и мерки за одржување и заштита како и трошоци за извршување на овие работи и извори на средства.

**Член 246**

Одржување и заштитата на улиците и локални патишта на подрачјето на Општината може да го врши јавното комунално претпријатие и други правни и физички лица кои имаат дозвола или одобрение за вршење на ваква дејност.

За спроведување на оваа дејност правните или физичките лица кои имаат дозвола задолжително треба да потпишат договор со општината во кој поблиску ќ е ги дефинират правата и обврските.

**Член 247**

Овластениот субјект за одржување е должен редовно и квалитетно да ги одржува улиците и локалните патишта согласно годишната програма донесена од страна на Советот на Општината, и согласно договорот со Општината.

**Член 248**

Работи за редовно одржување на улиците и локалните патишта се:

- асфалтирање на дупки односно поправка на коловозот и трупот на патот;
- чистење на коловозот, уредување на банкини, замена на ивичњаци;
- чистење и уредување на одводите на патот, риголи, патни канавки, сливници;
- чистење на снег и лед од коловозот,
- посипување на коловозот со сол и абразивни материјали и средства.
- поправка и замена на заштитна ограда на патот и на мостовите;
- отстранување на одрони и материјал од кпизишта;
- поправка на заштитни, потпорни и обложни ѕидови;
- поставување на заштитни мрежи и заштитни габиони;
- одржување на косини, насипи, усеци и засеци:
- работи на одржување на електрични инсталации;
- одржување на прегледност на локалните патишта особено на места за вкрстосување
- косење на трева покрај банкините;
- уредување и одржување на зелените површини и насади во патниот појас;
- редовно собирање на отпадот покрај патот и друго;

**Член 249**

Заради заштита на урбаните улици и локалните патишта забрането е :

- поткопување на улицата или локалниот пат;
- прекопување на коловозната површина без одобрение;
- вршење на градежни работи до самата улица или локален пат без одобрение;
- завземање на земјиште од улицата или локалниот пат;
- спречување на истекување на атмосферски води на определените места;
- насочување на атмосферски води на коловозни површини;
- оштетување и однесување на материјалите и опремата наменети за известување, заштита и одржување на локалните патишта и улици;
- истовар на дрва, влечење на греди, трупци, плугови и слично по коловозните површини;
- вадење на камен над и под коловозната површина ;
- нанесување на кал на улиците и локалните патишта;
- истурање и испуштање на течности, масла, уље, киселини и слично на коловозната површина;
- испаѓање на материјал на коловозната површина;
- отварање и отстранување на покопците (капаците) на уличните шахти и сливници;
- испуштање на стебла и гранки над воздушната линија на коловозната површина
- поставување на висечки кабли под 5 метри над коловозната површина;
- пасење на стока непосредно покрај локалниот пат;
- фрлање на отпадоци на коловозните површини;
- истовар на отпад, шут и други материјали на банкините и покрај коловозната површина;
- оставање на предмети и пречки на патот;
- паркирање на возила и приклучни средства на коловозната површина;
- поставување на светлосни направи покрај патот без одобрение;
- вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува и загрозува улицата, патот или сообракајот.

**Член 250**

Одржувањето на улиците во урбаните населени места и на локалните патишта во зимски услови опфаќа редовно чистење на снегот и фрлање на сол и абразивни средства во услови на голомразица.

Снегот од јавните собраќајни површини се отстранува-чисти кога ќе наврне до 10 см висина, а ако врнежите се непрекидни тој се остранува повеќе пати во текот на денот.

Ледот од јавните собраќајни површини се отстранува веднаш по неговото создавање.

Одржувањето на улиците и локалните патишта се врши по приоритетна шема за чистење утврдена од Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура при општината Крива Паланка.

Начинот, нормативите и други услови за отстранување на снегот и ледот се утврдува со Програма донесена од страна на Советот на општината Крива Паланка.

**Член 251**

Физичките или правните лица кои ја извршуваат Програмата за зимско одржување односно за отстранување на снегот и ледот од собраќајните површини се должни секојдневно да го известуваат Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура при Општина Крива Паланка за состојбата и за извршените работи.

**Член 252**

Јавното комунално претпријатие,,Комуналец” основано од Општината е должно за чистење на снегот и ледот од тротоарските површини на улиците во урбаните населби, паркиралиштата, пешачките патеки, скалила, пристапи до пазари, јавни тоалети, пешачки мостови, плоштади и други јавни површини утврдени со Програмата за јавна чистота.

**14. ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

**Член 253**

Јавен простор за паркирање е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид на возила.

**Член 254**

Јавниот простор за паркирање го определува Општина Крива Паланка за јавна употреба за паркирање на возила (во натамошниот текст: јавни паркиралишта), каде се уредува начинот на изградба, користење и одржување на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето и други прашања од значење за паркирањето.

**Член 255**

Јавните паркиралишта се користат од страна на физички или правни лица (вопонатамошниот текст: корисници) за паркирање на патнички моторни возила, автобуси, товарнии приклучни возила. Како корисник на паркиралиштето, во смисла на оваа Одлука, се сметавозачот или сопственикот на возилото доколку возачот не е идентификуван.

**Член 256**

Изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта од значење за ОпштинаКрива Паланка се во надлежност односно се работи од јавен интерес од локално значење за Општина Крива Паланка.
Работите од став 1 на овој член можат да ги вршат субјекти овластени од Општина Крива Паланка (во натамошниот текст: организатори на паркирањето).

**Член 257**

Дејноста паркирање на јавни паркиралишта вклучува изградбата, одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, како и техничките иорганизациските работи, наплатата и надзорот над паркирањето на возилата и другиработи на јавните паркиралишта, го врши Јавното претпријатие “Калин Камен” – Крива Паланка (во натамошниот текст: ЈП “Калин Камен” Крива Паланка), во соработка со Секторот за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктира при Општина КриваПаланка.

**Член 258**

Користење, одржување и стопанисување со паркиралиште се врши врз основа надозвола, а односите помеѓу Општина Крива Паланка и организаторот на паркирањето сеуредуваат со Договор.

**Член 259**

Системот на паркирањето, определувањето на зоните, времето на паркирањето,ограничувањето на паркирањето, системот на наплата на паркирањето, резервацијата иповластеното паркирање, го определува Советот на Општината Крива Паланка со своја одлука.

Начинот и условите за паркирање, времетраењето на паркирањето, односно неговотоограничување, како и начинот на означувањето на ограничувањето, ги утврдува организаторот на паркирањето, во согласност со Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 260**

Организаторот на паркирањето го определува системот на наплатата и ги уредува ситедруги прашања поврзани со наплатата на паркирањето на јавните паркиралишта.

**Член 261**

Јавениот простор за паркирање односно јавните паркиралишта подетално се уредени со Одлука за јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“. бр. 10 од 2022 година).

## 15. ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

**Член 262**

Под одржување на сообракајна сигнализација и опрема на локалните патишта и улици се подразбира поставување,одржување, замена и поправка на сообракајна сигнализација и опрема на локалните патишта и улици за непречено функционирање на сообракајот и безбедно движење на пешаците.

**Член 263**

(1) Давател на оваа услуга е Општина Крива Паланка.

(2) Корисници на оваа услуга се сите граѓани кои живеат, претстојуват или поминуваат низ општина Крива Паланка.

**Член 264**

Одржувањето на сообракајна сигнализација и опрема е дејност од јавен интерес.

**Член 265**

Улиците во градот се опремуваат со: сообракајна сигнализација и опрема од страна на давателот на услугите врз основа на постоечка документација-одобрен сообраќаенпроект по претходна добиена согласност од Министерството за внатрешни работи.

**Член 266**

(1) Давателот на оваа услуга изготвува годишна програма за поставување, одржување, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сообракајна сигнализација и опрема на локалните патишта и улици, за која согласност дава Советот на општината.

(2) Давателот на услугата може во одредени случаи и непредвидено да изврши поставување, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сообракајна сигнализација и опрема на локалните патишта и улици, ако:

- сигнализацијата е намерно или ненамерно уништена;
- сигнализацијата е однесена;
- има неопходна потреба од брзо поставување на сообракајна сигнализација;

**Член 267**

На сообраќајниот знак и на столбот на кој е поставен знакот, забрането е да се става се што не е во врска со значењето на сообраќајниот знак.

Забрането е неовластено поставување, преместување, отстранување и оштетување на сообраќајните знаци и нивните столбови, опремата на патот или измена на значењето на сообраќајните знаци или уништени.

На пат не смеат да се поставуваат табли, знаци, светла, столбови или други слични предмети со кои се засолнува или се намалува видливоста на поставените сообраќајни знаци или кои со својата форма, боја, изглед или место на поставување имитираат или личат на некој сообраќаен знак или ги заслепуваат учесниците во сообраќајот или го одвраќаат нивното внимание во мера која може да биде опасна за безбедноста на сообраќајот.

**Член 268**

Средствата собрани од комуналната такса приоритетно ќе се користат за поставување, одржување, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сообракајна сигнализација и опрема на локалните патишта и улици.

**Член 269**

Средствата за поставување, одржување, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и опрема на локалните патишта и улици се обезбедуваат од:

комунална такса,сообракајна сигнализација и опрема утврдена со закон надоместок за уредување на градежно земјиште утврден со закон,средства од буџетот на Општината;

средства од буџетот на РСМ

средства обезбедени од самопридонес, кредити, донации и други извори определени со закон.

## 16. ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИ УРЕДИ И ОПРЕМА

**Член 270**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржувањето во функционална состојба на чешми, фонтани, клупи, жардинери,мерни инструменти, градски часовници и други комунални уреди и опрема.

**Член 271**

Одржувањето на комуналните уреди го врши јавно комунално претпријатие или физичко или правно лице со дозвола за вршење на дејноста.

**Член 272**

На плоштадите и поголемите раскрсници може да се постават јавни часовници кои мора да бидат уредени и исправни, и за истите надлежен е давателот на услугата.

**Член 273**

(1) Јавнитоалети може да се градат на јавни места како: плоштад, пазаришта, сообракајници, паркови и излетнички места.

(2) Јавните тоалети мора да бидат опремени со соодветна опрема да бидат уредени исправни и ги исполнуваат санитарно-техничките и хигиенските услови согласно стандардите за нив.

**Член 274**

Во градот може да се постави фонтана, водоскоци и други слични објекти на места на кои со својот изглед ќе ја разубават околината, исто така на јавнитеместа може да се постават и јавни чешми. Притоа водоскоците, фонтаните и јавните чешми мора да бидат исправни и уредни да имаат свој водомер, одводен приклучок и уреден пристап.

**Член 275**

За комуналните објекти како јавни тоалети, фонтани, водоскоци и јавни чешми и други слични објекти за нивно уредување и одржување ке се грижи давателот науслугите.

**Член 276**

Јавните телефонски говорници може да се постават на места каде што граѓаните се собираат или здружуваат, како што се плоштади, пазари, болници, автобуски стојалишта, домови на култура, како и на јавни и опшествени места.

**Член 277**

Поштенски сандачиња можат да се постават на места каде што граѓаните се собираат или здружуваат, на јавни и опшествени објекти, а посебно на места каде има колективно живење како колективни станбени згради, ученички домови, пензионерски домови и сл.

**Член 278**

Јавните телефонски говорници и поштенски сандачиња ги поставуваат и одржуваат претпријатја кои обавуваат дејност на поштенски услуги и телекомуникации.

Давателот на услугата од предходниот став е должен телефонските говорници и поштенски сандачиња да ги одржува уредно и во исправна состојба. Доколку се расипат или оштетат да ги поправи односно стави во употреба најкасно во рок од 3 дена од настанување на дефектот или оштетувањето.

**Член 279**

Поставувањето на јавни часовници, клупи, фонтани, јавни тоалети, водоскоци, жардињери и друга слична опрема и објекти, како и телефонски говорници и поштенски сандачиња на јавни површини може да се изврши само со одобрение на административните органи на Општината Крива Паланка, а според проектите согласни за партерно уредување на просторот.

**Член 280**

Се забранува било какво: оштетување, уништување, оставање на отпад како и попречување на пристапот до јавните комунални и инфраструктурни објекти и уреди за општа употреба.

## 17. ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА И ЗЕМЈОДЕЛСКИ МАШИНИ

**Член 281**

Со оваа Одлука се уредува начинот и постапката за отстранување на неправилно или непрописно запрени или паркирани возила како и дотраени, оставени, оштетени,напуштени хаварисани и неисправни возила, земјоделски машини и нивни орудија на коловозот, јавни површини, градски улици, плоштади, паркиралишта, тротоари, уредени или предвидени за уредување зелени и рекреативни површини и други јавни површини, како и висината на трошоците за нивно отстранување и чување.

**Член 282**

Возачот, односно сопственикот на возилото не смее да го запре или паркира возилото на место на кое тоа би ја загрозувало безбедноста на другите учесници во сообраќајот или би претставувало пречка за нормално одвивање на сообраќајот или за движењето на пешаците и велосипедистите.

На локалните патишта и улици, на места односно на простор наменет за запирање и паркирање на возила, како и на посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци и велосипедисти, забрането е да се оставаат возила кои заради оштетеност, односно дотраеност, не се употребуваат во сообраќајот (хаварисани, напуштени возила, камп приколки и слично), како и други предмети со кои се попречува одвивањето на сообраќајот и се загрозува животната средина.

Возилата и предметите од ставот (2) на овој член, сопствениците по барање на полициски службеник се должни да ги отстранат веднаш.

Доколку сопствениците истите не ги отстранат, како и во случај кога тие се отсутни, возилата и предметите ќе бидат отстранети на трошок на нивните сопственици.

Отстранувањето на возилата и предметите од ставовите (1) и (2) на овој член, го врши надлежно правно лице, на посебно уредени простори за таа намена.

**Член 283**

Под отстранување на возила, земјоделска машина и слично во смисла на оваа Одлука се смета подигање, товарење, транспортирање и растоварање на возилата на соодветен простор, утврден од надлежниот орган.

**Член 284**

Доколку сопственикот не го отстрани возилото, земјоделски машини и слично, како и во случај кога тие се отсутни, возилата и предметите се отстрануваат по добиено решение од општинскиот комуналниот инспектор,

**Член 285**

Доколку возилото, земјоделска машина и слично од член 283, не го отстрани сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, во дадениот рок, кој не може да биде подолг од 15 дена, отстранувањето го врши овластен субјект илидавател на услуга, по налог издаден од општински комунален инспектор.

**Член 286**

Отстранувањето на непрописно паркираните возила, земјоделски машини и слично го врши јавно претпријатие или физичко или правно лице со дозвола за вршење на дејност (давател на услуга).

**Член 287**

Доколку сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото , земјоделска машина и слично не е познат и не се пронајде во рок од 30 дена од денот на откривањето на возилото, општинскиот комуналниот инспектор издава Налог за отстранување на возилото на давателот на услугата.

**Член 288**

Отстранетите возила се чуваат на посебен простор.

Чувањето на возилата го врши овластен субјект на посебен простор ограден и на којпостои организирана чуварска служба.

Чувањето на возилото трае 30 дена.

Доколку сопственикот на возилото не се јави во истекот, на 30-те дена нарачателот на услугата го отуѓува возилото на начин пропишан со Закон.

Просторот каде ќе се собираат неисправните и хаварисани возила го определуваи за истиот дава согласност надлежен орган од Општината согласно урбанистичкитепланови.

**Член 289**

Во случај да во текот на 30-те дена од прибирањето на возилото се јави сопственик на отстранетото возило односно носителот на правото на користење на возилото, истиот е должен да приложи доказ за сопственост како и доказ за сопствениот идентитет.

Примопредавањето на отстранетото возило во случај на сопственост ке се изврши по наплатата на трошоците за отстранување, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 290**

Трошоците за отстранување и чување на возилото, земјоделска машина и слично се на товар на сопственикот на возилото, а висината ја определува давателот на услугата со претходна согласност на Советот на Општината.

## 18. ПРЕКОПУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

**Член 291**

(1) На јавните површини може да се вршат прекопи и слични дејствија заради изградба, реконструкција, поставување и замена на подземни и надземни инсталации и други објекти на комуналната инфраструктура, уреди и комунална опрема, доколку за истото има издадено одобрение/решение во редовна постапка од Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, а прекопот е предвиден со техничката документација и предмер пресметката. Инвеститорот е должен при изведувањето на прекопот да ги почитува одредбите од Законот за градење, Законот за јавни патишта, Законот за безбедност во сообраќајот и другите законски прописи, прекопот да го изврши во што пократок рок и да ја врати прекопаната површина во првобитна состојба.

**Член 292**

Кога прекопот треба да се изврши заради приклучок на корисник на водоводна и канализациона мрежа или кога прекопот се врши за потребите за потребите на ЈП Комуналец или општината, инвеститорот доставува известување до Одделението за Инспекциски надзор при Општина Крива Паланка во кое детално ќе се наведат планиранииите активности за прекопот. ЈП Комуналец ќе ги уреди односите со корисникот за извршениот прекоп, со известувањето ќе ја превземе обврската за изведба на прекопот во најкраток можен рок и за одговорноста за доведување на јавната површина во првобитна состојба, како и почитување на законските прописи околу изведбата на прекопот.

**Член 293**

(1) На јавната површина можат да се вршат прекопувања од 15 март до 15 ноември.

(2) Надвор од предвидениот рок може да се врши прекоп, доколку за тоа постојат оправдани причини, односно загрозување на здравјето и имотот на граѓаните, за што е потребно да се достави барање до Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура при Општина Крива Паланка за издавање на согласност за прекоп надвор од предвидениот рок, со образложение за причините за итноста.

**Член 294**

(1)Во случај на потреба од отстранување на последици настанати од дејство на виша сила или се работи за дефект и хаварија чие неотклонување може да го загрози здравјето и имотот на граѓаните, дозволено е прекопување на јавни површини и без одобрение/решение издадено во редовна постапка.

(2) Во тој случај инвеститорот на работите е должен најкусо во рок од три дена од денот на настанување на последиците од виша сила, дефект или хаварија да поднесе писмено барање до Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура при Општина Крива Паланка за издавање на согласност за прекоп.

(3) Во барањето треба да ги образложи причините за прекопот и да достави технички опис и соодветни цртежи за обемот на прекопот од итен карактер.

(4) Секое физичко и правно лице (инвеститор) кое има потреба за вршење на прекоп на јавна површина од помал обем (површината на прекопот да не е поголема од 5 м2), а нема обезбедено одобрение/решение во редовна постапка, потребно е до надлежниот орган при општината-Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура да поднесе барање за издавање на согласност за прекопување на јавната површина. Со барањето за прекопување на јавната површина инвеститорот е должен да достави Договор со лиценцирана фирма за вршење на градежни работи во кој ќе има и предмер-пресметка, опис и цртежи на потребните градежни работи за изведба на прекопот, како и за враќање на јавната површина во првобитна состојба.

(5) Во Согласноста за прекопот ќе биде определен рокот за извршување на работите, мерките што треба да се превземаат заради заштита на граѓаните и имотот, како и рокот и начинот на доведувањето на јавната површина во првобитна состојба.

(6) Согласноста за прекоп ја попишува Градоначалникот на Општината.

(7) Прекопување на јавна површина не може да се врши непосредно по уредување на истата и тоа најмалку 2 години од денот на уредувањето, освен во случај на потреба од итно отстранување на дефект на комунална инфраструктура.

(8) Надзор за спроведување на Одобрението/решението издадено во редовна постапка во делот на прекопот, како и за спроведување на Согласноста за прекоп, посебно на квалитетот на враќање на јавната површина во првобитна состојба спроведува Одделението за инспекциски надзор.

## 19. ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Член 295**

Под поставување и одржување на јавното осветлување во смисла на оваа Одлука се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба и одржување на објектите и инсталациите за улично осветлување, редовна замена на светлечки тела (сијалици и арматура), поставување нови арматурни светилки, замена на старите со нови економско енергетски ефикасни или штедливи светилки, поставување на нова мрежа, чистење на трасата на мрежата за улично осветлување посебно просторот околу светилките и слично .

**Член 296**

(1) Давател на оваа комунална услуга е секое правно и физичко лице кое поседува дозвола и овластување за вршење на ваква комунална дејност.

(2) Корисник на оваа комунална услуга е секое физичко лице, сопственик или корисник на индивидуален станбен објект и секое правно лице, чии мерни инструменти - струјомери се во функционална состојба односно не се исклучени или ставени во мирување, кои се наоѓаат во рамки на опфатот на системот на улично осветлување.

**Член 297**

(1) За поставување и одржување на јавното осветлување Советот на Општинта донесува Годишна програма.

(2) Годишната програма ја предлага Оделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура. Во програмата е утврдена динамиката и обемот на поставувањето и одржувањето на јавното осветлување како и потребните средства за одржување на јавното осветлување, потоа потрошувачката на електричната енерѓија за јавно осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

(3) Со Програмата за јавно осветлување се утврдува степенот на уредноста, организацијата, годишната потрошувачка на електрична енергија, финансирањето на јавното осветлување, средствата собрани од комуналната такса и бројот на корисниците.

(4) Средствата собрани од комуналната такса приоритетно ќе се користат за плаќање на електричната енергија потрошена за јавното осветлување и за одржување на јавното осветлување, а потоа и за проширување и дополнување на мрежата за јавно осветлување.

**Член 298**

Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура на Општина Крива Паланка е должно да поднесе извештај до Советот на Општината КриваПаланка за реализација на годишната програма за јавното осветлување.

**Член 299**

(1) Со давателот на услугата за одржување на јавнотоосветлување Општината склучува посебен договорза поставување и одржување на јавното улично осветлувањево Општината.

(2) Јавното осветлувањемора да биде направено восклад со современата технологија и истото мора редовно да биде одржувано и восостојбана постојано трајно и квалитетно функционирање.

**Член 300**

(1) Давателот на услугите е должен редовно и квалитетно да го одржува јавното осветлувањевосостојбана постојана функционалност преку целиот ноќен период.

(2) Давателот на услугите е должен навремено да ги превземасите потребни мерки за да недојде до загрозување на животот и безбедноста на граѓаните и нивниот имот од мрежатаи системот за улично осветлување.

**Член 301**

Давателот на услугатавосоработка со надлежното лице од Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура е должен да го прилагоди соодветно јавното осветлување согласно потребите за секој период од годината .

**Член 302**

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување се забранува:

- оштетувањеи уништување на светлосните тела, светлосните столбови, трафостаници и слично.
- поставување и оставање на дрва, градежен материјал возила и сличен материјал и предмети пред и околу трафостаници.
- поставување на реклами на столбовите за јавно осветлување без одобрение на надлежниот орган за комунални работи;
- вршењена ископи околу столбовите без одобрение на надлежниот орган за комунални работи-
- демонтирање и монтирање на арматури и светилки без одобрение на надлежниот орган и
- затварање на окцата на трафостаниците за регулирање на палењето на јавното осветлување;

**Член 303**

Граѓанитекои имаат дрвја во дворовите и на своите имоти чии гранки ја загрозуваат мрежата за улично осветлување или го попречуваатосветлувањето на јавните површини должни се редовно да ги кастратгранките на дрвјата.

**Член 304**

Средствата за поставување и одржување на системот за јавно осветлување се обезбедуваат оа:

- комунална таксаза јавно осветлување утврдена со закон
- надоместок за уредување на градежно земјиште утврден со закон,
- средстваодбуџетот на Општината;
- средства одбуџетот на РСМ
- средства обезбедени од самопридонес, кредити, донации и други извори определени со закон.

**20. АЕРОЗАПРАШУВАЊЕ, ДЕЗИНСЕКЦИЈА ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА**

**Член 305**

(1) Под вршење аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација се подразбира применана превентивни меркии дејстваза уништување и отстранување на причинителии преносители на заразни, инфективни и паразитските болести како: комарци, крлежи, болви, глувци, стаорци, штетни бактерии и други штетници кои што го доведуваат во опасност здравјето на лугето.

(2) Со аерозапрашувањето (аеросолна дезинсекција) се уништуваат штетни инсекти пред се комарци, муви и слично.

(3) Со дезинсекцијата се уништуваат инсекти како што се болви, крлежи и слично кои неможат да се уништат со аерозапрашување.

(4) Со дезинфекцијата се уништуваат штетни бактерии во комунални објекти, водени објекти, превозни средства, пазари и слично.

(5) Со дератизацијата се уништуваат преносители на болести од типот на глодари, пред се глувци и стаорци во канализационите системи, пазари за храна, депонии и слично.

**Член 306**

Целта на аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација е зачувување на здравјето на граѓаните, отстранување на изворите на заразни болести и намалувањее на можностите за пренесување на зарази.

**Член 307**

(1) На предлог на надлежен или овластен орган од општината Советот на Општината Крива Паланка донесува Годишна програма за аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација.

(2) Годишната програма за аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација го содржи начинот, опфатот, периодот на вршење на овие активности, потребните средства како и изворите на финансиските средства.

**Член 308**

(1) Вршењето на аерозапрашување, дезинсекција, дезинфекција и дератизација, општината може да го довери на овластен субјект или правно лице специјализирано за вршење на наведените дејности кое ги исполнува условите пропишани со посебен закон и прописите произлезени од него со кое општината потпишува договор.

(2) Општината може да потпише договор со еден субјект за сите потребни активности, аможе и со пооделни субјекти за секоја активност.

(3) Овластените даватели на услугите, работите треба квалитетно да ги извршат, со соодветни дозволени средства и во рамки на дозволени концентрации без последици по здравјето на луѓето, растенијата, пчелите, рибите и останатите животни.

**Член 309**

(1) Превентивната дезинсекцијата и дератизацијата на населените места и нивната околина се спроведуваат како профилактичка и како против епидемиска мерка заради спречување и отстранување на извори и преносители на болести кои ги пренесуваат одредени глодари, крлежи, болви и сл.

(2) Превентивната дезинсекцијата и дератизацијата на населените места се спроведува каде шго граѓаните живеат, се собираат или здружуваат, исто така и на места како што се автобуски станици, пазари, паркови, колективни станбени згради и јавни површини, подземни инфраструктурни канали и други јавни објектии површини.

(3) Превентивната дезинсекција и дератизација, општината може да ја изведе и со стручна и техничка помош на заводите за здравствена заштита и други правни лица кои ги исполнуваат условите.

(4) Превентивната дезинсекцијата и дератизацијата на населените места се врши на секои шест месеци.

**Член 310**

Во случај на потреба од аерозапрашување истото се спроведува два пати во летниот периодот јуни – септември, аерозапрашувањето се врши на целата територија на Општината, особено покрај водените површини на реките, акумулациите, барите и мочуриштата.

**Член 311**

(1) Превентивната дезинфекција се врши на секои шест месеци.

(2)Таа е задолжителна во здравствените установи, училишните и предучилишните установи,јавни објекти, автобуски станици, базени, спортски сали, пазари и слично.

**Член 312**

(1) Дезинфекцијата, аерозапрашувањето и дератизацијата се вршат со примена на механички, физички и хемиски, а по исклучок и со биолошки (исклучувајќи ги бактериите и вирусите) средства и материи.

(2) Изборот на средствата и методите се врши на секоја конкретна ситуација, според видот на причинителите и факторите, видот на материјалите кои се третираат, степенот на загаденоста и сл., со цел да се постигне што подобар ефект, а да не сезагрозуваат луѓето, животните, растенијата и материјалните добра.

**Член 313**

Надлежниот орган во општината, овластен од Градоначалникот, должен е навремено, преку средствата за јавно информирање да ја извести јавноста за времетои начинот на спроведување на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата, дератизацијата, како и за мерките за заштита што граѓаните треба да ги превземат.

**Член 314**

Вршењето на дератизацијата и дезинфекцијата на станбен и деловен простор паѓа на товар на сопствениците, односно корисниците на објектите.

**21.ЧУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА**

**Член 315**

(1) Под чување на животни и домашни миленици се подразбира поблиско определување на просторот, начинот и условите за чување на животни и домашни миленици во населените места на подрачјето општината.

(2) Во оваа точка од Одлуката се определуват зони во кои се забранува чување на крупна, ситна стока, живина и пчелни семејства како и се определуват зони во кои може времено да се чува стока и живина во опфатот на урбанизирано, но комунално неуредено земјиште, потоа начинот и времето на отстранување , како и определување на услови и нормативи за чување на стока, живина, пчели и сточна храна во урбана средина.

**Член 316**

Поради санитарно-хигиенски и епидемиолошки причини, нарушен естетски изглед на просторот, какоизарадиподобрувањенаквалитетот на живеење се забранува чување на ситна и крупна стока, како и живина во прва, втора, трета и четврта градежна зона во градското подрачје, утврдени според Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за тековната година.

**Член 317**

Се задолжува овластениот градежен инспектор, максимално да го испочитува деталниот урбанистички план на градот и издаде решенија за рушење на бесправно изградените објекти како што се: кочини, кокошарници, козарници ,свињарници и други слични објекти за чување и држање на крупна, ситна стока и живина во забранетите зони наведени во членот 317.

**Член 318**

Чување и држење на добиток и живина, исклучиво за свои потреби, во урбаната градска средина, може времено да се обавува во населбите и улиците од петтата градежно, неуредена зона, се до моментот на нивно уредување, односно до моментот наизградба на фекална канализација и асфалтирање на улицата, меѓу тоа под услов на исполнување на пропишаните хигиенско -санитарните услови утврдени со други законски и подзаконски прописи.

**Член 319**

Во петтата зона определена за времено чување на ситна, крупна стока и живина не е дозволено чување на повеќе од едно грло на ситна или крупна стока, како и до десет броја на живина.

**Член 320**

(1) Чувањето на поголем број на грла на стока и живина воопшто не е дозволено во градежниот опфат на градот.

(2) Чувањето на поголем број на грла на ситна и крупна стока може да се спроведува во објекти изградени со одобрение за градење кои не смеат да се градат поблиску од 500 метри од последните куќи опфатени во зоната на градежниот опфат на градот, како и 300 метри подалеку од куќите за живеење во руралните населби .

(3) Исклучок за чувањето на крупна и ситна стока во руралните населби може да биде, освен ако жителите на руралната населба поинаку се имаат договорено или ако тоа е во согласност со месните обичаи.

**Член 321**

(1) Пчелни семејства не смеат да се поставуваат во градежниот опфат на градот.

(2) Поставувањето на пчелни семејства надвор од градежниот опфат може да се спроведува на одалеченост најмалку 300 метри од објекти за живеење, како и на одалеченост најмалку 150 метри од пат.

**Член 322**

(1) Пердувеста живина (гулаби, шатки, патки, фазани), како и зајци може да се одгледуваат во рамки на градежниот опфат, но под услови ако истите, не пречат на граѓаните, пред се на соседите.

(2) Голубарникот треба да биде изграден во дворното место на сопственикот на голубите, да има бетонски под и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба.

(3) До колку гулабите го попречуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин, надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби во зависност од утврдената фактичка состојба на лице место.

**Член 323**

(1) Објекти за чување на ситна, крупна стока, живина и зајци, не смеат да се поставуват поблиску од 10 метри, до индивидуални станбени и деловни згради и водоснабдителни објекти.

(2) Од објектите за чување на стока и живина не смее да истекува сточна фекална вода надвор на отворено, по површината на земјата.

(3) Сточната фекална вода не смее да се приклучува на системите за одведување на урбани отпадни и атмосферски води, туку истата да се собира во непропусни септички јами.

**Член 324**

(1) Сопствениците на објектите каде е дозволено чување на стока и живина должни се секојдневно да ги чистат и одржуваат истите согласно законските и подзаконските прописи.

(2) Ситната и крупната стока и живината задолжително мора да бидат регистрирани при надлежната ветеринарна установа согласно законските прописи и редовно да биде вакцинирана.

**Член 325**

(1) Во дворните места и бавчите на подрачјето на град Крива Паланка, не може да се сместува и чува сточно ѓубре на отворено место.

(2) Сточното ѓубре може да се собира и чува само во специјално направени затворени јами, буриња со поклопци или врзани најлонски вреки кои на секои 15 дена треба да бидат празнети.

**Член 326**

(1) Во зоните забранети за чување на крупна, ситна стока и живина забрането е складирање на сточна храна и тоа: сено, шума, пченкарни шашки и слама.

(2) Во зоните каде времено е дозволено чување на стока и живина може да се складира наведената сточна храна од став 1 на предходниот член , но под услов истата да не е оставена на јавна површина, како и да биде оддалечена најмалку 20 метри од градежно станбено - деловни објекти.

**22.ЧУВАЊЕ И ЗАЛОВУВАЊЕ НА КУЧИЊА**

Ова точка од одлуката е со цел за зачувување на здравјето на населението, отстранување на изворите за пренесување на заразни заболувања и спречување на расфрлање на отпадот од контејнерите и кантите, односно нарушување на јавната хигиена во градот и приградските населби

**Член 327**

Заради запазување на комуналниот ред и заштита на граѓаните, сопствениците на кучињата се должни своите кучиња преку ден да ги држат во дворните места и тоа постојано врзани, а ноќе може да ги пуштат во своето дворно место, но под услов дворот да е добро заграден без да има пристап на улица.

**Член 328**

(1) Сопственикот кој поседува куче надвор од дворното место може да го изведе исклучиво само на поводник.

(2) Сопствениците на кучиња при шетање на кучињата по јавни површини задолжително со себе треба да носат кеса и ракавица или соодветен прибор за собирање на изметот од неговото куче – миленик, исфрлен на јавната површина.

(3) Давателот на услугата за одржување на јавната чистота е должен на соодветни растојанија на јавните површини да постави соодветни садови за собирање на животински измет.

**Член 329**

Сопствениците на кучиња се должни задолжително да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарната амбуланта со цел здравствено да ги заштитат да ги регистрираат, идентификуваат и соодветно обележат согласно прописите од областа на ветеринарното здравство.

**Член 330**

Во поглед на условите што се однесуваат на живеалиштата, објектите и опремата, како и на хранењето и негата на домашните миленици, регистрирањето на домашните миленици и нивните сопственици, обврската домашните миленици да бидат обележани (со вграден микро чип) заради идентификација, како и вакцинирани и дехелметизирани, важат законите и другите прописи од областа на благосостојбата на животните и ветеринарството.

**Член 331**

(1) Доколку сопствениците на домашните миленици не се придржуваат на одредбите од оваа одлука, домашните миленици ќе се третираат како животни скитници и спрема нив ќе се примени постапката за заловување.

(2) Заловувањето се врши од страна на овластени правни и физички лица кои имаат склучено Договор со Општината.

(3) Заловените улични кучиња привремено ќе се сместуваат и чуваат во соодветни објекти прифатилишта.

(4) Прифатилиштата за уличните кучиња можеда ги изгради општината или правни и физички лица кои имаат дозвола за вршење на ваква дејност.

(5) Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на овие животни.

(6) Заловувањето на уличните кучиња- скитници ќе се врши од квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање на животните.

(7) Кучињата привремено сместени во прифатилиштата, ќе се држат доволно време односно околу 30 дена заради можноста од нивно присвојување.

(8) Во случај кога посвојувањето е невозможно, или кога кучињата се болни и претставуваат сериозна опасност за здравјето на луѓето и животните, тие може да бидат еутанизирани со средства на хумана еутаназија извршена од стручни лица.

(9) Со цел контрола на популацијата на уличните кучиња, кучињата привремено сместени во прифатилишта можат да бидат кастрирани односно ојаловени, вакцинирани, здравствено третирани, соодветно обележани по што можат истите да бидат пуштени во реонот од каде што биле заловени.

**Член 332**

Правните или физичките лица кои управуваат со објектите за привремено прифаќање и сместување односно т.н прифатилишта за кучиња се должни да водат соодветна евиденција која содржи пропишани податоци за прифатените кучиња

**Член 333**

(1) Отстранувањето на пцовисани кучиња и кучиња згазени од сообраќајни средства на локалната и градска патна мрежа ќе се врши исклучиво во животинската јама за умрени животни лоцирана во јавната градска депонија во атарот на село Конопница која е определена од страна на Советот на Општината.

**Член 334**

(1) Сопствениците и одгледувачите на кучиња се должни да превземат мерки за да обезбедат благосостојба на животните кои се под нивна грижа и на истите да не им се предизвикува никаква непотребна болка,страдање или повреда.

(2) Кучињата се чуваат и одгледуват во соодветни боксови за кучиња со запазени хигиенски услови за нивен престој.

**Член 335**

(1) Не е дозволено напуштање на кучиња или оставање на нивен подмладок

(2) Не е дозволено поставување на објекти за чување на кучиња непосредно до улица .

## 23. ИЗВРШУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

**Член 336**

Под извршување на градежни работи, складирање и чување на градежни материјали на јавни и сообракајни површини се подразбира регулирање и уредување на начинот, постапката и обврските при извршување на градежни работи и складирање на градежни материјали на јавни површини и време на користење на делови од јавни и сообракајни површини од страна на правни и физички лица .

**Член 337**

(1) За истовар, сместување и утовар на градежен материјал, подигање на скелиња, поправка на фасади на згради и слични градежни работи, може повремено да се користат јавни површини или неизграденоградежно земјиште.

(2) Одобрение за користење на јавните површини или на неизградено градежно земјиште за градежни работи од претходниот став на овој член, на барање на изведувачот, дава надлежен административен орган на Општина Крива Паланка овластен од страна на Градоначалникот на Општината

(3) Ако за градежни работи се користат тротарите или други јавни површини и пешачки патеки, изведувачот мора да прибави одобрение и од надлежниот орган кој ги одржува тие површини.

**Член 338**

(1) Во одобрението треба да се одредат условите и начинот на истовар и сместување на градежниот материјал, мерките на сигурност, како и времето на истовар, времето на користење и сместување на материјалот, износотна сретствата за користење на јавната површина, освен кога тие работи се вршат за потребите на Општина Крива Паланка.

(2) При извршување на горе наведените работи, пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите и улиците. Јавните површини кои се зафаќаат мора да се оградат со оградакоја треба да се одржува прописно, означи и осветли. Материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води и одвивањето на сообракајот.

**Член 339**

Во текот на извршување на работите изведувачот е должен:

- Да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид градежен и друг материјал, кал и сл. кој се наоѓа на јавната површина и е последица од вршење на неговата дејност;
- При рушење на градежни објекти изведувачот на работите должен е материјалот што се руши или врши утовар на материјалот да го полива со вода заради спречување на ширење на прашина;
- Сливниците од атмосферската вода во близина на местото каде што се вршат градежните работи во текот на работата редовно да се чистат и функционирањето на истите не смее да се попречува ;
- Да го депонира градежниот материјал од градилиштето на начин пропишан со закон.

**Член 340**

(1) Изведувачот на работите е должен да создаде услови, земјата и градежниот материјал да не се растура на јавна површина, ако работите траат повеке од 24 часа,

(2) Мешањето на бетон и друг материјал мора да се врши во соодветни садови.

(3) Забрането е мешање на бетон, малтер и слично на јавни површини;

**Член 341**

(1) Премините под скелето мора да бидат заштитени од паѓање на материјал со кој се гради и тоа со заштитен кров на висина од 3 м над тротоарот, а скелето треба да се направи така да под него може да се поминува. Пешаците мора да се заштитат при поминување под скелите со водорамни и вертикални заштитници.

(2) При вршење на градежни работи на тераси, кровови и скелиња, забрането е испаѓање на материјал директно на јавна површина .

(3) Секој изведувач на градежните работи, на места на кои истите се изведуваат, претходно, местото мора да го обезбедиили истото со одобрение да го затвори за движење по јавната површина.

**Член 342**

(1) Ако градењето од било која причина биде запрено на подолго време, изведувачот на работите е должен е да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини.

(2) Ако јавната површина служи за истовар и утовар на растресит градежен материјал како песок, земја, и сл., на јавната површина може да се стави толку материјал, колку што ќе може да се користи или употреби за еден ден.

**Член 343**

Покрај јавните дрвореди не смее да се остава, бетон, малтер, гипс и секаков вид на бои и лакви или да се испуштаат други течности.

Изведувачот на градежните работи на објектот, пред почнување со градење, должен е да ги заштити постојните дрвја и украсните насади од оштетување, а по завршување на градежните работи, јавната површина да ја врати во првобитната состојба најкасно во рок од 3 дена по завршување на работата.

Ако во рокот предвиден во предходниот став, јавната површина не се врати во првобитната состојба, по предходна опомена, давателот на услугитеќе го исчисти и уреди просторот односно, ќе ја воспостави поранешната состојба на трошок на изведувачот на градежните работи.

**Член 344**

Изведувачот на градежните работи, најкасно во рок од 3 дена од завршувањето на работата, мора да го отстрани целиот градежен материјал и опремата, а површината ја доведе во состојба во која била пред извршување на работата и за тоа да го извести комуналниот инспектор на Општината дека површината повеќе не му е потребна.

**24. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ШТО СЕ СОЗДАВА СО ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ**

**Член 345**

Под постапување со отпад што се создава со изведување на градежни работи утврдени со закон се подразбира собирање,транспортирање и депонирање на градежен отпаден материјал кој нема својство на комунален и технолошки отпад, а под кој се подразбира ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли,остатоци од плочки,керамика и друг сличен материјал на определени и уредени депони како и одржување на депониите .

**Член 346**

(1) Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадци кои немаат својство на комунален отпад се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот до определените депонии или истите градежниот отпад да го предадат на овластени правни и физички лица кои собираат ваков вид на отпад .

(2) Правните и физичките лица кои го предале градежниот отпад на лица кои собираат ваков вид на отпад должни се да поседуваат доказ дека градежниот отпад го депонирале на определена депонија за ваков вид на отпад.

(3) Јавното комунално претпријатие по барање на физички или правни лица може да врши собирање на градежен отпад до 2 м3 ако за тоа поседува соодветни возила.

(4) За собирањето на градежниот отпад корисникот на услугата плаќа надоместок на давателот на услугата чија висина ја определува Управниот одбор на претпријатието согласно методологија на трошоци.

(5) Согласност за висината на надоместокот за собирање, транспртирање и депонирање на градежниот отпад, дава Советот на Општината на Крива Паланка.

**Член 347**

(1) Депонирањето на градежниот отпад се врши на локации, односно на определени места за ваква намена од страна на Советот на Општината, а во согласност со урбанистичките планови на Општината.

(2) Уредувањето и управувањето со депониите за градежен отпад го врши јавното комунално претпријатие основано од Општината или друго правно или физичко лице кое има дозвола за вршење на ваква дејност согласно на закон како и согласност од Општината.

**Член 348**

Давателот на услугата кој управува со депонијата за градежен отпад е должен :

- да поседува Програма за управување со депонијата
- да изврши оградување на депонијата
- да истакне информативна табла за времето и начинот на користење на депонијата;
- да врши редовно порамнување на отпадот;
- да издава потврди за видот и количините на примениот отпад
- да изврши култивирање и прописно затварање на депонијата и
- вршење на други работи.

**Член 349**

(1) За депонирањето на градежниот отпад на определените депонии, физичките и правните лица плаќаат надоместок за депонирање кој со посебна одлука го утврдува Советот на Општината.

(2) Надоместокот ке се уплатува на сметка на Буџетот на Општината како надоместок за управување со отпад.

(3) Средствата кои ке се собираат по овој основ се наменски за одржување, уредување и прописно затварање на депонијата.

**Член 350**

(1) Градежниот отпад кој се создава и настанува со изведување на градежни и занаетчиски работи како и работи од рушење и отстранување на објекти не смее да се собира и остава на јавни површини .

(2) Се забранува ставање на градежен отпад во контејнери, буриња за комунален отпад како и оставање на градежен отпад покрај садови за комунален отпад.

(3) Се забранува оставање, односно истоварување на градежен отпад надвор од определените места за депонирање на градежен отпад.

(4) Се забранува транспортирањето на градежниот отпад да се врши со несоодветни транспортни возила и без церадна покривка.

(5) Забрането е испаѓање и истурање на градежен отпад на сообракајни површини и исфрлање на прашина .

**Член 351**

Депонирање на ископана земја во одредени количини утврдени од страна на јавното комунално претпријатие може да се депонираат во комунално-санитарна депонија лоцирана во село Конопница притоа за депонираната земја на правните и физичките лица кои сами ќе ја депонираат земјата нема да се наплаќа надоместок за депонирање .

**Член 352**

Надлежниот орган на Општината за изградба и одржување на комунална инфраструктура можево одредени случаи, да одобри со посебно одобрение депонирање на земјен материјал и на други локации во градот и општината со цел насипување, пополнување на поткопани површини, пополнување покрај потпорни и заштитни ѕидови, спречување од можно поплавување на земјиште и слично, ако за тоа одговара градежниот материјал .

**24. СЕЧЕЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ОГРЕВО ДРВО И ЈАГЛЕН НА ЈАВНИ И СООБРАКАЈНИ ПОВРШИНИ**

**Член 353**

(1) Под сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообракајни површини опфаќа поблиско определување на услови и начини на оставање, сечење, цепење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообракајни површини.

(2) Истовар на огревни дрва и јаглен, сечење и цепење на огревни дрва се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

(3) Во исключителен случај ако нема каде, но со претходно добиено одобрение од надлежен орган дел од јавната површина може да се употреби за истовар на огревни дрва или јаглен, за сечење на огревни дрва, но без да се спречува или попречува нормалното одвивање на сообракајот, движењето на пешаците и истекувањето на атмосферските води.

**Член 354**

Дрвата за огрев или јагленот мора да се отстранат од јавна површина во рок од 3 дена по истоварот, а употребената јавната површина веднаш да се исчисти и донесе во првобитно, чиста и функционална состојба.

**Член 355**

(1) Дрвата за огрев или јагленот мора да се отстранат од сообраќајна коловозна површина веднаш по истоварот на истите, а употребената сообраќајна површина да се исчисти и донесе во првобитно чиста и функционална состојба.

(2) Најстрого се забранува истовар и складирање на огревни дрва и јаглен на непрегледни сообракајни простори, кривини, приклучни и исклучни места, водоводни и канализациони шахти, сливници како и места означени како црни сообракајни точки.

(3) Исто така се забранува истовар на огревни дрва и јаглен непосредно пред влезовите во училишта, детски градинки, болници и амбуланти како и испред колективни садови за отпад како контејнери и сл.

**Член 356**

(1) Се забранува истовар и складирање на огревни дрва во уредени парковски површини и во уредени речни корита .

(2) Се забранува складирање на огревни дрва на кејските ѕидови на речните корита.

**Член 357**

(1) Истовар и сладирање на огревни дрва и јаглен на неуредени јавни површини може да се изврши на подолго време, но само со одобрение од надлежен орган на општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

(2) Во одобрението мора да биде назначен временскиот период на складирање, како и висината на надоместокот за извршеното складирање.

**Член 358**

(1) Се забранува секакво складирање на огревни дрва и јаглен на јавни и сообракајни површини .

(2) Местата и времето на складирање на огревни дрва и јаглен кај колективните станбени живеалишта се определува од страна на ќукниот совет на станари односно заедницата на станари, но не надвор од дворното место на зградите, како и испред главните влезови и прозорите и терасите на првите катови и приземјата.

**Член 359**

(1) Се забранува цепење на огревни дрва на асвалтирани сообраќајни површини како што се: коловози, улици, тротоари, патеки, паркиралишта, како и на уредени бехатонски и бетонски јавни површини и сл.

(2) Во случај на нарушување на наведените површини на начин и место од став 1 на овој член покрај предвидената глоба, трошоците за довededување на површините во првобитна состојба, по извршена проценка на настаната штета од стручно лице, паѓаат на товар на сторителот на недозволеното дејствие.

**Член 360**

Сопствениците на огревните дрва или јаглен се должни веднаш по истоварот и сечењето на огревните дрва да ги соберат остатоците и одпадниот материјал од дрвата како што се: кори, пилевина и струготини од јавните и сообраќајни површини и истите ги доведат во чиста и уредна состојба.

**Член 361**

(1) Се забранува фрлање и оставање на одпаден материјал од огревни дрва како (кори, пилевина и струготини ) на јавни и сообракајни уредени или неуредени површини, речни корита и водотеци .

(2) Исто така се забранува палење на одпаден материјал од огревни дрва пред се кори, пилевина и струготина на јавни и сообракајни површини .

(3) Палење на струготини и пилевина може да се извршува само со специјализирани печки и на начин утврден со пропис од надлежен орган .

## 24. ВРШЕЊЕ НА ОЏАЧАРСКИ РАБОТИ

**Член 362**

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење на оџаци и опрема за одведување на чад и опрема за ложење.

**Член 363**

(1) Заради организирано, навремено и квалитетно вршење на оџачарски услуги на подрачјето на Општина Крива Паланка во рамки на јавното комунално претпријатие основано од Општината може да се формира посебна служба за вршење на оџачарски услуги,

(2) Службата за вршење на оџачарски услуги треба соодветно кадровски да биде екипирана, технички опремена и соодветно униформирана.

(3) Оџачарските услуги на територијата на општината може да ги вршат и други физички и правни лица со дозвола за вршење на комунална дејност и овластување од Општината.

(4) Висината на цената и начинот на плаќањето го утврдува давателот на услугата.

**Член 364**

(1) Корисници на оџачарските услуги се сите сопственици и корисници на стнбени и деловни објекти, заедници на станари на територијата на Општината Крива Паланка.

(2) Оџачарските услуги се вршат на барање на сопственикот, односно корисникот на објектот, кој потпишува договор со давателот на услугата пред извршување оџачарските услуги.

(3) Трошоците за оџачарските услуги паѓаат на товар на сопственикот, односно корисникот на објектот каде се врши чистењето на оџакот.

**Член 365**

Секој сопственик, односно корисник на станбен или деловен објектот должен е редовно да ги чисти одржува оџаците и опремата за чад со цел да не предизвика несакани последици по животот, имотот и материјалните добра на самиот себе и на соседите.

**Член 366**

(1) На барање на корисникот на услугата, давателот на услугата е должен по потпишување на договорот да изврши чистење на оџакот или оџаците.

(2) Давателот е должен писмено да го извести корисникот за денот и времето на чистење на оџаците.

(3) Во случај на спреченост, лоши временски услови давателот на услугата е должен веднаш да го извести корисникот на услугата за новиот термин на чистење.

**Член 367**

Станарите во колективните станбени згради или повеке сопственици и корисници на одредени станбени и деловни објекти се должни на лицето кое врши оџачарски услуги да му овозможат непречено чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок најмалку пет дена пред отпочнување на чистењето.

## 27.ОТСТРАНУВАЊЕ НА СНЕГОТ И ЛЕДОТ

**Член 368**

(1) Отстранувањето на снегот и ледот во Општината се врши согласно одредбите на оваа Одлука и според Програмата за зимско одржување на сообраќајната мрежа во Општината.

(2) Програмата од претходниот став на овој член ја доставува Оддел.за изградба и одсржување на комунална инфраструктура до Советот на Општината најдоцна до 15 октомври за наредната зимска сезона.

**Член 369**

(1) Програмата за зимско одржување на градските улици и локалните патишта содржи:

- организациона поставеност и обврски на овластениот субјект за зимско одржување на улиците и локалните патишта и на другите учесници поврзани со извршување на работите околу отстранувањето на снегот и ледот;
- обем, динамика и нивно функционирање на овластената зимска служба за отстранување на снегот и ледот;
- сообракајници со приоритет на отстранување на снегот и ледот, како и за посипување и оставање на соодветен абразивен материјал и список на критични точки и витални објекти;
- број и вид на механички средства, нивна намена, начин и распоред на користење;
- број и распоред на лица кои учествуваат во извршувањето на работите сврзани со отстранување на снегот и ледот;
- обврски, услуги и средства на други учесници кои се вклучуваат во случај на потреба;
- места определени за депонирање на снегот; и

- потребни финансиски средства за спроведување на Програмата и слично.

(2) При изготвување на Програмата за зимско одржување на улиците и локалната патна мрежа првенствено се земаат во предвид сообракајниците по кои се одвива главниот јавен градски превоз, каде се наоѓаат здравствените, детските установи, училишта, центри за снабдување на граѓаните, како и можност за изнесување на сметот и ѓубрето од населените места.

**Член 370**

Овластениот субјект кој ги користи јавните отворени и затворени зелени пазари односно стопанисува со нив должен е да се грижи за отстранување на снегот од пазаришниот просторот и патеките за период на возилата за снабдување како и патеките за движење на купувачите.

**Член 371**

(1) Јавното комунално претпријатиее должно да ги оспособи сливниците и отворените улични шахти и отворени канали и да се грижи за нивно функционирање за време на топењето на снегот и ледот.

(2) Јавното комунално претпријатие е должно редовно да врши отстранување на снегот и ледот од тротоарите, јавните пешачки патеки и приоди до колективните садови за смет и ѓубре, пристапи до јавните тоалети, пристапи до зелениот пазар, мостови и други површини согласно Програмата за јавна чистота во зимски услови.

(3) Овластениот субјект за регионален и меѓуопштинскисообраќај-Македонија пат -подружница Крива Паланка е должен да го отстранува снегот од претходните патишта, како и од автобуските стојалишта и тоа по однапред зацртана шема на приоритети.

(4) Одделението за сообракај при Полициската станица во Крива Паланка е должно да превземе мерки за отстранување на возилата во исправна состојба од улиците и локалните патишта за да може соодветната зимска служба успешно да го острани снегот и ледот од улиците и локалните патишта.

**Член 372**

(1) Чистењето на снегот и ледот пред индивидуалните станбени објекти, чистењето на снегот од дворовите на колективните и индивидуалните станбени згради, како и отстранување на снегот и ледот од покривите, ако тоа претставува опасност за минувачите, се грижат граѓаните, односно сопствениците на имотот, носители на станарско право и закупците на објектите.

(2) Обврските од претходниот став траат непрекинато секој ден за време на зимски услови и тоа 06 - 22 часот.

**Член 373**

(1) За чистење на снегот и ледот од тротоарите пред деловните објекти како и од дворовите и покривите на деловните објекти, ако снегот и ледот претставуваат опасност за минувачите се грижат претпријатијата, установите и другите правни и физички лица односно сопствениците на имотот, носители на станарско право и закупците на објектите.

(2) Ако во приземејето на станбената зграда или индивидуалната зграда има деловен простор, тогаш за остранување на снегот и ледот пред просторот должен е да се грижи и истиот го исчисти сопственикот, односно корисникот на деловниот простор.

**Член 374**

За остранување на снегот и посипување на тротоарот со абразивен материјал пред објект во градба се грижи изведувачот на работата.

**Член 375**

Доколку субјектите од членовите од 377 и 378 на оваа Одлука не ги извршуваат своите обврски ни во рокот што е одреден во решението на Комуналниот инспектор, истиот ќе наложи на овластениот субјект за одржување на улиците, да ги изврши обврските на сметка на тие субјекти кои не постапиле по решението.

**Член 376**

Снегот од коловозите и тротоарите се собира на работ на тротоарот, а ако тротоарот е со потесна ширина од 1,5 м. тогаш на работ од коловозот при што се внимава да не сезатрупат сливниците и да не се наруши движењето на пешаците и возилата.

**28. УКРАСУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА**

**Член 377**

Под украсување на населените места се подразбира подобрување на естетскиот изглед на населените места преку уредување на просторот уредување на надворешните делови на зградите, балконите, излозите, одржување на дворовите и оградите, поставување на реклами и информативни табли, поставување на декоративно осветлување во посебни прилики, поставување на знамиња на посебни свечености и празници и други активности кои ке го подобрат амбиентот во населенеите места.

**Член 378**

(1) Украсувањето на станбените и деловните објекти и нивните дворови во населеното место е обврска на секое физичко и правно лице во рамки на неговите можности и средства.

(2) Украсувањето на јавните простори и површини во населените места е обврска на општината, односно на Јавното комунално претпријатие, на друго правно и физичко лице кое има дозвола за вршење на ваква дејност со кое општината има потпишано договор со кој поблиску се уредува начинот и обврските кои произлегуваат од оваа комунална дејност.

**Член 379**

(1) Дворовите, градините и други слични површини пред станбените и деловните објекти, сопствениците и корисниците се должни да ги одржуваат уредно и чисто по можност засадени со цвеќе, трева и декоративни билки.

(2) Зелените површини и неизградденото градежно земјиште покрај јавните и сообракајните површини задолжително да бидат холтикултурно уредени, со трева , цвекиња и дрвја,

**Член 380**

(1) Оградите покрај јавните површини мораат да бидат изработени така да се вклопуваат на околината.

(2) Во урбаното градско подрачје не се препорачува поставување на ограда од бодликава жица со колци и слично.

(3) Правните и физичките лица се должни оградите покрај јавните површини да ги држат уредни, да не пречат на видливоста во сообракајот и да не претставуваат опасност за населените места.

(4) Оградите од украсно зеленило или жива ограда покрај јавните и сообракајните површини мораат редовно да се одржуваат и најмалку двапати годишно да се кастрат за да не сметаат на сообракајот и на пешаците.

(5) Гранките и стеблата на дрвјата кои се надвиснати над оградите задолжително да се кастрат за да не пречат на движењто напешаците,сообраќајот и на јавното осветлување.

(6) Одржувањето и бојадисувањето на заштитните огради на мостовите и заштитните огради на одредени простори е во надлежност на јавно комунално претпријатие или на други правни и физички лица кои имаат договор со општината.

**Член 381**

(1) На прозорците, балконите, оградите и на слични други делови на станбените, индивидуални и колективни објекти се препорачува поставување на цвеќе и украсни билки на начин на кој нема да се загрози безбедноста на граѓаните.

(2) Не е дозволено поставување на саксии, слободно на прозорите и балконите без соодветни заштитни мерки (државчи, прстени, огрлици и слично)

**Член 382**

(1) Забрането е уништување и нагрдување на фасадите на зградите, испишување на пораки, цртање на графити и слично.

(2) Цртањето на соодветни декоративни графити може да се врши само на места определени за таква намена од надлежен орган на Општината.

**Член 383**

(1) Излозите на продавниците и другите деловни објекти мораат да бидат естетско уредени и аранжирани.

(2) Разните натписи, реклами, соопштенија и слично кои се поставуваат на излозите потребно е естетски да бидат обликувани и со ред поставени.

(3) За време на новогодишните, божиќните и други празници се препорачува излозите соодветно да бидат украсени и осветлени.

(4) За време на државни празници и соодветни прилики и свечености задолжително е истакнување или поставување на државното знаме.

(5) Забрането е поставување на рекламни и информативни табли без одобрение на надлежен орган на Општината.

**Член 384**

(1) По повод државни празници и други значајни датуми и настани се врши украсување на градскиот плоштад и главните улици во градот, а во исклучителни прилики и со одобрение на административниот орган на Општина Крива Паланка се врши и украсување на мостовите и кејовите.

(2) Украсувањето се врши со знамиња, светлечки тела и други пригодни украсни елементи, со одобрение на надлежен орган на општината.

(3) Украсувањето од претходниот член на оваа Одлука Општина Крива Паланка може да го довери и на овластен субјект правно или физичко лице.

**Член 385**

(1) По повод државни празници,настани и свечености сите јавни и општествени организации и институции се должни да го истакнат државното знаме на Република Северна Македонија на јавни и видни места.

(2) Поставувањето на државни знамиња, знамиња на општината и други соодветни знамиња за соодветни настани и свечености на и покрај јавните сообракајни површини, на главната улица го врши определен давател на услуга од страна на Советот на Општината, со свои или со знамиња сопственост на Општината.

**Член 386**

(1) Во интерес на подобро украсување на градот и другите населени места на предлог на разни субјекти може на одредени простори да се поставаат споменици, бисти и други уметнички форми кои ке потсетуваат за одредени личности и настани .

(2) Видот, типот и локациите за ваквите творби ги определува Советот на општината.

**Член 387**

Забрането е да се оштетуваат и уништуваат и присвојуват знамињата, украсите и други декоративни елементи од јавните површини.

**МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ОДЛУКАТА**

**Член 388**

(1) Инспекциски надзор над јавните претпријатија за вршење на комунални дејности основани од општината и овластените субјекти на кои општината им доверила вршење на соодветни комунални дејности согласно со закон, како и над примената на одредбите од оваа одлука, вршат комунални инспектори на Општина Крива Паланка

(2) Спроведувањето на одредени одредби на оваа одлука во кои се утврдени забрани или обврски за преземање на активности или за воздржување од нивно превземање, комуналните инспектори на Општина Крива Паланка ќе го обезбедуваат преку соработка и содејство со органи на државната управа или со овластени лица во овие органи (униформирани полициски службеници и други овластени инспектори) кои согласно закон и друг пропис се надлежни за постапување по соодветната материја.

**Член 389**

Комуналниот инспектор на Општина Крива Паланка има право и должност да:
- ја следи примената на оваа одлука и прописите и актите донесени врз основа на оваа одлука;
- ги опоменува правните и физичките лица за однесување што не е во согласност со закон и со оваа одлука и да бара од нив преземање на соодветни мерки;
- нареди извршување на работите, ако утврди дека тие не се извршуваат, односно неправилно или непотполно се извршуваат;
- забрани вршење на работи без одобрение на надлежен орган, односно спротивно на тоа одобрение;
- нареди отстранување на објекти, уреди и опрема, поставени спротивно на урбанистичко-техничката документација;
- ги извести надлежните органи или овластените лица и да побара нивно постапување и интервенција во случаи од ставот (2) на член 101 на оваа одлука;
- покрене постапка пред надлежен суд и
- презема и други дејствија и мерки за кои е овластен.

**Член 390**

(1) Во вршењето на инспекцискиот надзор, комуналниот инспектор следи и утврдува состојбите и презема мерки, при што е должен да состави записник и да го достави на субјектот на кого се однесува инспекцијата.
(2) Врз основа на записникот од ставот (1) на овој член комуналниот инспектор донесува решение со кое го определува начинот и рокот на отстранување на недостатокот.
(3)Доколку субјектот од ставот (1) на овој член сам не го отстрани недостатокот, комуналниот инспектор ќе даде налог за извршување на давателот на услугата, при што трошоците паѓаат на товар на субјектот.

**Член 391**

(1) За постапување спротивно на одредбите на оваа одлука, комуналниот инспектор ќе му изрече на сторителот глоба согласно закон.
(2) За постапување спротивно на одредбите на оваа одлука, на сторителот – физичко лице глоба согласно Законот за комунални дејности може да му изрече и комуналниот редар.
(3) Сторителот, покрај глобата е должен да ги плати трошоците предвидени со одлуката, како и надомест на штета.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 392**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред во Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр 8/2013).

**Член 393**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објавуви во “Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2379/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22.05.2023 година** **Претседател**

**криваПаланка** **ИзабелаПавловскас.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 28** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**25.05.2023 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 14, став 1, точка 26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 , 01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година**

1.Со оваа одлука се усвојува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка “.

**Бр. 09- 2379/29**
**22.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 30**<br>**25.05.2023 год.**<br>**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**<br>**Градоначалник,**<br>**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1,т.26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21 , 01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката на ЈП Комуналец бр.02-423/3 од 10.05.2023 година донесена од УО на ЈП Комуналец Крива Паланка , за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2379/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** **22.05.2023 год.**

**Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2 ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 32**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1,т.26 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10,12/10 ,08/2014,02/18, 03/19 , 08/21,01/23 и 05/23 ), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Одлуката на ЈП Комуналец бр.02-423/2 од 10.05.2023 година донесена од УО на ЈП Комуналец Крива Паланка , за обезбедување на гаранција за плаќање на доглгот кон УЈП на рати .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2379/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** **22.05.2023 год.**
**Крива Паланка** **Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП за обезбедување на гаранција ,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 34**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15,

217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10,12/10,08/2014,02/18, 03/19, 08/21 , 01/23 и 05/23 ), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Узем на к.п.бр.1206 во КО Узем, Општина Крива Паланка сопственост на Гоце Цветановски и Станојко Цветановски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Узем.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Узем за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2379/35**
**22.05.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 36**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник

на Општина Крива Паланка“ бр.08/10,12/10,08/2014,02/18, 03/19, 08/21, 01/23 и 05/23 ), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во село Узем на к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка сопственост на Раде Китановски и Горан Китановски.

**Член 3**

На овој локалитет нема урбанистички план за село Узем.

**Член 4**

Со изработка на урбанистички план за село Узем за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2379/37**
**22.05.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 38**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправни објекти („Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15,

217/15, 31/16, 190/2017 и 174/21) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10,12/10,08/2014,02/18, 03/19, 08/21, 01/23 и 05/23 ), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.05.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓа во нас. Кошари на к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка сопственост на Весна Стојановска и Боре Стојановски.

**Член 3**

На овој локалитет според постојниот ГУП урбанистички план за Крива Паланка е предвидено намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 4**

Со изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка за овој локалитет ќе се предвиди намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2379/39**
**22.05.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.2626/1во КО Крива Паланка Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.2626/1 во КО Крива Паланка Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 25-та седница, одржана на ден 22.05.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2379/ 40**
**25.05.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Ред.бр** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 К2 и К3 за I квартал за 2023 година.....1
2. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 К2 и К3 за I квартал за 2023 година.....2
3. Одлука за проширување на сретствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.....3
4. Заклучок за објавување на Одлука за проширување на сретствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година.....7
5. Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје.....8
6. Заклучок за објавување на Одлука за отстапување на Е-Отпад на Општина Крива Паланка на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје.....9
7. Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема.......10
8. Заклучок за објавување на Одлука за искнижување од деловните книги на расходувана електронска, сметачка и друга опрема, канцелариски намештај и друга опрема, ПП опрема и ПП апарати и останата неспомната опрема.....13
9. Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест.....14
10. Заклучок за објавување на Одлука за давање право на користење недвижна ствар без надомест.......15
11. Решение за разрешување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка...........16
12. Заклучок за објавување на Решение за разрешување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка.....17
13. Решение за именување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка.................18
14. Заклучок за објавување на Решение за именување на член на Управен одборот во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка.....19
15. Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ОУД „Боро Менков„ Крива Паланка .....20
16. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2024 година на ОУД „Боро Менков„ Крива Паланка.....21
17. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Дтелинка Крива Паланка.....22
18. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за измени на правилникот за систематизација на работните места во ОУЈДГ Детелинка Крива Паланка 23
19. Одлука за аплицирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти„24
20. Заклучок за објавување на Одлука за аплицирање на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти.....25
21. Одлука за донесување на план за парцелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за „Дел 1„ од урбан блок 11 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка ................26
22. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на план за парцелација составен дел на урбанистички проект со план за парцелација од ДУП за „Дел 1„ од урбан блок 11 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка.....27
23. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски сретстсва за изградба ,реконструкција ,одржување и заштита на општинаските патишта и улици во Општина Крива Паланка .....28
24. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување на финансиски сретстсва за изградба ,реконструкција ,одржување и заштита на општинаските патишта и улици во Општина Крива Паланка.....39
25. Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка 40
26. Заклучок за објавување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Крива Паланка.....101

27. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година........................................................................................................................................102
28. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2023 година........................................................................................103
29. Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2.................104
30. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за купопродажба на недвижен имот –земјиште на КП.бр.2909 м.в.Царски рид – култура 150000,класа 3 , во површина од 176 м2...........................................................................................................................................105
31. Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција ............106
32. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП Комуналец за обезбедување на гаранција.........................................................................................................................107
33. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка.........................................108
34. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1206 во КО Узем Општина Крива Паланка...109
35. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка........................................110
36. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1594 во КО Узем, Општина Крива Паланка..111
37. Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка..................112
38. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 2626/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка..........................................................................................................................................113